СУГС гимназија „Никола Карев“ - Скопје

# САМОЕВАЛУАЦИЈА

2022-2024



Август, 2024

## Содржина


Вовед во самоевалуацијата на училиштето ........ 3

Цели на самоевалуацијата ........ 4

Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата ........ 5

Формирање тим за самоевалуација ........ 6

Преглед на индикатори за квалитетот на работата на училиштето ........ 7

Наставни планови и програми ........ 15

Постигања на учениците ........ 47

Учење и настава ........ 65

Поддршка на учениците ........ 88

Училишна клима и односи во училиштето ........ 116

Ресурси ........ 133

Управување, раководење и креирање политика ........ 157

# Вовед

Самоевалуацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.

Училишната самоевалуација е колаборативен, рефлективен процес на внатрешната училишна објективна но и субјективна перцепција. За време на самоевалуацијата на училиштето, директорот, заменик-директорот, раководителот на настава, психолошко-педагошката служба, наставниците, под раководство на тимот за самоевалуација, и во консултација со родителите и учениците, се вклучуваат во рефлексивно испитување на работата на училиштето.

Самоевалуацијата на училиштето е од витално значење за подобрување и развој на училиштето. Овој документ овозможува на училиштето да преземе иницијатива за подобрување на квалитетот на образованието што го обезбедуваат на своите ученици, да се потврди и да се надоврзе на она што добро функционира, да се идентификуваат областите кои имаат потреба од развој и да се одлучува за активностите што треба да се преземат за да се постигнат подобрувања во тие области, како и да известува до училишната заедница за силните страни во работата на училиштето и неговите приоритети за подобрување и развој.

## Цели на самоевалуацијата

➢ Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата.

➢ Ефективно и ефикасно раководење на директорот со училиштето.

➢ Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти : директор, стручни соработници, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем.

➢ Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.

➢ Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.

➢ Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.

➢ Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.

➢ Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето.

## Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата

Во согласност со прирачникот за подготовка на самоевалуација издаден од Државниот просветен инспекторат на Р. Македонија, користени се следниве методи, техники и мерни инструменти:

Методи:

- **Архивски метод** - кој го опфаќа прегледот и истражувањето на целата документација
- **Метод на интервју** - индивидуални интервјуа со директор, педагошко-психолошка служба, дефектолог, секретар на училиштето, како и фокус групи со наставници, технички персонал, наставници и родители.
- **Метод на анкетирање** - за целите на самоевалуацијата спроведени се анкети на ученици, родители и наставници.
- **Метод на набљудување**
- **Корелациски метод** - споредување на резултати добиени во самоевалиацијата 2020/2022 со цел да се корелира напредокот на одредени индикатори.

Техниките и мерните инструменти се прикажани согласно со индикаторите во секое подрачје.

| Тим за наставни планиви и програми | |
|---|---|
| Одговорен наставник: | Ирена Добреска |
| Член: | Виолета Серафимовска |
| Тим за постигнување на учениците | |
| Одговорен наставник: | Наташа Павловска |
| Член: | Билјана Спиридонова |
| Член: | Игор Јанев |
| Тим за учење и настава | |
| Одговорен наставник: | Катерина Содиќ |
| Член: | Борче Милошевски |
| Член: | Даница Митревска |
| Тим за поддршка на учениците | |
| Одговорен наставник: | Гордана Блажевска Спиридонова |
| Член: | Милена Лаловиќ |
| Член: | Даниел Лазаревски |
| Тим за Училишна клима и односи во училиштето | |
| Одговорен наставник: | Билјана Љубенска |
| Член: | Марина Ристовска |
| Член: | Драгица Панова |
| Тим за Ресурси | |
| Одговорен наставник: | Валентина Панџарова |
| Член: | Ела Билинска |
| Член: | Елизабета Михајловиќ |
| Тим за Управување, раководење и креирање политика | |
| Одговорен наставник: | Кристина Ковачевска |
| Член: | Зоран Станковиќ |
| Член: | Снежана Бошковска |
| Носители на самоевалуцаија на училиштето : | |
| Ана Пота | |
| Николина Ивановска Котевска | |

## Преглед на индикаторите за квалитетот на работата на училиштето

За да се следи квалитетот во севкупната работа на училиштето потребно е да се согледаат **условите** во кои училиштето работи, **процесите** кои се одвиваат во него како и **резултатите** и **постигнувањата** на училиштето. Врз основа на овие три категории се дефинирани и утврдени подрачјата на вреднување и индикатори за квалитет.

## ПОДРАЧЈЕ БР. 1: НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

| Број | Индикатор на квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 1.1. | Реализација на наставните планови и програми | - Применувани наставни планови и програми<br>- Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>- Изработување индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби<br>- Избор на наставни предмети<br>- Планирање активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето |
| 1.2. | Квалитет на наставните планови и програми | - Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала<br>- Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>- Интегрирање на меѓупредметните цели на образованието<br>- Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми |

| | | |
|---|---|---|
| 1.3. | Вонnаставни активности | - Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>- Опфатност на учениците со воннаставните активности<br>- Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности<br>- Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности |
| **ПОДРАЧЈЕ БР. 2: ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** | | |
| 2.1. | Постигнувања на учениците | - Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди<br>-Подобрување на постигнувањата на учениците<br>- Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развој<br>- Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава<br>- Следење на хоризонталното и на вертикалното движење<br>- Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците |
| 2.2. | Задржување/осипување на учениците | - Опфат на учениците<br>- Редовност во наставата<br>- Осипување на учениците<br>- Премин на ученици од едно училиште во друго |

| | | |
|---|---|---|
| 2.3. | Повторување на учениците | Ученици што не ја завршуваат годината/ образованието |
| **ПОДРАЧЈЕ БР. 3: УЧЕЊЕ И НАСТАВА** | | |
| 3.1. | Планирања на наставниците | - Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>- Индивидуални планирања на наставниците<br>- Размена на искуства и на информации при планирањето<br>- Распоред на часови |
| 3.2. | Наставен процес | - Наставни форми и методи<br>- Употреба на ИКТ во наставата<br>- Избор на задачи, активности и на ресурси<br>- Приодот на наставникот кон учениците<br>- Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>- Следење на наставниот процес<br>- Изведување практична обука на учениците кај работодавачите |
| 3.3. | Искуства на учениците од учењето | - Средина за учење<br>- Атмосфера за учење<br>- Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>- Интеракција на учениците меѓу себе |
| 3.4. | Задоволување на потребите на учениците | - Идентификување на образовните потреби на учениците<br>- Почитување на различните потреби на учениците во наставата |

| | | |
|---|---|---|
| 3.5. | Оценувањето како дел од наставата | - Училишна политика за оценување<br>- Методи, форми и инструменти на оценување<br>- Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| 3.6. | Известување за напредокот на учениците | - Известување на родителите за напредокот на учениците |
| **ПОДРАЧЈЕ БР. 4: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ** | | |
| 4.1. | Севкупна грижа за учениците | - Заштита од физички повреди и од елементарни непогоди<br>- Превенција од насилство<br>- Заштита од пушење, алкохол и од дрога<br>- Квалитет на достапна храна<br>- Поддршка на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост<br>- Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| 4.2. | Здравје | - Хигиена и заштита од болести<br>- Грижа за учениците со здравствени проблеми<br>- Грижа за учениците со емоционални тешкотии |
| 4.3. | Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | - Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување |

| | | |
|---|---|---|
| 4.4. | Следење на напредокот | - Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>- Анализа на напредокот на учениците по паралелки |
| **ПОДРАЧЈЕ БР. 5: УЧИЛИШНА КЛИМА** | | |
| 5.1. | Училишна клима и односи во училиштето | - Углед/имиџ на училиштето<br>- Кодекс на однесување<br>- Училишна клима<br>- Поведение и дисциплина во училиштето<br>- Учество на учениците во донесувањето одлуки и<br>решавањето проблеми |
| 5.2. | Промовирање на постигнувањата | - Промовирање на личните постигнувања на учениците<br>- Промовирање на постигнувањата во име на училиштето |
| 5.3. | Еднаквост и правичност | - Познавање и поттикнување на правата на децата<br>- Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>- Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| 5.4. | Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница | - Соработка на училиштето со родителите<br>- Соработка со општината и со урбаната заедница<br>- Соработка со деловната заедница и со граѓанскиот сектор |

## ПОДРАЧЈЕ БР. 6: РЕСУРСИ

| | | |
|---|---|---|
| 6.1. | Сместување и просторни капацитети | - Просторни услови<br>- Искористеност на просторните капацитети |
| 6.2. | Наставни средства и материјали | - Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>- Училишна библиотека<br>- Потрошен материјал<br>- Училишна реална или виртуелна компанија<br>- Училишни работилници за практична обука опремени со машини, уреди, апарати и алати |
| 6.3. | Обезбедување на потребен наставен кадар | - Број на вработени и соодветност на наставниците и стручните соработници<br>- Ефективност и распоредување на кадарот<br>- Стручните соработници како поддршка на наставниот кадар |
| 6.4. | Следење на развојните потреби на наставниот кадар | - Професионален и кариерен развој на наставниците |
| 6.5. | Финансиско работење на училиштето | - Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |

## ПОДРАЧЈЕ БР. 7: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

| | | |
|---|---|---|
| 7.1. | Управување и раководење со училиштето | - Управување со училиштето<br>- Раководење со училиштето |
| 7.2. | Цели и креирање на училишна политика | - Јасност и соодветност на мисијата и визијата<br>- Процедури за креирање на училишната политика<br>- Резултати од развојно планирање |

Подрачје 1

# НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

**Методолошка рамка за подрачјето „НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ“:**

Преглед на документација преку архивски метод

- Годишни извештаи за работата на стручните активи во училиштето.
- Месечни извештаи на стручните активи за реализација на далечинско учење.
- Решенија за формирање на инклузивни тимови за работа со ученици со посебни образовни потреби.
- Извештаи за работењето на инклузивните тимови.
- Записници од работни средби на инклузивните тимови.
- Информативни листови за класни часови и родителски состаноци.
- Анкетни листови за избор на изборни предмети и насоки.
- Ученички досиеја во педагошко- психолошката служба.
- Наставни планови и програми донесени од МОН и БРО.
- Годишни, тематски и дневни планирања на наставниците.
- Програми за дополнителна настава
- Акциски планови за планирани активности.
- Извештаи за работата на стручните активи во училиштето .
- Евидентни листови за следење на планирањата на наставниците.
- Евидентни листови за посета на часови.
- Формулар за следење на работата на наставникот при планирањето на наставата.
- Информативни листови за класни часови и родителски состаноци.
- Годишна програма на училиштето и годишен извештај за работењето на училиштето.
- Записници од наставнички совет.
- Записници/извештаи од евиденција на работа на психолог.
- Записници од претходни инспекциски надзори.
- Увид во добиени потврди за учества во активности, проекти,
- Издадени пофалници на ученици за учество во активности и натпревари

- Потврди за освоени награди.
- Годишни, тематски и дневни планирања на наставниците.
- Ученички досиеја во педагошко- психолошката служба.
- Информативни листови за класни часови и родителски состаноци.
- Рrограми за работа на слободните ученички активности.
- Листа за вреднување на учениците во постапка за избор на првенци.

Метод на интервју:

- Разговор со психолог, педагог, наставници и ученици.

## 1.1. Реализација на наставни планови и програми

Индикатор:

**Применувани наставни планови и програми**

Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука (МОН). Реализацијата на наставните планови и програми е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од националните стандарди и концепциите за средно образование.

Наставниот план за гимназиско образование е конципиран во четири дела:

Задолжителни предмети;
Изборни предмети ;
Задолжителни изборни програми;
Проектни активности.

**Задолжителните предмети** се програмско јадро на гимназиското образование и се однесуваат на сите ученици. Со нив се обезбедува општообразовен стандард од знаења, што ќе им овозможи на учениците проодност во сите подрачја на гимназискиот систем на образование.

**Изборни предмети се нудат во II, III и IV година и тоа на следниов начин:**

**Во II година** секој ученик избира еден предмет од листата на изборни предмети:

Информатичка технологија;
Латински јазик;
Елементарна алгебра;
Говорење и пишување;
Етика.

**Во III и IV година** изборните предмети се групирани во три изборни подрачја:

природно-математичко, подрачје А и Б;

општествено-хуманистичко, подрачје А и Б;

јазично-уметничко, подрачје А и Б.

Во училиштето има и италијанска паралелка со програма во која предметот италијански јазик и култура се изучува како втор странски јазик со 6 часа неделно (4 часа јазик и 2 часа култура и цивилизација), односно 216 часа на годишно ниво. Учениците кои се запишаа во прва година, независно од изборното подрачје можеа да го изберат италијанскиот јазик како втор странски јазик.

*Наставните планови и програми* изготвени и донесени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образование се

програмски документи според, кои работат наставниците во текот на учебната година. Наставниците ги усогласуваат овие програмски документи со своите долгорочни, среднорочни и краткорочни планирања, адаптирајќи ги со условите за работа во училиштето, потребите на учениците и потребата од достигнувањето на целите опфатени со програмските документи. Училиштето повеќе од две децении посветува големо внимание на уредно планирање и реализација на наставата, со цел да обезбеди квалитетна настава за своите ученици и во тој поглед има веќе успешно воспоставен начин кој овозможува планирање за систематизирана и уредна реализација на наставните планови, како и континуиран мониторинг во таа насока. Во училиштето е унифициран начинот на изработка на тематските и дневните подготовки за час на наставникот, во соработка со просветните советници и инспектори, но се остава простор и за нивно индивидуално изработување во зависност од содржините што се обработуваат, со цел достигнување на поставените цели и поквалитетна наставата. Имено, на почетокот на учебната година, наставниците ги доставуваат годишните и тематските планирања за содржините наменети за редовната настава на е-пошта *planiran-ja.karev@gmail.com*. Во планирањата се интегрирани и ИКТ и еколошки содржини.

Додатната и дополнителната настава - покрај годишните програми и планови, во фаза на имплементација претрпуваат значителни промени поради потреба од нивно усогласување со потребите на учениците како и просторно-временските капацитети и ограничувања при реализација на наставата во училиштето. Потребно е да се напомене дека и покрај работењето на училиштето во две смени, како и комплексноста на наставниот процес, како што се: голем број предмети, проектни активности, воннаставни активности, проекти, работилници и сл., за кои се користат училишните просторни капацитети во текот на учебната година, наставниците реализираат додатна и дополнителна настава согласно со законските прописи.

Проектни активности - До крајот на месец септември се врши запознавање на учениците со проектните активности кои се нудат во гимназијата и сите ученици избираат две проектни активности од листата на понудените.

Во последните две учебни години, надминати се оние потешкотии поврзани со организациските проблеми и се изнајде иновативно решение со назначување на координатори на години, како и избор на проектна активност од страна на учениците по методолошки практичен план.

*ИКТ часовите се исто така застапени во реализацијата на наставните планови со законски потребниот број часови. По одделни предмети ваквите часови доминираат, додека кај други се движат во законски пропишаниот број на часови.*

Еко-содржините се интегрираат во наставата по предмети, а за обемот и опфатноста на наставните часови со еколошка содржина подетално може да се согледа во извештаите за работа на стручните активи.

Индикатор:

**Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**

Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни начини и средства да ги информира членовите на Советот на родители, другите родители, учениците, како и сите други што бараат информација за целите на наставните планови и програми што се реализираат, вклучувајќи ги и програмите што се однесуваат на образованието за меѓуетнич- ка интеграција. За сите ученици со посебни образовни потреби постои инклузивен тим на детето, а родителите се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), со што се обезбедува нивна целосна информираност.

Индикатор:

**<u> Изработување индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби </u>**

Училиштето, психолошко-педагошката служба, посветува внимание на идентификација на ученици со посебни потреби и нивна евиденција. Се формираат инклузивни тимови составени од психолог, дефектолог, педагог, класен раководител, родител научeник/ка со посебни потреби, наставници кои предаваат во паралелката каде што има ученик со посебни потреби. Инклузивните тимови во ваков состав ги приспособуваа наставните планови и програми од постојните предмети според можностите на учениците со посебни образовни потреби. Стручната служба располага со Програма за ученици со посебни потреби, води прецизна датотека и евиденција на овие ученици и води прилагодувања на наставните содржини, соодветно на нивните потребите. Во рамките на педагошко-психолошката служба работат педагог, психолог, дефектолог кои се вклучуваат во определувањето на карактеристиките на посебните образовни потреби на одделните ученици, реализираат информативни и советодавни разговори со родители, како и други професионални лица со цел да се обезбеди адекватна поддршка на учениците. Во училиштето се реализирани повеќе обуки на наставниците и класните раководители за прилагодување на учениците со посебни образовни потреби, преку нивна идентификација во паралелките. Инклузивните тимови редовно организираат работни средби и во соработка со родителите пружаат помош во совладувањето на содржините од наставата, во следењето на постигнувањата и оценувањето на овие ученици.

Според спроведената анкета, у ч е н и ц и т е с м е т а а т д е к а „ в о учил ишт ет о се в од и грижа з а учениците со посебни образовни



потреби“. Од нив, 50% потполно се согласуваат, 35,3% делумно се согласуваат, а пак 12.5% не се согласуваат.

Од родителите, на прашањето „Во училиштето се води грижа за учениците со посебни образовни потреби“ 60.6% одговориле дека потполно се согласуваат, 34,6% дека делумно се согласуваат што повторно укажува на висок процентна грижа и успешност во подготвувањето на индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби.




Индикатор:

**Избор на наставни предмети**

Училиштето им нуди можности на учениците за избор на изборни предмети, кои соодветствуваат на личните потреби и интереси на учениците и спецификите на локалната средина. Учениците имаат можност да избираат повеќе од три изборни предмети со доследно применување на постапката за избор на наставни предмети, која се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците.

Индикатор:

**Планирање активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето**

Во училиштето се реализираат бројни активности од различни области, во рамките на проектните активности, но и преку вклучување во бројни проекти чија

реализација на активности се одвива  преку соработка со релевантни институции во државата. При реализација на проширени програми во училиштето, учениците се  вклучени во бројни натпревари од областа на математиката, странски јазици, дебатирање и јавно говорење, како и спортот, активности од областа на уметностите, екологијата и мировното образование, активности од хуманитарен карактер во соработка со Црвен крст, како и  чести посети на споменици, музеи, театри и други институции. Училиштето е домаќин на натпревари на општинско и регионално ниво, по различни предмети.

## 1.2.  Квалитет на наставни планови и програми

Училиштето тековно се грижи за квалитетот на наставата и во најголем дел оваа одговорност е во надлежност на педагошко-психолошката служба. Оваа служба, следењето на квалитетот на наставата го има операционализирано по пат на изготвени формулари: *формулар за следење на работата на наставникот при планирањето на наставата,* како и *евидентни листови за следење на планирањата на наставниците* и *евидентни листови за посета на часови*, со чија помош службата располага со информации за начинот и реализацијата на планирањата на наставниците. Во рамките на реализација на наставните планови и програми е вклучена и проверката на постигнувањата на учениците, па така и оценувањето (писмено и усно) е интегрирано во процедурата за планирање, следење и евалуација на наставниот процес. Прашањата поврзани со квалитетот на наставата се вклучени и во анкетите за родители и ученици, со што се потврдува дека во училиштето еден од приоритетите е квалитетот на наставниот процес и интересот на учениците. Во тој поглед, педагошката служба, заедно со наставниците, придонесува за обезбедување на квалитетна настава.

Индикатор:

**Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала**

Формалните органи во училиштето не планирале активности за прибирање мислења за квалитетот на наставните планови и програми и учебните помагала од родителите, од аспект на родовата и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност, но прибирале од наставниците. Имено, во документите за планирање на наставата е интегриран и овој аспект во наставата т.е. се бара од наставниците да го внесат во планирањата.

Според спроведените истражувања, во учебниците и на часовите е доволно застапена родовата и етничка рамноправност.



Согласно со анкетните листови за ученици, се констатира дека училиштето им овозможува на учениците правилна застапеност: потполно 51,7%, а делумно 34,9%.

Индикатор:

**Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**

Според информациите од психолошко-педахошката служба, во поголем дел од предметите, наставата и активностите соодветно се интегрирани особеностите на локалната средина, а најзабележливо е интегрирањето на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставата по предметите од општествените

науки, странски јазици и одреден дел од природните науки, како и предметите по музичка и ликовна уметност.

Во анкетата за родители, на прашањето „ Во наставните програми и учебниците се интегрирани карактеристиките и потребите на локалната средина“ 24,5% одговориле дека потполно се согласуваат, 48,9% дека делумно се согласуваат, 19,4% делумно не се согласуваат и 7,2% потполно не се согласуваат.



Прашањето за наставни програми и учебници е тема која се однесува на оние кои ги одобруваат и ги креираат наставните програми и учебниците, како МОН и БРО. Во оваа самоевалуација наведено е и дека како наставници неколку пати сме иницирале подобрување на ова прашање до соодветните институции.

Индикатор:

## Интегрирање на меѓупредметаните цели на образованието

Училиштето има целосно разработени насоки, кои се реализираат при планирањето на наставните планови и програми за вградување на меѓупредметните цели. Во рамките на реализација на вонаставни активности, проширени програми и проектни активности, работата со училишната заедница, се вложуваат напори во иницијативноста кај учениците, развивање на самодовербата, почитување на различностите, на човековите права, градење на свеста кај учениците за концептот на добар граѓанин, како и јакнење на свеста за припадност кон државата како мултикултурно општество.

Индикатор:

## Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми

Училиштето повремено покренува иницијативи за изменување и дополнување на наставните планови и програми и иновирање на постојните, особено како поддршка на наставниците кои низ работата со учениците регистрираат одредени недостатоци и потешкотии во нивно реализирање, а потоа се доставуваат до Бирото за развој на образованието или советниците во БРО. Во рамките на редовната настава, со примена на различни методи и техники за реализација на наставните планови и програми од страна на наставниците, училиштето бележи инклузија на учениците во поглед на давање можности за влијание на квалитетот на наставните планови. Имено, учениците често се ангажираат во истражувачки проекти и изготвување на презентации во кои наспроти фактите до кои доаѓаат учениците, се остава простор и за презентирање на лични/тимски ставови и мислења. Тие се олицетворение на личните и заедничките интереси како ученичка заедница. Иако се наоѓаат начини како учениците би можеле да влијаат на содржините и наставните планови и програми, можноста за родителите да влијаат од овој аспект е исто така предвидена и се одвива преку советот и одборите на родители кои се состануваат најмалку четири пати годишно, а по потреба и повеќепати. Пред претставниците на родители се разгледува секој извештај за работа на училиштето, како и новите годишни програми за работа на училиштето, со што во детали и по предмети родителите имаат можност да се запознаат со содржините на наставните планови и програми. На овој начин е овозможен формално-правен механизам за влијание на родителите врз наставните планови. Во секој случај, искуството покажува дека родителите се активираат на ова поле само во услови кога се наидува на некаков проблем во однос на реализацијата на наставата и ефектите од неа, додека самоиницијативност и иновативност за подобрување на содржините на

определени наставни планови и програми кои би произлегле од знаењата, компетенциите и вештините на родителите во определена област не е честа.

Во анкетата спроведена за родители на исказот „**Родителите имаат можност да влијаат на креирањето на наставните планови и учебниците**“ висок процент од испитаниците сметаат дека исказот потполно се согласувам е 9,3% од родителите кои ја пополниле анкетата, додека само 43,2 % потполно не се согласувам.



### 3. Воннаставни активности

Индикатор:

Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности

Индикатор:

**Опфатност на учениците со воннаставните активности**

Учество на учениците во воннаставни активности се обезбедува на повеќе начини. Генерално, воннаставните и слободните ученички активности се менторирани од страна на одговорни наставници. Наставниците по пат на соопштенија за можност од вклучување во тековни/претходно испланирани и одобрени проекти ги информираат сите ученици за потенцијални и претстојни

воннаставни активности, ги мотивираат учениците, со цел тие да препознаат определен интерес кај себе, а наедно ја поттикнуваат и љубопитноста кај учениците, овозможувајќи изнесување на своите и почитување на мислењата и ставовите на другите.

Во однос на спроведената анкета, на прашањето„ Активно учествувам во воннаставните активности и секции што ги организира училиштето„ 36 ученици одговориле дека потполно се согласуваат, 31.6% дека делумно се согласуваат, 19.9% - делумно не се согласувам и 12.1% дека потполно не се согласуваат. Сепак, за детална анализа на ова прашање недостасува квалитативната субјективна причина од страна на учениците за нивното учество во воннаставните активности.




Индикатор:

**Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности**

Информирањето на учениците за претстојните воннаставни активности се одвива по постоечки процедури. Неретко организацијата и имплементацијата на ваквите иницијативи е одговорност на самите ученици, со што уште еднаш се потврдува фактот дека училиштето нуди можности и начини за проактивно учество на учениците во различни сегменти на реализација на наставните планови и програми и истите влијаат на квалитетот на наставата, како и на развојот на учениците во насока на стекнување на дополнителни знаења и меки вештини.



Во анкетата, на прашањето „Учениците се вклучени во реализација на вонnаставни активности и преку нив во афирмација на училиштето“, 53,9% од учениците одговориле дека потполно се согласуваат, а пак 36,8% дека делумно се согласуваат, што укажува на висок процент на нивна застапеност и рамноправност во вонnаставните активности.

Индикатор:

## Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности

Фактот дека учениците се вклучуваат во разни проектни активности, организирани и спроведени од страна на училиштето, укажува дека на тој начин учениците имаат можност да се афирмираат и да ги промовираат своите интереси и потенцијали, земајќи предвид дека бројните настани најчесто се објавуваат преку социјалните медиуми, како што се Facebook (Фејсбук), Instagram (Инстаграм), YouTube (ЈуТуб), и други електронски и печатени медиуми. Истовремено промовирајќи се себеси, учениците се директно инволвирани во промоција на училиштето и ваквите ученички ангажмани делумно се валоризирани од страна на училиштето - ако се земе предвид фактот дека постои механизам за валоризација на ученички постигнувања, кој се применува во постапката за избор на првенци на паралелки, години или на ниво на училиште и овие ангажмани на учениците соодветно се вреднуваат.

Доказот за афирмација на воннаставните активности се и многубројните награди кои ги освоиле учениците во изминатиов период и нивната севклученост како ученици.

Еден од доказите за афирмација на воннаставните активности се и многубројните награди кои ги освоиле учениците во изминатиов период, а како најистакнати ќе ги наведеме следните:

## АКТИВ ПО СПОРТ

**Натпревари на кои учествувале учениците во 2022/23 учебна година**

Регионален натпревар во Ракомет - машки и женски, ментор Марија Божовиќ Сталетовиќ, освоено прво и второ место

Регионален натпревар во Одбојка - женски, ментор Елизабета Михајловиќ, освоено второ место

Регионален натпревар во Кошарка - машки, ментор Вјенцислав Рангелов, освоено прво место

Регионален натпревар во Фудбал - машки, ментор Росица Костова, освоено прво место

Државен натпревар во Кошарка - машки, ментор Вјенцислав Рангелов, освоено прво место

Државен натпревар во Ракомет - машки и женски, ментор Марија Божовиќ Сталетовиќ, освоено трето место

Државен натпревар во Фудбал - машки, ментор Росица Костова, освоено трето место

Атлетика: трчање 400 м, Скок во далечина, Скок во височина , Штафета 4Х100, трчање 100 м, ментор Вјенцислав Рангелов, освоени три први и едно второ место.

**Натпревари на кои учествувале учениците во 2023/24 учебна година**

Во организација на ССУСГС и ФУСМАК беа одржани општински и зонски натпревари во кошарка,футсал,одбојка и ракомет во машка и женска конкуренција. СУГС Никола Карев учествуваше на овие натпревари со 8 екипи.

**Регионални Натпревари**

**Ракомет – женски** - 1 место Регион Скопје - Ментор Марија Божовиќ Сталетовиќ

**Кошарка –машки** - 1 место Регион Скопје Ментор Вјенцеслав Рангелов

**Баскет 3x3 – машки** 1 место Регион Скопје Ментор Вјенцеслав Рангелов

**Фудбал – машки** - 1 место Регион Скопје - Ментор Росица Костова

**Футсал – машки** - 3 место Регион Скопје - Ментор Росица Костова

**Одбојка- женски** - 3 место Регион Скопје Ментор Елизабета Михајловиќ

**Државни натпревари**

**Баскет 3x3 – машки -** 1 место-Ментор Вјенцеслав Рангелов

**Ракомет женски** - 1 место - Ментор Марија Божовиќ Сталетовиќ

**Кошарка машки** -3 место -Ментор Вјенцеслав Рангелов

**Атлетика** Ментор Вјенцеслав Рангелов

1 место скок во далечина - Брајан Авиа

1 место скок во височина - Брајан Авиа

**Пинг – понг** Ментор Вјенцеслав Рангелов

2 место - Андреј Стојановски

**Пливање** Ментор Елизабета Михајловиќ

1 место - 100 м слободно - Катја Танаскоска

2 место 100м градно - Катја Танаскоска

**Карате** Ментор Елизабета Михајловиќ
3 место Ема Ристеска

АКТИВ ПО ПРИРОДНИ НАУКИ

**Натпревари на кои учествувале учениците во 2022/23 учебна година**

Општински натпревар по математика одржан на 04.02.2023 во “Јахја Кемал“ -Скопје, ментор - Лена Миловановиќ

Општински натпревар по биологија одржан на 07.02.2023 , ментор - Станка Миновска, освоено второ место

Регионален натпревар по биологија (17.03.2023), ментор - Станка Миновска, освоено второ место

Регионален натпревар по биологија (Март, 2023), ментор - Даница Митреска, освоено прво и второ место

Државен натпревар по биологија, ментор - Даница Митреска, освоено прво и второ место

Учество на општински и регионални и државни натпревари по хемија, ментор - Ела Белинска

Регионалниот натпревар по географија (24.03.2023), ментор - Лилјана Војнеска, освоени прво, второ и трето место

Државниот натпревар по географија (13.05.2023), ментор - Лилјана Војнеска, освоено трето место

Државен натпревар на проект „Robomak Junior 2022“,УКИМ - ФЕИТ, ментор Елеонора Симоска, освоено второ место

Државен натпревар по информатика организиран од ЗИМ (Здружение на информатичарите на Македонија), ментор Елеонора Симоска, освоено трето место

Регионален натпревар по информатика организиран од ЗИМ (Здружение на информатичарите на Македонија) , ментор Елеонора Симоска, освоено второ место

Учество на општински и регионални натпревари по физика, ментор - Гордана Арсовска

Учество на општински и регионални натпревари по физика, ментор - Наташа Павловска

Учество на општински, регионални и државни натпревари по физика, ментор - Зоран Станковиќ

**Натпревари на кои учествувале учениците во 2022/23 учебна година**

На општинскиот натпревар по физика учествуваа вкупно 17 ученици, од кои 14 од втор година и 3 од прва година. Сите се пласираа и на регионалниот натпревар. Ученикот Максим Илиевски од I2 се пласира на државниот натпревар и доби пофалница, ментор Зоран Станковиќ

Учество на Натпревар организиран на 7.12.2023 година од СКЕЕОР на ФЕИТ, ментор Наташа Павловска

Учество на општински натпревари по физика 9.02.2023 година, ментор Наташа Павловска

Учество на регионални натпревари по физика 6.04.2023 година, ментор Наташа Павловска

Анастасија Велковска и Благоја Ангелов од 1-4 и Матеа Ристовска и Луна Димитриева од 1-1 на натпревар организиран од страна на ПМФ- Хемија, кој се одржа на 23 февруари 2024 година. На регионалниот натпревар продолжија Анастасија Велковска и Матеа Ристовска одржан на 13 април 2024г, ментор Анета Јовановска Тодосовска

На општински натпревар одржан на 23.02.2024 учествуваа Прохор Дамјански и освои 2 место, Софија Антова и освои 3 место, Андреа Ѓеоргиевска-пофалница, Леонтина Михајловска-пофалница, Хана Ибиши-сертификат за учество, Хелена Савеска-сертификат за учество, Дора Бишковска-сертификат за учество и Јана Георгиева-сертификат за учество. На регионалниот натпревар учествуваа само Прохор Дамјански и Софија Антова и добија сертификат за учество. Ментор Билјана Љубенска

Оваа година учествуваа Симона Ночевска од 3-4, Драгана Костова од 3-4 и Ана Панова од 4-5 на натпревар организиран од страна на ПМФ- Хемија, кој се одржа на 23 февруари 2024 година.На регионалниот натпревар продолжија истите одржан на 13 април 2024г каде Симона Ночевска освои трето место, на 10.06.2024 се одржа државен натпревар каде ученичките се здобија со дипломи за успешно учество. Ментор Ела Билинска.

Ученичката Ивана Георгиевска учествуваше на општинскиот натпревар по географија кој се одржа на ден 02.02.2024 во просториите на ПМФ.

Натпревар со ученици на проект „Robomak Junior 2024“. Натпреварот се одржа во просториите на ФЕИТ од 22 до 25 април 2024 година во просториите на факултетот ФЕИТ. Организатор ФЕИТ. Ментор Елеонора Симоска

Регионален натпревар по Информатика, ученикот Александар Талевски IV-6, има пофалба за учество на Регионалниот натпревар по Информатика организиран од ЗИМ, а се одржа на факултетот ФИНКИ на 09.03.2024 година. Ментор Елеонора Симоска.

Натпревар во организација на New Corner ( Dabar )
Од нашето училиште С.У.Г.С " Никола Карев " - Скопје, учество земаа 8 ученици од I - година. Сите ученици постигнаа завидни резултати и за истото беа пофалени. Ментор Катица Ристаќовска Стојановска

Општински и Регионален натпревар по математика 02.02.2024 и 02.03.2024

Државен натпревар по математика 30.03. 2024. Трета награда за ученикот Марко Николов од III3 и пофалница за Јован Ракиџиев од III3 на општински 2024.
Пофалница за учество на Јован Ракиџиев од III3 на Регионален 2024
Пофалница за учество на Јован Ракиџиев од III3 на Државен 2024. Ментор, Ангела Стојковска

Учениците Антонио Поповиќ и Ангела Павловска од III8 беа на општинскиот натпревар по математика организиран од страна на сојузот на математичари, а Ангела Павловска се пласира и зема учество и на регионалниот натпревар што се одржа во просториите на ПМФ. Ментор Наташа Стојческа

Општинскиот натпревар по математика , 2.2.2024г. Ментор Жаклина Стојановска:

На државен натпревар по биологија,ученикот Прохор Дамјански освои втора награда, ментор Станка Миновска.

На државниот натпревар по биологија одржан на 17.05.2024 година во просториите на ПМФ – Скопје – Институт за биологија, беа освоени следниве награди: Сашо Мишев од 3/3 клас – прва награда,Теодора Костадиновска од 3/3 клас – трета награда и Анастасија Велковска од 1/4 клас освои трета награда. Ментор Даница Митревска.

АКТИВ ПО ЛИКОВНА И МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

**Натпревари на кои учествувале учениците во 2022/23 учебна година**

Пакомак - (април), ментор Александар Ордев - освоено прво место (специјална наградаи трето место (категорија поединци)

BG Invazija - натпревар на средношколски бендови во Белград (24.02.2023), ментор Емилија Ристановска освоени награди за најдобри гитаристи и најдобри вокали

**Натпревари на кои учествувале учениците во 2023/24 учебна година**

Меѓународен ликовен конкурс во Хрватска

Второ место / Ева Михајловска -II-3

Пофалница / Петра Маркудова -II-7

## АКТИВ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

**Натпревари на кои учествувале учениците во 2022/23 учебна година**

Фондација „Никола Кљусев“ -тема „Градот во душата“ - ментор Марина Ристовска и Еленица Илиевска, добитник на награда за литературно дело.

Дебатен натпревар во рамките на едукативна активност „Имам став“ (симулација на пленарна седница во организација на Парламентарниот институт на 8.11.2022.) - ментор Марина Ристовска

Детски Рацинови средби 4.11.2022, ментор - Снежана Станкова, добитник на Гранд При

Поетски конкурс- Зборот на Конески , ментор - Билјана Костова

**Натпревари на кои учествувале учениците во 2022/23 учебна година**

Во текот на учебната година учествувавме на поетски и литературни натпревари и конкурси : Конески е бесмртен, Конкурс за Кочо Рацин, Конкурс за млади поети и др., Државен натпревар за рецитаторство, поетски фестивал ,,Скопје си ти“ и др.

АКТИВ ПО СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ

**Натпревари на кои учествувале учениците во 2022/23 учебна година**

Општински натпревар по англиски јазик, ментори Катерина Содиќ (ментор за I и III година) и Билјана Муфишовска (ментор за II година), освоени 4 први места, 1 второ место и 1 трето место.

Регионален натпревар по англиски јазик, ментори Катерина Содиќ (ментор за I и III година) и Билјана Муфишовска (ментор за II година), освоени 3 први места, 1 второ место и 2 трети места.

Hippo олимпијада - државно ниво, ментор Билјана Муфишовска, освоено второ и трето место

Франкофонска шансона – државен натпревар (22.4.2023), ментор Сава Димовска, освоено трето и петто место

Регионален натпревар по латински јазик (08.04.2023), ментор Лидија Гелевска, освоено второ место

Учество на државен натпревар по латински јазик (08.04.2023), ментор Лидија Гелевска

**Натпревари на кои учествувале учениците во 2023/24 учебна година**

Анлиски јазик

Проф.Катерина Содиќ беше ментор на ученичката од втора година Леонтина Костова од класот II-6. Ученичката постигна одличен успех на сите натпревари последователно, односно:

- на општинскиот натпревар Леонтина Костова од 2-6 освои ПРВО место
- на регионалниот натпревар Леонтина Костова од 2-6 освои ПРВО место
- на државниот натпревар Леонтина Костова од 2-6 освои ПРВО место

Проф.Бојана Крајновиќ-Петровска учествуваше на селекциониот училишен натпревар кадешто беше тестатор и прегледувач. Таа беше ментор на еден ученик од трета година, Никола Андонов и истиот освои трета награда на Регионалниот натпревар.

Проф. Емилија Нацева учествуваше на селекциониот училишен натпревар одржан во март 2023, кадешто од 63 ученици беа избрани вкупно 6 ,по 2 ученика од прва,втора и трета година. Професорката беше ментор на ученикот Димитар Аспровски на општинскиот натпревар одржан на 13.04.2024, по што ученикот се пласираше на регионалниот натпревар, а на државниот натпревар одржан на 11.05.2024 година го освои второто место.

Проф.Биљана Муфишовска оваа година беше ментор на тројца ученици на натпреварот по англиски јазик и тоа: Ведра Симонова од III-5, Даријан Саравинов од I-2 и Лара Шеќерова од I-4. Учениците го постигнаа следниов успех:
На општинскиот натпревар по англиски јазик кој се одржа на 16.03. 2024:

- Ведра Симонова од III-5 освои ПРВО место
- Даријан Саравинов од I-2 ТРЕТО место и
- Лара Шеќерова од I-4 освои ТРЕТО место.

На регионалниот натпревар кој се одржа на 13.04. 2024:

- Ведра Симонова од III-5  освои ВТОРО место,
- Дaријан Саравинов од I-2 освои ПРВО место,
- Лара Шеќерова од I-4 освои ВТОРО место;

На државниот натпревар по англиски јазик кој се одржа на 11.05.2024

- Ведра Симонова од III-5 овои ПРВА награда и 4 место
- Дaријан Саравинов од I-2 освои III награда

<u>Германски јазик</u>

Во текот на првото полугодие натпревари по германски јазик не беа предвидени. Во текот на второто полугодие проф.Смиља Христовска беше ментор на ученичката Амра Смајовиќ којашто го освои третото место на регионалниот натпревар и пофалница на државниот натпревар со освоени највисок број на поени.

<u>Италијански јазик - специјална паралелка</u>

______Во текот на првото полугодие не беа предвидени натпревари по италијански јазик, додека пак во второто полугодие од учебната 2023/2024 се одржаа регионалниот и државниот натпревар по италијански јазик. На ове натпревари учествуваа и двете професорки по италијански јазик Александра Шапе – Курета и Кристна Нушевска и со своите ученици ги постигнаа следниве резултати:

Проф.Александра Шапе – Курета оваа година беше ментор на вкупно 10 ученици од прва, втора и трета година од специјалната паралелка: Калина Калчоски и Теодора Велковска од 1-8, Викторија Ѓоргиеска, Ена Велеска, Леонтина Костова, Ивана Митова од 2-6 и Берије Сејди од 2-8 и Катерина Димовска, Ева Маргаритова и Јована Димовска од 3-8)

Ученичките го постигнаа следниов успех:

На регионалниот натпревар по италијански јазик кој се одржа на 18.04.2024 година:

➢ *Прва година*

- Теодора Велковска од 1-8 освои ВТОРО место/втор странски јазик
- Калина Калчоски од 1-8 освои ТРЕТО место/втор странски јазик
- ➢ *Втора година*
- Ивана Митова од 2-6 освои ПРВО место/втор странски јазик
- Викторија Ѓоргиеска од 2-6 освои ВТОРО место/втор странски јазик
- Леонтина Костова од 2-6 освои ТРЕТО место/втор странски јазик
- Ена Велеска  од 2-6 освои ЧЕТВРТО место/втор странски јазик
- Берије Сејди од 2-8 освои ПЕТТО место/ втор странски јазик
- ➢ *Трета година*
- Катерина Димовска од 3-8 освои ПРВО место/втор странски јазик
- Ева Маргаритова од 3-8 освои ТРЕТО место/втор странски јазик
- Јована Димовска од 3-8 освои ЧЕТВРТО место/втор странски јазик

На државниот натпревар по италијански јазик кој се одржа на 17.05.2024 година:

прва година

- Калина Калчоски од 1-8 освои ЧЕТВРТО  место /втор странски јазик
- Теодора Велковска од 1-8 освои ШЕСТО место / втор странски јазик
- ➢ *Втора година*
- Ена Велеска од 2-6 која освои ВТОРО место/втор странски јазик
- Ивана Митова од 2-6 освои ЧЕТВРТО место/втор странски јазик
- Викторија Ѓоргиеска од 2-6 освои ПЕТТО место/втор странски јазик
- Леонтина Костова од 2-6 освои ШЕСТО место/втор странски јазик
- ➢ *Трета година*
- Катерина Димовска од 3-8 освои ПРВО место/втор странски јазик
- Ева Маргаритова од 3-8 освои ВТОРО место/втор странски јазик

Проф.Кристина Нушевска оваа година беше ментор на 5 ученички од специјалната паралелка од прва и трета година: Клара Колева, Ангела Ошавковска и Искра Александра Смит сите од I-8 и Мона Ристова и Христина

Крстевска од III-5 и на 4 ученички од трета и четврта година што го изучуваат италијанскиот како трет странски јазик: Мила Наумовска и Карја Арангеловска од III-8 и Дарија Петрушевска и Неда Танеска од IV-4.
Учениčките го постигнаа следниов успех:

На регионалниот натпревар по италијански јазик кој се одржа на 18.04.2024 година:

- Клара Колева од 1-8 освои ПРВО место /втор странски јазик
- Ангела Ошавковска од 1-8 освои ЧЕТВРТО место / втор странски јазик
- Искра Александра Смит освои ПЕТТО место / втор странски јазик
- Мона Ристова од 3-5 освои ВТОРО место / втор странски јазик
- Христина Крстевска од 3-5 освои ПЕТТО место / втор странски јазик
- Дарија Петрушевска од IV-4 која освои ПРВО место/трет странски јазик
- Неда Танеска од 4-4 која освои ВТОРО место/ трет странски јазик
- Учениčките Мила Наумовска и Карја Арангеловска добија пофалници за учество на регионалниот натпревар по италијански јазик

На државниот натпревар по италијански јазик кој се одржа на 17.05.2024 година:

- Клара Колева од 1-8 освои ВТОРО место /втор странски јазик
- Мона Ристова од 3-5 освои ПЕТТО место / втор странски јазик
- Дарија Петрушевска од IV-4 која освои ВТОРО место/трет странски јазик

АКТИВ ПО ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ

**Натпревари на кои учествувале учениците во 2022/23 учебна година**

Градски натпреварот во организација на Конрад Еденауер и Движење за Европска Македонија, за одбележување на денот на Европа 9 мај, 2023, учествуваа средните училишта од Град Скопје, ментор - Валентина Панџарова, освоено петто место.

Учество на натпревар за најдобар филозофски есеј, 17 ноември, ментор- Елвира Мустафа

Натпревар - Камп на иновации, Junior Acivmenet на 14-15 Ноември , ментор - Снежана Бошковска, освоено прво место

Државен натпревар на младите истражувачи, Народна техника на Република Северна Македонија / 13.05.2023 категоријата Енергетска ефикасност и иновации,
ментор - Снежана Бошковска, освоено второ место

Натпреварот за зелени иновации, ментор - Снежана Бошковска, освоено осмо место

**Натпревари на кои учествувале учениците во 2023/24 учебна година**

Програмата UPSHIFT ја реализира Здружението Лидери за едукација, активизам и развој (LEAD) во рамки на проектот „UPSHIFT-ers for air quality“ спроведуван од УНИЦЕФ со финансиска поддршка од Шведска и Фондот за иновации и технолошки развој на РСМ. Во конкуренија на училиштата на ниво на Македонија,Никола Карев под менторство на Валентина Панџарова влегоа во десетте финалисти за натпреварот по социјално претприемништво за почист воздух кој се одржа во Струга од 25 до 27 април 2024.На натпреварот учествуваа 5 ученика од нашето училиште. Ментор Валентина Панџарова.

Натпревар во квиз на знаење/Европското движење ЕММК, во соработка со Фондацијата Конрад Аденауер и Центарот за европски студии Вилфред Мартенс од Брисел, организира настан за да го одбележи денот на Европа – 9 мај. ЕММК го одбележува овој ден, со наслов “Европската Унија како предизвик и предизвиците на Европската Унија: Европа 74 години после Шумановата декларација”, кој вклучува панел дискусија на истата тема, младински клуб на тема „Младите и демократските вредности: Дали сакам, дали можам и како да бидам активен граѓанин?“, кој вклучува ораторски натпревар, дебата и квиз на знаење за ЕУ.
За овој настан кој има натпреварувачки карактер ментор Валентина ПАнџарова на 5 ученици од втора година кои добија благодарници за учеството и активната дебата.На квизот го освоија 6 место.

Менторот Даниел Лазаревски на државен натпревар по историја освоено 5-то место со Димитар Аспровски и 28 место со Горазд Гиговски

Менторот Виолета Серафимовска со ученичката Јана Ангеловска од 4-7 учествуваше на државниот натпревар по филозофија на 09.03 .2024година.

Ученичката Теодора Димовска од 4-4 учествуваше на филозофската олимпијада која се одржа на 30март 2024год.

***Резиме на подрачјето „НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ“:***

## Клучни јаки страни

- Училиштето им ги нуди сите можности на учениците за избор на изборни предмети, кои соодветствуваат на личните потреби и интереси на учениците и спецификите на локалната средина. Учениците имаат можност да избираат повеќе од три изборни предмети.

- Обемност во реализацијата на квалитетни и опфатни воннаставни активности кои соодветствуваат на интересите и потребите на учениците и можност за афирмирање на учениците и поттикнување на самодовербата.

- Училиштето има разработено детални насоки во однос на интегрирање на меѓупредметните цели при планирањето на наставните планови на наставниците.

- Во училиштето има стручни и мотивирани наставници, а постојат и успешно се реализираат разновидни наставни, воннаставни и слободни ученички активности, во соработка со родителите и локалната средина. Индикатор за квалитет е учеството на натпревари, постигнатите резултати, имплементирани проекти и бројни проектни иницијативи.

## Идни активности

- **Воспоставување на процедура за информирање на родителите за целите во наставните планови и наставните содржини** - Родителските состаноци веќе

се доволно обемни со содржини кои се презентирани, а изложувањето на целите за секој предмет одделно, согласно со програмските документи на МОН и БРО, би одземале премногу време и би било неефикасно. Можна стратегија би била изработката на скратена верзија на постојните цели на предметите, иницирано од стручните активи и нивно поставување на web-страната на училиштето или да се овозможи преземање на овие информации од официјалната интернет-страна на Бирото за развој на образование каде што можат да се проследат постојните програмски документи (линковска поврзаност со овие информации на web-страната на училиштето за достапност до родителите).

- Создавање стратегии за **планирање на активности за прибирање и разгледување на мислења од учениците, наставниците и родителите за наставните планови и програми и учебни помагала во однос на следните теми** – постоење на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност, поголема интегрираност на особеностите и потребите на локалната средина, како и изменување, дополнување или воведување на нови наставни профили. Заклучоците од добиените податоци да ги резимира како иницијативи за иновирање на постојните и надградување со нови образовни профили до МОН, БРО и Центарот за стручно образование и обука. Училиштето да ги информира родителите за местата на кои можат да дојдат до информации за наставните програми и на родителските состаноци да ги поттикнува да преземат иницијатива преку одборот на родители за корекција и модернизација на наставните планови и програми.

Училиштето да предложи активите да ги разгледаат програмите и на годишна основа да ги испраќаат своите предлози за промена. Училиштето да ги испраќа во форма на официјално барање тие предлози за промени до соодветните институции, како што се: БРО, МОН, ДИЦ и сл.

Подрачје 2

# ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Методолошка рамка за подрачјето „ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ“:**

Преглед на документација преку архивски метод

- Извештаи од стручна служба (Извештаи за успехот и редовноста во учебната 2022/23 и 2023/24 година )
- Дневник на паралелка
- Евидентни листови на успех и на поведение
- Годишна програма за работа на училиштето
- Годишен извештај за работа на училиштето
- Записници од наставнички совет и совет на паралелки
- Записници од стручни активи
- Записник од совети на родители
- Резултати од интерно и екстерно оценување
- Програма за додатна и дополнителна настава
- Програма за работа со надарени ученици
- Програма за ученици со ПОП
  -Програма за работа на училиштето
  - Извешта и на училиштето -Разговор со стручни служби
- Увид во педагошка евиденција и документација -Записник од средби со родители -Евиденција на заминати или новодојдени ученици
- Интерни училишни акти
  -Увид во педагошката евиденција и документација -Анализа на успехот на учениците

Метод на интервју:

- Разговор со психолог, педагог, наставници, ученици,  класни раководители и родители.

## 2.1. Постигнувања на учениците

Индикатор:

**Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди**

Училиштето ги следи постигањата на учениците од различен пол и располага со податоци за нивното постигање за секој квалификационен период во текот на целата учебна година. Се следи општиот успех на учениците во однос на полот и националната припадност. Се превземаат активности за нивно подобрување преку дополнителна настава за учениците реализирана од наставниците, како и преку советодавна работа со учениците од страна на училишниот психолог ( групна и индивидуална ) на кои се работи за согледување на причините за потешкотии со успехот и совладување на техники на учење.

Следните податоци се извадени од табеларен преглед на успехот на ученици по години според полова структура, во учебната 2021/22год., добиен од психолошко- педагошката служба во училиштето.

Во учебната **2021/22** година има ____момчиња, __девојчиња или вкупно ___ ученици. Среден успех на ниво на училиште во учебната 2021/22 е 4,37.

Во учебната **2022/23** година има __момчиња, __девојчиња или вкупно **1087** ученици. Среден успех на ниво на училиште во учебната 2022/23 е 4,41.

Во учебната **2023/24** година има ___момчиња, ___ девојчиња или вкупно ____ ученици. Среден успех на ниво на училиште во учебната 2023/24 е ___.

Од спроведената анкета добиени се следниве резултати. Во анкетата за родители, од 321 испитаници, 56.7% на прашањето “***Успесите на нашата гимназија на професионално ниво се причина за запишување на децата во нашето училиште “*** одговориле ,,Потполно се согласувам “, додека пак 35,5% одговориле „Делумно се согласувам“, што значи дека околу 92 проценти од родителите ги следат активностите и успесите на нашето училиште и задоволни се со резултатите.



На истото прашање поставено до учениците 21,1% одговориле „Потполно се согласувам“ и 48,9 % одговориле „Делумно се согласувам“.



Според резултатите од актетата, околу 90% од учениците ги поддржуваат и позитивно реагираат на учениците кои се истакнуваат во совладување на одредени предмети. И со ист процент позитивно одговориле дека класните раководители одржуваат и стимулираат позитивна



клима за поттикнување и поздравување на напредокот и успехот на поединци во класот.

На прашањето ,, ***Наставниците континуирано го следат напредокот на децата и користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување“*** 23,4 % од учениците одговориле „Потполно се согласувам“ и 40,3 % одговориле „Делумно се согласувам“ тоа се 64 % во вид на позитивен одговор за следењето на напредокот на учениците со различни методи и форми при кои ученикот како индивидуа може слободно да го покаже својот напредок.



На прашањето ***,,Редовно и навремено сум информиран/на за постигнувањата на моето дете во училиште“*** одговориле 15,8% „Делумно се согласувам“, додека пак ,,Потполно се согласувам “ одговориле 82,7% што значи дека родителите се задоволни од соработката со наставниците во однос на информирањето за напредувањето на учениците.






На прашањето ,, ***Наставниците го поттикнуваат***

***интересот за учење кај децата*** “ 14,7% од учениците одговориле „Потполно се согласувам“ и 37, 5 % одговориле „Делумно се согласувам“, 29.7% делумно не се согласува и 18,1% потполно не се согласува. Додека пак,



93% од анкетираните наставници сметаат дека го прават тоа. Но, во тоа дека желбата на учениците за стекнување на нови знаења од година во година е се поголема, не веруваат 45% од наставниците и 58% учениците во нашето училиште. ***„Поважна е оценката од знаењето што го добиваат учениците во нашето училиште“***, на ова прашање со „Потполно се согласувам“ одговориле 40,4% од учениците и 13,2% од родителите а со „Делумно се слогласувам“ одговориле 31,7% од учениците и 34,2% од родителите. Тоа значи дека позитивно одговориле околу 72% од учениците и половина од испитаните родители. Од добиените одговори може да се заклучи дека училиштето мора да вложува во развивање на стратегии за поттикнување на интересот за учење кај учениците.



Индикатор:

## Подобрување на постигнувањата на учениците

Во училиштето се вложуваат напори кон поефективно следење на учениците и нивниот успех, притоа редовно се презентираат податоците пред наставничкиот кадар, пред самите ученици и пред родителите. Резултатите се обработуваат статистички и се претставуваат табеларно, притоа во текот на

главните квалификациони периоди се презентираат споредбени податоци за претходните четири учебни години. Истовремено се следат и се презентираат и резултатите на учениците од нивното учество на општински, градски, регионални, државни натпревари, како и натпревари од меѓународен карактер. Во однос на планирање на активностите за подобрување на успехот на учениците во училиштето, се планираат и реализираат дополнителна и додатна настава и советување на учениците, индивидуално и групно, од страна на психологот.

Индикатор:

**Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развој**

Училиштето има систем на идентификација на учениците со послаб успех, на оние со потешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби, како и надарени ученици. Стручната служба располага со датотека која редовно се ажурира со податоци за идентификација, следење и поддршка на учениците со потешкотии во учењето, надарени ученици или ученици со посебни потреби. Најголемиот број наставници им обезбедуваат поддршка во редовната настава на учениците кои имаат потешкотии во учењето, на учениците со посебни образовни потреби, како и на надарените ученици, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области. Педагошко-психолошката служба располага со датотека на податоци и ученички досиеја за учениците со потешкотии во учење и надарени ученици. Идентификацијата ја вршат предметните наставници, класните раководители и родителите кои имаат можност да се јават кај наставник, класен раководител или во стручната служба и да побараат помош. За подобрување на постигањата и мотивирање во редовната настава, поголемиот број наставници користат разновидни форми и методи за оценување и ги соопштуваат резултатите

од учењето пред учениците. За време на часовите, наставниците ги запознаваат учениците со критериумите за секоја оценка. Се почитуваат стандардите и критериумите за оценување што се дадени од страна на Бирото за развој на образование.

Во интервјуто со психологот во училиштето беше укажано следното:

- Повеќе субјекти од училиштето водат разговори со учениците кои постигнуваат послаби резултати во учењето. Раководителите на паралелките разговараат со учениците на класните часови за важноста на учењето, додека предметните наставници имаат обврска да реализираат и дополнителна настава. Во оваа насока, од особена важност е работата на психологот и педагогот во училиштето. Идентификуваните ученици со потешкотии во учењето, од страна на предметните наставници, во комуникација со класниот раководител и во соработка со психолошко-педагошката служба, преземаат одредени активности како што е **групна и индивидуална работа со ученици коишто имаат потешкотии во учењето**. Се води евиденција според пропишаните упатства од Министерството за образование, а податоците се дел од ученичкото досие. Стручната служба располага со Програма за работа со надарени ученици, Програма за работа со ученици со посебни образовни потреби и Програма за работа на инклузивниот тим, а психологот има развиено стратегија за поддршка за учениците со послаб успех која се реализира преку индивидуално и групно советување. Надарените ученици се идентификуваат од страна на предметните наставници. За сите заинтересирани и надарени ученици за проширување и продлабочување на знаењата се организираат часови за додатна настава. Наставникот изготвува планови за додатна и дополнителна настава и е обврзан да ја спроведе.

Во анкетата за ученици, од 232 испитаници, на прашањето „ ***Во училиштето се води грижа за учениците со посебни образовни потреби “*** одговориле 35,3 % „Делумно се согласувам“, додека пак ,,Потполно се согласувам “ одговориле 50%, со што



одговорот ,,не се согласувам“, за разлика од минатата самоевалуација е намален од 41 % на 14,7%.

Индикатор:

**Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава**

Наставниците преку дополнителната настава работат со учениците на кои им е потребна поголема помош во совладувањето на знаењата, но истовремено за одреден дел од учениците се доставуваат податоци во стручната служба. Со училишниот психолог се реализира индивидуално и групно советување околу утврдување на личниот стил на учење, саморефлективни вештини и развивање ефективни техники на учење. Дополнителната настава се реализира редовно во текот на учебната година, а додатна настава се реализира со учениците кои покажуваат поголем интерес за одредени знаења и вештини во вид на разни вонаставни активности, посети на институции и посета на додатна настава со своите наставници. За учеството и постигањата на учениците на разни натпревари, конкурси и слични манифестации се води документација. Заслужните ученици јавно се истакнуваат на класните часови, класни совети, приредби. Нивните постигања се составен дел на годишниот извештај за воспитно-образовна работа на училиштето. Со цел да се наградат и стимулираат учениците за поголеми вложувања, во училиштето се организира и еднодневна наградна екскурзија во некој од градовите во државата, по избор на комисијата за екскурзии или активност. Стручната служба располага со програма на работа со надарени ученици, со утврдени начини на идентификција. Овие ученици добиваат пофалници од училиштето за постигнатиот успех.

За подобрување на постигањата и мотивирање за редовно учење, поголем број наставници користат разновидни форми и методи за изучување на новите содржини и оценување, организираат воннаставни активности.

Сознанијата од семинарите и обуките за вреднување на резултатите од учењето наставниците ги применуваат во секојдневната воспитно-образовна работа. Најголем дел од наставниците континуирано ги следат постигањата, јавно и со образложение ги соопштуваат резултатите од учењето. Исто така, најголемиот број наставници ги запознаваат учениците со критериумите за секоја оценка. Се почитуваат стандардите и критериумите за оценување, што се дадени од страна на Бирото за развој на образованието.

Индикатор:

**Следење на хоризонталното и на вертикалното движење**

Училиштето доследно ја следи и спроведува политиката за следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците. При тоа им овозможува на учениците премин од едно во друго подрачје и прдолжување на образование на повисоко ниво доколку за истото постои интерес и барање.

Од конкурсот за упис на ученици и од ранг- листата на запишани ученици може да се констатира дека: критериум за упис е минимум 60 бода (од успех во основното училиште), па сѐ до полагање на матурските испити.

Просекот на оценки од екстерна државна матураво учебната 2022/2023 година 4.43 , а во 2023/24 е _________ . Просекот од интерна матура е следниот: во учебната 2022/23 е 4.92, а во 2023/24 е ___________.

Индикатор:

**Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците**

Во училиштето не се прави негативна дискриминација кај учениците во однос на било кој облик на определување и учениците се вклучуваат во активности, наставни и воннаставни во мешани групи според нивниот интерес. Во училиштето се реализираат наставни и воннаставни активности со СУГС „Зеф Љуш Марку“ и СГГУГС „Здравко Цветковски“, училишта во кои се изведува настава на албански јазик.

## 2.2. Задржување/осипување на учениците

**Индикатор:**
**Опфат на учениците**

Училиштето ја почитува политиката на упис на ученици соодветно на насоките на надлежните институции. Сите ученици имаат подеднакви можности да конкурираат за упис во училиштето во прва година или со молба и барање за упис во втора, трета и четврта година на почетокот или во текот на учебната година. На учениците со посебни образовни потреби им се овозможува да се запишат врз основа на доставена молба до училиштето. Се следат учениците кои се испишуваат врз основа на законска процедура.

Секоја година се одржува Отворен ден наменет за учениците од основно образование . Во организација на управата на EAST GATE,во нивните простории имаа можност да се промовираат средните училишта ,меѓу кои и нашето училиште ,исто така ,во организација на Град Скопје се одржа промоција на училиштето на градскиот плоштад .

Професорите по италијански јазик посетија основни училишта со цел запознавање на учениците со наставните програми по овој предмет и сите придобивки од неговото изучување.

Податоците за испишани и запишани ученици се ажурираат квартално. Редовно се соработува со основните училишта во информирање за проодност на учениците, односно запишани ученици во прва година.

**Индикатор:**

**Редовност во наставата**

Во училиштето континуирано и систематски се следи редовноста на учениците. Недостасува систематски приод во анализа на причините за отсуствата на учениците. Во училиштето се води редовна евиденција на отсуствата, родителите и учениците редовно се информираат за педагошките мерки со кои се соочуваат поради неоправданите отсуства. Се врши редовно писмено информирање на родителите за законските рамки, во однос на регулирањето на отсуствата на учениците. Со оглед на фактот што изостаноците претставуваат еден од најголемите проблеми со кои училиштето се справува, се водат индивидуални и групни советувања од страна на стручната служба. Родителите навремено се информираат за бројот на изостаноците, се разговара со нив и се организира советување на родители.

Поведението на учениците на крајот на наставната 2022/23 година е следен: од вкупно 1087 ученици 1061 ученици со примерно поведение, 22 со добро поведение 4 ученици со незадоволително поведение. Поведението на учениците на крајот на наставната 2023/24 година е следен: од вкупно 1080 ученици 1032 ученици со примерно поведение 35 со добро поведение 13 со незадоволително Приказ на изостаноци Во учебната 2022/23 година има вкупно 58 208 ( 53.30 просечно изостаноци ник), оправдани 54 878 и неоправдани 3 330 Во учебната

2023/24 година има вкупно 59296 изостаноци (54,9 просечно изостаноци по ученик) 55948 оправдани и 3348 неоправдани.

Во споредба со претходната учебна година 2022-2023 може да се забележи мал пораст на бројот на изостаноци

Бројот на изостаноци укажува на зголемување на отсуствата на учениците . Со цел и понатаму да се намалат изостанувањата, наша заложба и во иднина ќе биде поголема ангажираност на наставниците и на педагошко-психолошката служба, но и поголема вклученост на родителите во поглед на навременото информирање за причините за отсуството на учениците.

**Индикатор:**

**Осипување на учениците**

Училиштето го следи осипувањето на учениците, делумно ги анализира причините.Се следи осипувањето на ученици по полова структура и националност. Осипувањето е ниско- помало од 1%, а во голем број паралелки составот останува ист во текот на сите четири учебни години.

**Индикатор:**

**Премин на ученици од едно училиште во друго**

Училиштето ја почитува постапката за премин од едно во друго училиште. При преминот во друго училиште ги доставува значајните информации за образовниот развој на ученикот, а при премин на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

## 2.3. Повторување на учениците

Индикатор:

**Ученици што не ја завршуваат годината/образованието**

Во училиштето постојат пропишани процедури за идентификација и анализа на причините за повторување на учениците. Училиштето ги запознава учениците и родителите со политиката за напредување, активностите што ги презема и со правото за поднесување жалба при повторување на учебната година, во согласност со Законот за средно образование и Статутот на училиштето. Сепак, ова не е применливо во практиката, со оглед на фактот што повеќе од десет години ниту еден ученик не ја повторил годината.

Во училиштето, последните две учебни години нема ученици кои ја повторувале годината, што се должи на преземените активности на училиштето за следење на учениците, дополнителната настава во текот на годината, работа на педагошката служба со учениците кои имаат потешкотии во учењето. Се организираат и групни работилници кои се одржуваат од страна на психологот, а секако придонесуваат и задолжителните подготовки пред поправните испити во јунскиот и августовскиот испитен рок.

Во учебната 2022/23 год. на поправен испит биле упатени 18, а на испит на годината 14 ученика. Во учебната 2022/23 година. На поправен испит нема ниту еден ученик на испит на годината е упатен еден ученик од трета година .( Ученикот не е оценет по 12 предмети) . Во учебната 2023/24 година на поправен испит е упатен 1 ученик по 2 предмети и двајца ученици по еден предмет на испит на годината е упатена една ученичка од втора година по 12 предмети.

## *Резиме на подрачјето „ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ“:*

Од спроведените истражувања, може да заклучиме дека:

- Во училиштето се прави полова диференцијација на постигањата по наставни предмети.

- Што се однесува до резултатите од натпреварите кои се организираат на локално, регионално и државно ниво, учениците постигнуваат одлични резултати.

- Резултати од учество на натпревари: Надарените ученици се идентификуваат од страна на предметните наставници преку оценки и лична евиденција и проценка на секој наставник одделно. За сите надарени и заинтересирани ученици, со цел да се прошири и да се подобри знаењето по одделни воспитно- образовни подрачја, се организираат часови за додатна настава. Овие ученици го претставуваат училиштето на натпревари, манифестации, проекти во земјата и надвор од земјата. Како мотивација и награда за нивните постигнувања, училиштето континуирано и јавно го истакнува нивниот успех како гордост и радост за гимназијата.

- Кај детектираните ученици со потешкотии во учењето, од страна на предметните наставници, а во комуникација со класниот раководител и во соработка со психолошко- педагошката служба се преземаат одредени активности како што се групна и индивидуална работа на дополнителна настава а психологот реализира групни работилници на тема „Техники за ефикасно учење “, како и индивидуална работа со ученици со потешкотии во учењето. Дефектологот интензивно и посветено работи со секој уценик со посебни образовни потреби и е во постојана комуникација со класниот раководител и предметните наставници на тие деца.

- **Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование**

  Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус, почнувајќи со уписот на учениците во училиштето, критериум за упис се 60 бода (од успех во основното училиште, па сè до полагање на матурските испити).

- Компаративната анализа покажува значајно опаѓање на успехот на одличните ученици - и тоа на крајот од првото полугодие на учениците од прва година кои се запишале во училиштето со одличен успех. Ова особено се забележува кај одделни предмети како што се: математика, физика, хемија, биологија. Причини за послабите постигања се:
  - адаптационите потешкотии;
  - слабите предзнаења;
  - примена на различни критериуми за оценување во основно и средно образование; о неизградениработнинавики;
  - непознавање на методите и техниките за рационално учење.

  - По извршената анализа според полова класификација дојдовме до заклучок дека девојчињата постигнуваат подобар успех од момчињата во сите четири години. Успехот се подобрува во трета и четврта година. Тоа се должи на адаптирањето на учениците во средината, поголема зрелост на учениците, изборот на подрачјето кое сакаат да го учат и др.

- Најголем проблем претставува редовноста на учениците во четврта година, што подолго време не може да се реши.

## Клучни јаки страни

- Современи услови за работа
- Позитивна клима, соработка, емпатија и отворена комуникација со учениците
- Активност на учениците во воннаставни активности
- Учество на натпревари и освојување на награди

## Слаби страни

- Голем број на ученици во паралелките
- Слаби стратегии за поттикнување на интересот за учење кај учениците
- Намалена редовност во наставата во завршната година на средното образование

## Идни активности

- Преземање активности за намалување на бројот на ученици во паралелките во нашето училиште .

- Да се продолжи со организирање на обуки за наставниците со практични и реално применливи начини за настава која ќе го разбуди интересот на учениците за учење.

- Преземање активности за намалување на бројот на изостаноци во четврта година;

- Да се продолжи со преземање на стратегии за пројавување на интерес кај матурантите за подготвителна настава која се изведува во нашето училиште, за подобри резултати на матурските испити.

Подрачје 3

# УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## Методолошка рамка за подрачјето „УЧЕЊЕ И НАСТАВА“:

Преглед на документација преку архивски метод

- Годишни, тематски планирања/тематски планирања и оперативен план за наставен час; -планирања за додатна, дополнителна настава, воннаставни активности, слободни часови/ проектни активности;
- Пропишана/договорена интерна процедура за планирањата и следење на планирањата на наставниците; -евидентни листови /инструменти за следење на планирањата на наставниците; -записници од состаноци на стручните активи;
- Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовките на наставни часови; -записници од средби на инклузивниот тим со активи и наставници;
- Извештаи од следење на планирањата,
- Распореди за реализација на наставни и воннаставни активности;
- Записници од работата на тимот за училишна интеграција - ТУИ.
- Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час; -интрумент за следење и вреднување на изведбата на наставниот час; -инструмент за следење и вреднување на водењето и текот на наставниот час,
- Инструмент за следење и вреднување за воспоставување клима во паралелката;
- Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците; -инструмент за следење и вреднување на комуникацијата на наставникот со учениците; -годишни, тематски, дневни планирања; -програма за учење преку работа;
- Професионално досие на наставникот;
- -Анкета за учениците
- Записници од разговорите со ученичката заедница, родителите, наставниците;
- Увид во ученичките досиеја;
- Увид во евиденцијата на стручните соработници;

- Програмата за работа и извештаи на ученичката заедница;
- Увид на заедничкиот училиштен простор;
- Записници на ученичка заедница,
- Записници од класни и наставнички совети
- Записници од совет на родители
- Наставни планови и програми
- Годишен извештај за работа на училиштето
- Прашалник за изборни предмети
- Прашалник за проектни активности
- Дневници за работа на паралелки
- Дипломи од натпревари,
- Интерен правилник за оценување;
- Стандарди за оценување; - увид во педагошката евиденција и документација;
- Користените инструменти за оценување;
- Примери на оценети ученички трудови;
- Извештаи од стручни соработници за следени планирања;
- Записници од инклузивниот тим; записници од стручните активи, наставничкиот совет;
- Евиденција на наставниците за остварените средби и соработката со родителите;

## 3.1. Планирања на наставниците

Индикатор:

**Поддршка и следење на планирањата на наставниците**

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата и планирањата на наставниците од страна на директорот, стручните соработници и останатите членови на менаџерскиот тим.

Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите во планирањата на наставниците.

Инклузивните тимови обезбедуваат поддршка за изработка на ИОП ( диференциран пристап и начин на работа ).

Поддршката која училиштето им ја дава на наставниците за поефикасно планирање на часовите се спроведува преку следните активности и ресурси:
-обезбедување на наставни планови и програми од Бирото за развој на образованието но констатирано е дека наставниците имаат голема потреба од директна комуникација со самите советници одредени во зависност од предметот, соработка со педагошко - психолошката служба, посета на часови од страна на директор, педагог, психолог -учество на наставниците на вебинари, работилници, обуки, семинари, компјутери и останата ИТ опрема потребна за реализација на наставни и воннаставни активности, кабинети за работа, библиотека.

Од разговорите со наставниците (метод на интервју преку фокус групи) е констатирано дека обуките сепак не се доволни за наставниците да бидат доволно надградени во својата област и потребно е да се обезбеди почесто учество на обуки и семинари со ефективна содржина.

Во однос на ставот кој го имаат наставниците околу можноста за поддршка и креирање на наставните планови, на прашањето „***Наставниците имаат можност да влијаат на креирањето на наставните планови и учебниците***“, 9,7% потполно се согласуваат, 19,4% делумно се согласуваат, 45,2% делумно не се согласуваат и 25,8% потполно не се согласуваат.





На тврдењето „ Сите наставници навремено ги планираат редовната, додатната, дополнителната настава и вонндаставните активности“ , 58,1% од испитаниците одговориле дека потполно се согласуваат, 25,8% делумно се согласуваат, 12,9% не се согласуваат.

Индикатор:

**Индивидуални планирања на наставниците**

**Индивидуалните планирања што наставниците** ги изработуваат за реализација на наставните планови и програми се: годишен глобален план, тематско-процесно планирање и оперативен план за наставен час, план за додатна и дополнителна настава,план за проектни активности, ИОП.Во

училиштето сите наставници изготвуваат годишни и тематски планирања според работниот календар, кои на почетокот од секоја учебна година ги доставуваат до стручната служба. Во планирањата јасно се определени составните елементи: распоред на содржини и активности ( нов материјал, вежби за повторување, ИКТ во наставата) наставни форми, методи и техники на учење, планирани цели, очекувани исходи, предлози на активот за поголема заинтересираност на предметот, видови на активности за меѓуетничка интеграција, како и временска рамка за реализација на истите. Планирањата се следат од педагошко-психолошката служба на почетокот на учебната година и во текот на годината при посетите на часови на наставниците.

Индикатор:

## Размена на искуства и на информации при планирањето

Размената на искуства и идеи помеѓу наставниците во врска со планирањето на часовите се остварува преку:

- состаноци во рамките на активот
- секојдневни неформални разговори и дискусии во колективот
- разговор со колеги од истородни предмети од други училишта
- консултирање на експерти од науката и наставата - применување на советите и укажувањата на стручната служба, директорот, советниците и инспекторите.

Индикатор:

## Распоред на часови

Распоредот на часови се изработува во согласност со наставниот план. Го изработуваат наставници од училиштето во консултација со директорот и наставниците, почитувајќи ги пред сè интересите и потребите на учениците, но и

на самите наставници и наставен процес. Се изработува распоред за дополнителна и доддатна настава и истиот доставува на увид до учениците, родителите и надлежните институции.

## 3.2. Наставен процес

Индикатор:

**Наставни форми и методи**

Во наставата се применуваат следните форми на настава: Настава низ предавање, учење водено со откривање (најчесто преку дискусии), отворено учење (каде учениците можат да учевствуваат во одлучувањето), учење преку проекти. Најзастапени форми на учење се: заедничка, фронтална настава, индивидуална настава, групна настава ( работа во мали групи, работа во парови) Наставниците успешно ги развиваат клучните компетенции за животни вештини (најмногу на класните часови). Најголем број од наставниците користат разновидни наставни форми кои се во согласност со потребите и можностите на учениците. Во наставата се применуваат следните методи и техники на настава: Метод на разговор, усно излагање - монолошки метод, дијалошки метод, метод на анализа и синтеза, метод на индукција и дедукција, метод на истражување и презентација, дебата и дискусија, метод на решавање на проблеми, метод на играње улоги, текст-метод, метод знам, научив и сакам да знам (ЗСНУ), метод: улога, публика, форма и тема (УПФТ), метод на експеримент, метод на критичко мислење, метод на актуелизација на наставата, цртање - илустација и друго.

Од разговорот со наставниците произлегува дека во наставата ги применуваат следните наставни техники: грозд, дијамант, вртелешка, бура на

идеи, Венов дијаграм, употреба на табели и графици, дискусија, техника на 6 основни прашања, ментални мапи, вртелешка, сложувалка, групно истражување, загатки, квизови, техники од ЧПКМ, истражување на авторот, петоред, т табела, техника на играње на улоги, семафор, картички, инсерт систем.

Во контекст на одредување на степенот на примена на активна настава наставниците одговориле дека применуваат активна настава и користат помошни нагледни средства.



На тврдењето „ ***На часовите наставниците користат различни техники и методи на предавање***“, 29,1% од учениците одговориле дека потполно се согласуваат, 36.1% делумно се согласуваат, 24,8% делумно не се согласуваат и 10% потполно не се согласуваат.

Индикатор:

**Употреба на ИКТ во наставата**

Најголем број наставници се обучени за употреба на ИКТ во настава. Повеќето од нив ја користат често при реализација на часовите и наставни содржини.

Во текот на реализација на наставните содржини со далечина на учење ( начин на работа за време на дојавите за бомби во училиштата ) наставниците работеа на развивање на дополнителни вештини и современи техники и активности за реализација на виртуелните часови и активности.

На тврдењето „***Наставниците ја користат smart -табла за време на предавањата***“ 68,3% од учениците одговориле дека потполно се согласуваат, а пак 26,1% дека делумно не се согласуваат.



Индикатор:

## Избор на задачи, активности и на ресурси

Наставниците им задаваат на учениците различни задачи и активности кои се прилагодени на индивидуалните образовни потреби и афинитети на учениците и нивното темпо на учење. Изборот и подготовката на задачите и активностите се користат различни ресурси, не ограничувајќи се исклучиво на одобрените учебници. Како најзастапени активности што ги применуваат наставниците се: изработување на домашни задачи, проекти, презентации, есеи, драматизација на ликови, симулација на ситуации, проективни техники и друго. На учениците им се овозможува да напредуваат според сопствените можности во сите ситуации кога се проценува потреба за наведеното.

Индикатор:

## Приодот на наставникот кон учениците

Сите наставници се однесуваат кон учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање. Притоа, не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло и етничката и

религиската припадност. На часовите и во комуникацијата со учениците и меѓу учениците се стимулира почитување на рзличностите и поттикнување да не се користат полови, етнички, религиски и други стереотипи.

На тврдењето ***„Наставниците со учениците се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба“*** 33,2% од учениците одговориле дека потполно се согласуваат, 40,6% делумно се согласуваат, 18,8% делумно не се согласуваат и 7,4% потполно не се согласуваат.



Индикатор:

**Интеракција меѓу наставниците и учениците**

**-**Наставниците водат грижа да се обезбедат еднакви можности за учениците без оглед на полот, социјалното потекло, националната или религиска припадност. Во училиштето наставниците ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните резултати од учењето.

Наставниците користат различни приоди за интеракција со учениците преку:

- отворена дискусија;
- поставување на учениците во улога на наставници;
- пофалби кога е тоа соодветно;

- избор на проектни активности;

- избор на матурски проектни задачи;
- учество во воннаставни активности;
- учество во натпревари.

## 3.3. Искуства на учениците од учењето

Индикатор:

**Средина за учење**

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина. На учениците им се допаѓа средината за учење во училиштето. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места во училниците и училиштето и тие влијаат мотивирачки, а се користат согласно со целите на наставата.

На тврдењето „***Училиштето има стимулативна средина за учење***“, 28,7% од учениците од говориле дека потполно се согласуваат, 43,9% дека делумно се согласуваат, 19,6% делумно не се согласуваат и 7,8% потполно не се согласуваат.






На тврдењето „***Наставниците го поттикнуваат нашиот интерес за учење***“, 14,3% од учениците потполно се согласуваат, 35,9% делумно се

согласуваат, 30,7% делумно не се согласуваат, а пак 19% потполно не се согласуваат.

Индикатор:

**Атмосфера за учење**

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и дека за време на часот голем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно критички и креативно да размислуваат. Наставниците со употреба на повеќе приоди настојуваат да ги поттикнат учениците да се вклучат активно во наставата, да поставуваат прашања и да изведувааат заклучоци за она што го учат. Притоа, постои атмосфера на меѓусебна почит и соработка меѓу наставникот и учениците и меѓу самите ученици.

Индикатор:

**Поттикнување на учениците за преземање одговорност**

Учениците сметаат дека имаат можност да го искажуваат своето мислење и тоа да биде сериозно земено предвид при решавањето проблеми и одлучувањето во училиштето.

Учениците се поттикнати и охрабрени да размислуваат самостојно, да преземаат лична одговорност преку:

- самостојно активно учење

- реализација на часови од страна на ученици
- изработка на проекти
- учество во класна заедница
- учество во еко-активности
- младинска организација
- соработка со локална средина
- учество на натпревари и саеми

На тврдењето ***„Професорите очекуваат да преземам одговорност за мојата работа на училиште“*** 62,3 од учениците одговориле дека потполно се согласуваат и 33,8% дека делумно се согласуваат.



Индикатор:

<u>**Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето**</u>

Училиштето, освен воспитно-образовна, има и социјална функција, која успешно ја остварува. Учениците сметаат дека училиштето, низ организирани

форми поттикнува, мотивира и остварува соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето.

На тврдењето „***Професорите и другите ученици со почит се однесуваат кон мене***“, 42,6% од учениците одговориле дека пополно се согласуваат, 39,6% дека делумно се согласуваат, а пак 11,7% дека делумно не се согласуваат.





На тврдењето „***Вработените - наставници и стручни соработници кон нашите деца се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба***“ 55,6% од родителите одговориле дека потполно се согласуваат, 35,1% дека делумно се согласуваат. На тврдењето ***„Вработените во училиштето се љубезни и јас се чувствувам добредојден“*** 73,5% од родителите одговориле дека потполно се согласуваат, а пак 24% делумно се согласуваат.



Што се однесува до взаемната почит помеѓу учениците и наставниците, родителите на тврдењето ***„Постои взаемна почит и разбирање меѓу наставниците и***



***учениците во училиштето“*** потполно или делумно се согласуваат со 92.2%.

## 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Индикатор:

**Идентификување на образовните потреби на учениците**

Наставниот кадар и стручната служба во континуитет ги идентификуваат општите образовни потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење и тековно превземаат обврски за нивно подобрување и надминување. За своите образовни потреби, учениците разговараат со класниот раководител на класните часови, а наставниците разговараат на класните совети, наставничкиот совет и на советот на родители, состаноците на активи. Педагошко-психолошката служба низ соработка со учениците, родителите и наставниците обебедува поддршка за учениците во наоѓањето на потребите на учениците и можностите за совладување на наставните содржини и постигнување на целите при учење.

Образовните потреби на учениците се идентификуваат и преку можноста тие да изберат:

- пакет од изборни предмети
- проектни активности
- предмети за државна матура или училишна матура
- Почитување на различните потреби на учениците во наставата
  Во самиот процес на подучување и при оценување на учениците, наставниците користат повеќе техники со единствена цел: на учениците да им се даде можност за полесно и поуспешно совладување на наставниот

материјал и наедно да се мотивираат да го постигнат својот максимум. Наставниот кадар и стручната служба систематски ги препознаваат образовните потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик. Се преземаат активности за исполнување на потребите и отстранување на пречките на секој ученик.

## 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Индикатор:

**Училишна политика за оценување**

Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето има дефинирана политика за оценувањето, во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето има критериуми за оценување по најголемиот дел од предметите кои се усогласени во рамките на активите. Наставниците ги информираат учениците за критериумите на оценување , а родителите при индивидуалните консултации.

Училиштето има свој интерен правилник на оценување како договорена политика за оценување, чија главна цел е подобрување на успехот на училиштето.

Индикатор:

**Методи, форми и инструменти на оценување**

Постигнувањата на учениците во училиштето се оценуваат со користење на различни форми, методи и техники: писмени работи, усна проверка, тестови и

контролни задачи, практични задачи и вежби, изработка на проекти, самостојни изработки, континуирано следење на нивните активности за време на часовите, евидентни листови, чек-листи, самооценување, оценување во парови.

Наставниците ги евидентираат сите активности на учениците и врз база на тие податоци јавно ја формираат оценката на ученикот. Приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата. Поголем дел од наставниците овозможуваат учениците да се вклучат во оценувањето и практикуваат да го стимулираат ученикот да се самооцени или ја слушне проценката од групата врсници за степенот на совладаност на градивото.

При следењето на напредувањето на ученици со пречки во развојот се следи индивидуалниот образовен план, диференцираните цели, нивното постигнување и оценува ученикот соодветно на постигнувањата.



Од спроведената анкета, на тврдењето ***„Наставниците континуирано го следат нашиот напредок и користат разновидни методи и форми за оценување“***, 25,7% од учениците потполно се согласуваат, 41,3% делумно се согласуваат, 22,2% делумно не се согласуваат и 10,9% потполно не се согласуваат.

Индикатор:

**Користење на информациите од оценувањето во наставата**

Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и даваат општи и индивидуални совети за подобрување на успехот. Голем акцент се става на вреднување на тековните постигања на учениците и идентификување на идните активности што ќе се применуваат во учењето. Наставниците целосно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и модифицираат планирањето и спроведувањето на наставата со единствена цел - зголемување на квантумот на знаење кај учениците и подобрување на нивниот успех.

## 3.6. Известување за напредокот на учениците

Индикатор:

**Известување на родителите за напредокот на учениците**

Известување за постигнатиот успех и напредок на учениците, родителите добиваат преку:

- разговори со класниот раководител
- разговори со предметните наставници поединечно
- разговори со педагошко-психолошка служба

- родителски средби
- евидентни листови
- Е дневник

Интересот на родителите за напредокот на нивните деца, училиштето го задоволува преку:

- редовно одржување на родителски средби
- средби и разговори со класен раководител и предметни наставници
- разговори со педагошко-психолошка служба
- учество на родителите во советот на родители на училиштето

• учество на родителите во Училишниот одбор на училиштето
• отворени денови
• приемни денови

На овие средби се разговара за успехот и поведението на учениците, однесувањето на учениците во и надвор од училиштето, за потребата и корисата од образованието, избегнување на негативните влијанија и појави во општеството, негување на позитивните карактеристики на личноста, формирање на општествено корисни индивидуи.

Водењето на Е-дневникот се одвива редовно и одговорно, со постојана контрола од стручната служба. На тој начин родителите најлесно се информирани за оценките и редовноста на своето дете, писмените работи и тестовите на знаење, поведението и слично.

На тврдењето „***Редовно и навремено сум***



***информиран/на за постигнувањата на моето дете во училиште“*** 82,7% од родителите потполно се согласуваат, а пак 15,8% делумно се согласуваат.

### *Резиме на подрачјето „УЧЕЊЕ И НАСТАВА“:*

## Клучни јаки страни

- Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручната служба и/или лица назначени од стручните органи.

- Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрираното образование и еколошките содржини во планирањата на наставниците.
  - Училиштето остварува соработка со ресурсните центри и други релевантни институции и обезбедува поддршка за изработка на ИОП.

- Сите наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава, како и воннаставните активности.

- Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата, а наставничкиот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги детектира потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.

- Активностите на наставниците и на учениците се планирани ефективно да се искористи времето од часот што ќе придонесе кон постигање на очекуваните резултати. -Наставниците планираат во рамки на стручните активи, користат дигитални содржини, преку регионална соработка со други училишта, консултираат експерти, користат меѓународни искуства и др.

- Распоредот на часови е изработен согласно наставниот план и почитувајќи го

најдобриот интерес на ученикот.

- Училиштето навреме изработува распоред за додатна и дополнителна нас тава, слободни часови/проектни активности и тој се реализира според предвидената динамика.
- Изработенитетрудовиодстрананаучениците сеизложуваатнавидноисоодветномес то во училница или во училиштето.
- Во училиштето се учат работи кои се применливи и корисни во секојдневниот живот.
- Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.
- При решавањето на проблеми и одлучување секогаш наставникот го зема во предвид мислењето на учениците.
- Учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето
- Наставниците имаат посебен начин на работа доколку некој ученик има посебни потреби или потешкотии во учењето.
- Учениците кои имаат потешкотии при совладување на материјалот наставникот ги советува редовно да посетуваат дополнителна настава.
- Доколку наставникот забележи пречки во учењето навремено презема мерк и за нивно отстранување
- Наставниците имаат посебен начин на работа доколку некој ученик има посебни потреби
  или потешкотии во учењето.

- Учениците кои имаат потешкотии при совладување на материјалот наставникот ги советува редовно да посетуваат дополнителна настава.
- Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување.
- Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата.
- Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.
- Родителските средби се добро организирани и корисни и на нив јасно се пренесуваат информациите.
- Родителите редовно го користат електронскиот дневник за да се информираат за успехот и повоедението на нивните деца.

## Слаби страни

- Недоволно застапена употреба на методот на самооценување на учениците, со цел тие да стекнат претстава за тоа колку знаат и сами да го вреднуваат своето знаење.

## Идни активности

-Училиштето да организира иницијативи до надлежните институции за олеснување и намалување на обемот на административна работа што ќе ја олесни работата на наставникот и создаде поголем простор за креативна работа со учениците, како и професионалното и лично усовршување.

- Покренување на иницијативи до надлежните институции за поголема можност за влијание во креирањето и измените на наставните планови и програми од страна на наставниците, стручните соработници и родителите.

- Поголема застапеност на методот на самооценуавање и овозможување негова адекватна примена во работата со учениците.

Подрачје 4

# ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## Методолошка рамка за подрачјето „ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ“:

Преглед на документација преку архивски метод

-Увид во просторниот капацитет на училиштето;

-Протоколи за постапување и елиминирање на ризици;

-Годишна програма за работа на училиштето

-Програма за работа на директорот

-Програма за работа на педагошко-психолошка служба во училиштето

-Записници (евидентни листови)

-Анкети

-План за заштита и спасување во случај на пожар и елементарни непогоди

- Статут на училиштето;

- Програма за работа на стручните служби

- Разговор со наставниот кадар и учениците

- Програма за спречување и реагирање во случај на насилство
  - Куќен ред и кодекси на однесување
  - Записници од индивидуални разговори со родители во педагошката служба
  - Увид во педагошката евиденвија
  - Извештаи за реализирани активности на ППС
  - Протокол за рана детекција и спречување на употреба психоактивни супстанци
  - Податоци за организирани трибини во училиштето и надвор од него
  - Увид во инфраструктурните капацитети и просторните капацитети на училиштето
  - *Годишна* програма за ученици со посебни образовни потреби - *Годишна* програма на инклузивен тим, досиеја на ученици со ПОП, датотека за ученици со посебни образовни потреби
  - Правилник за изработка и реализација на ИОП
  - Интерен правилник за изработка и реализација на ИОП
- Годишна програма за работа на дефектолог

- Програма за работа на инклузивен тим
- Записници од извештаи од советодавни и информативни разговори
- Записници (евидентни листови) од индивидуални разговори со ученици и родители
- Програма за работа на педагошко-психолошка служба
- - Податоци за организирани трибини и предавања во училиштето; евиденција и известувања од училиштето за ученици со емоционални, физички и социјални проблеми; досие на ученикот; годишна програма за работа на училиштето
- Записници од советодавни разговори со класовите во кои учат ученици со ПОП, извештај од разговор со ученик со ПОП, извештај од разговор со родител на ученик со ПОП
- Сертификати од посетени семинари, обуки
- Правилник за организација и спроведување на систематски прегледи

  - Записници од надлежни органи за контрола на хигиената и здравјето на учениците

  - План за реализација на активностите на техничкиот персонал

  - ЕКО кодекс

  - Протокол за постапување со ученици со емоционални потешкотии

  - Процедура за постапување со ученици со хронични заболувања

  - Записници од органите на училиштето

  - Извештаи за реализирани предавања-
- Извештаи од работилници

  - Информации изготвени од стручната служба и пласирани преку расположивите медиуми во училиштето

  - Програма за професионална ориентација на учениците -Флаери

  - Записници од индивидуални разговори со родители и ученици

  - Увид во дневникот за работа; педагошка евиденција и спроведени анализи од статистики по квартали, како дел од педагошката документација;

<u>Метод на интервју и метод на анкетирање</u>

- директор

-педагог

-психолог

- дефектолог
- наставници
- -родители
- -учениц
- -тим за подрачје 4

## 4.1. Севкупна грижа за учениците

Индикатор:

**Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**

Училишниот простор е безбеден за извршување на наставниот процес. Во однос на безбедноста на учениците во училиштето, од страна на вработените целосно се води грижа за нивната сигурност за време на нивниот престој во училиштето. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда.

Инфраструктурно просторот во училишната зграда (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места итн.) е обезбеден и сите потенцијално опасни места се безбедни. Во однос на околината на училиштето постои соработка со лица од полицијата кои повремено вршат надзор над просторот и навремено реагираат доколку училиштето ги контактира. Училиштето ги следи пропишаните мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда. Учениците користат заштитна опрема при изведување на практични вежби за одредени предмети. Вработените и учениците во училиштето се осигурани.

Училиштето има изготвено *Правилник за заштита од пожари и физичко обезбедување на имотот*, заведен и документиран по дел.бр. 01-101 на 26.2.2002 год. кај правната служба во училиштето.

Постои *План за заштита и спасување* и *План за евакуација* во училиштето, а изведена е и симулација на евакуација во училиштето. Планот за Заштита и спасување на училиштето се ажурира според препораки и насоки на инспекторатот за безбедност при работата.

Во училиштето постојат и одговорни лица со сертификат за прва помош. Истата обука е изведена и со целиот наставен кадар во училиштето, со цел да има поголема подготвеност за мирна и соодветна реакција и справување со несакани ситуаиции.

Спроведени се обуки за заштита и спасување од Дирекција за заштита и спасување и обука за целиот наставен кадар од страна на одговорно лице од Противпожарниот сојуз. При оваа обука наставниот кадар и останатите вработени се обучени за навремена реакција во таквите ситуации. Училиштето располага со функционални ПП-апарати, внатрешни хидранти и громобранска мрежа со три пункта, два на улишниот кров и една на училишното игралиште и редовно се сервисирани. Училиштето има изработено соодветна шема со евакуациски патеки за движење во однос на просторот во случај на елементарна непогода. Во училиштето секоја година се спроведуваат симулации на евакуација во случај на земјотрес и пожар - со учениците, наставниот кадар, директорот, стручната служба и техничката служба. Недостигаат противпожарни скали за напуштање на првиот кат од зградата во случај на пожар или земјотрес. Во текот на еден месец во учебната 2022 – 2023 училиштето беше изложено на повеќе лажни дојави за бомби при што се реализираше брзо и ефективно напуштање на училишната зграда и обезбедување на безбедноста на учениците и вработените. Во насочувањето на учениците и изведувањето од загрозениот простор беше вклучен директорот, стручната служба, наставниците и обезбедувањето. Се реализираа

преку редовна соработка со вработените од одделенијата за безбедност во полицијата.

Во спроведената анкета, 93.9 % од учениците одговориле потврдно од кои 69% потполно се согласувам и 24.9% делумно се согласувам Во однос на тврдењето дека ***„Училишниот простор е безбеден за изведување на наставни и вонннаставни активности“*** што укажува дека во училиштето се дава висок приоритет на безбедноста, иако и понатаму е потребно да се вложува и со тоа зголеми чувството на безбедност кај најголемиот дел присутни во училиштето.



Индикатор:

## Превенција од насилство

Училиштето има изготвено повеќе документи кои ги адресираат и регулираат ситуациите и појавата на насилство. Документи со кои располага се: *Политика на ненасилство* која се применува во секојдневниот живот на сите присутни во училиштето, *Програма за спречување и реагирање во случај на насилство*, *Протокол за спречување и постапување во случај на насилство и Анти-булинг програма*. Во Статутот на училиштето е нагласено дека при сите облици на насилство (психичко, физичко, сексуално) меѓу учениците, се реагира со соодветни мерки и активности - педагошки мерки и превентивни активности. Во постоечките документи се опфатени и опишани различните облици на насилство и конкретните чекори кои треба да се преземаат од вработените во училиштето, за

да се спречат разните појави на насилство и да се обезбеди сигурен престој. Во Анти- булинг програма, низ акциски планови детално е обработена превенцијата и справувањето со ситуациите на врсничко насилство. Училиштето води евиденција за појавните форми на насилство и притоа изготвува извештаи од разговор со учениците кои пријавиле неадекватно однесување. Доколку ученик пријави домашно насилство стручната служба пријавува до соодветните институции. Документите се достапни за сите – наставници, ученици, родители и сите посетители или надворешно соработници на училиштето. Активностите за заштита и безбедност на учениците, училиштето ги координира со институциите во локалната заедница. Децата кои трпат насилство, децата кои применуваат форма на насилство, сведоците и нивните родители се запознаени со правата и процедурите за постапување во ситиации на манифестирано насилство и се реализира советување. Во училиштето е воспоставена процедура за пријавување на поплаки во случај на изложеност на некоја форма на насилство – определена мејл адреса каде учениците можат да пријават и одговорно лице каде може да пријават.

Стручната служба, класниот раководител, или другите наставници, се должни да ги известат надлежните институции доколку забележат какви било манифестации на насилство и злоупотреба кај учениците.

Училиштето располага со документи каде се пропишани адекватните форми на однесување, во кој се дефинирани облиците на однесување кои се недозволени, поточно кое однесување треба да се стимулира и однесување кое епотребно да се корегира. Во училиштето се забранува секаков вид насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците.

Редовно се реализираат проекти од областа на ненасилството и безбедната средина за учење, во кои се вклучени наставниците и учениците. Стручната служба и наставниците активно работат на превенција на случаи на насилство. Со учениците во прва година се реализираа превентивни работилници за ненасилство од страна на училишниот психолог, додека во втора година се реализираат работилници за безбедност и заштита од сексуално вознемирување. Училиштето располага со тим за безбедност кој редовно соработува со

одделението за Образование при Град Скопје и одделението за Превенција при СВР-Скопје и се реализираат заеднички активности со кое во месец април 2024 година се реализираше трибина на тема Семејно насилство и родово базирано и партнерско насилство.

Во текот на учебната 2022-2023 година се реализираа повеќе работилници на тема Превенција и спречување на врсничко насилство во училиштето во соработка со НВО ,,Рубикон “. Во текот на учебната 2023-2024 со учениците и наставниците се реализираше проект на тема „Дигитализација и сајбер безбедност“, како и работилница за „Безбедност и заштита од сајбер насилство“ за девојчињата во соработка со Центарот за човекови права во кои беше вклучена ученичката заедница и ученици од училиштето.

Во анкетата, 81,3% од учениците одговориле потврдно од кои 54.3% потполно се согласувам и 27% делумно се согласувам на тврдењето ***,,Во училиштето се реагира навремено и соодветно кога се работи за ситуации на насилство“*** што укажува висок процент увереност во навремена реакција при ситуации на насилство кај учениците за реактивноста на училиштето и секако потребно е да се работи и понатаму на идентификување, превенција и креативни решенија за справување за да се зголеми процентот на доверба кај сите ученици.



Потоа, 87% од учениците одговориле потврдно од кои 64.8% потполно се согласувам и 22.2% делумно се согласувам на тврдењето ***,,Кога не се чувствувам безбедно во училиште имам и знам каде да се обратам,,*** кои проценти во одговорите за перцепцијата кај учениците исто така укажуваат на јасна претстава кај учениците за реактивноста на службите и возрасните во училиштето при ситуации кога не се



чувствуваат безбедно. Секако за сите ситуациии на намалена безбедност и перцепција за безбедност кај учениците треба континуирано да се работи и вложува.

На тврдењето „***Запознаен сум со процедурите што постојат во училиштето за заштита на децата***“ 93,5% – од одговорите на наставниците се потврдни од кои 77,4% (24) – потполно се согласуваат, 16,1% (5) – делумно се согласуваат, 6,5% (2) – делумно не се согласуваат, 6,5% (2) – не се согласуваат. Според тврдењето, наставниците се запознаени со процедурите за заштита на децата и истите ги применуваат секојдневно; На тврдењето ***„Училиштето успешно се справува со појава на секаков вид на малтретирање на децата во училиштето“*** 93,6% од одговорите на наставниците се потврдни од кои 74,2% (23) - потполно се согласуваат, 19,4% (6) - делумно се согласуваат, 6,5% (2) – делумно не се согласуваат, 6,5% (2) - не се согласуваат. Високиот процент на одговори се позитивни во однос на подготвеноста и реакцијата на училишниот кадар при справување со било каков вид на малтретирање на децата во училиштето.





На тврдењето „***Сметам дека во училиштето при ситуации на насилство се реагира навремено и соодветно на протоколот за справување со насилство***“ , одговорите од наставниците се 100% – потврдни, од кои 80,6% (25) - потполно се



согласуваат, 19,4% (6) - делумно се согласуваат. Сите наставници во училиштето сметаат се споведува навремена рекација според протоколот за справување со насилство.

Индикатор:

**Заштита од пушење, алкохол и дрога**

Училиштето води политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција на дрога и останати психоактивни супстанци и располага со *Протокол за рана детекција и спречување на употреба на психоактивни супстанции во училиштето*.

Во училиштето, канцелариите, тоалетите, училишниот двор и останатите простории пушењето е забрането согласно со **Законот за заштита од пушење** и поставени се плакати на видни места со соодветната информација за забрането пушење.

За училиштето како воспитно-образовна институција, е предизвик справувањето со овие појави кај учениците, особено по завршувањето на наставниот процес.

Во училиштето е строго забрането и казниво да се консумира алкохол и забранета е дистрибуција и консумирање на психоактивни супстанци.

Училиштето како институција е во постојана соработка со локалната самоуправа, како и со МВР, Црвениот крст и други невладини организации при што се организираат разни работилници, предавања и едукативни семинари на учениците, на кои им се презентирани опасностите од пушењето, алкохолот и дрогата како превенција.

Индикатор:

**Квалитет на достапна храна**

Училиштето нема организиран оброк. Учениците ги користат околните продавници за време на одморите. Што се однесува до продавниците за храна во

непосредната околина – училиштето нема надлежност да го контролира квалитетот на храна што им се продава на учениците.

Индикатор:

**Поддршка на ученици со пречки во развојот/физичка попреченост**

Училиштето има инклузивен тим за секој ученик со посебни образовни потреби и инклузивен тим на ниво на училиште. Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот и за учениците со физичка инвалидност, содржани во постојните документи - процедури за грижа на учениците со телесен инвалидитет, *Програма за ученици со посебни образовни потреби* и *Програма на инклузивен тим*. Педагошко-психолошката служба води датотека со евиденција за ученици кои се образуваат според ИОП, педагошки досиеја, записници од разговори и работа со ученици и родители. Со работата на инклузивните тимови овозможена е континуирана и соодветна помош и поддршка, согласно со образовните потреби на учениците со ПОП и приспособување на поддршката според сознанијата од следење на напредокот.

Во училиштето има ученици со попреченост и посебни образовни потреби. Училиштето се стреми кон исполнување на индивидуалните потребни на овие ученици со цел лесно и успешно прилагодување на средината.

Училиштето соработува со надлежни и стручни институции, стручни лица, невладини организации и со родителите во обезбедување адекватна поддршка на учениците со ПОП. Училиштето обезбедува механизми за поттикнување на социјалната инклузија на учениците со ПОП и развивање на вештините кај соучениците во давање помош и грижа кон учениците со ПОП.

Учениците со ПОП (за кои има потпишана согласност од родител и наод и мислење од релевантна институција) се образуваат според ИОП и за таа цел се изработуваат годишни и тематски индивидуални образовни планови по одделни предмети. Училиштето располага со интерен *Правилник за изработка и реализација на ИОП* (за помош за наставниците околу поставување на целите и исходите, оценувањето итн.) Наставниците ги следат овие планови и работат според насоките на стручната служба при што ваквата соработка се покажува како многу успешна.

Во досегашниот период се релизирани повеќе обуки за поддршка на наставниците за работа со ученици со ПОП. Континуирано се извршува надополнување на *датотеката* за ученици со посебни образовни потреби.

Надополнувањето се извршува во моментот кога ученик ќе се пријави во стручната служба притоа приложувајќи медицински наод или мислење за својата состојба. Веднаш по пријавувањето се одржува состанок со родителот и ученикот каде се утврдуваат индивидуланите потреби на ученикот кон кои е потребно прилагодување. Во училиштето се негува однос на соработка и почит помеѓу родителите на учениците со ПОП и училиштето. Родителите се рамноправен член во инклузивниот тим и ги одобруваат ИОП за учениците изработени од наставниците околу соодветноста на поставените цели во ИОП бидејќи, сепак, тие поминуваат најголем дел од времето со своите деца и најдобро ги познаваат. Во текот на учебната година редовно се одржуваат состаноци на инклузивните тимови. Состаноците се наменети за дискусија и следење на напредувањето на ученикот од страна на присутните. На почетокот на годината е подготвува ИОП за секој предмет посебно при што пред.наставник ја продолжува својата работа со ученикот на база на истиот. Индивидуалните образовни планови ги содржат прилагодувањата за секој предмет, во однос на цели, приод, начин на работа, како и наведени алтернативни начини на оценување, вреднување на знаењето и прилагодувања при креирање на тестови и прашања за учениците за кои тоа е потребно.

Во училиштето постојат одредени механизми за вклучување на соучениците во давање помош и водење грижа кон учениците со ПОП и со таа цел извршени се советодавни и информативни разговори со класовите во кои учат ученици со ПОП. Крајниот ефект бил поголемо вклучување на ученикот со ПОП во активностите со класот, поголема припадност кон колективот, повисок степен на инклузивна клима и непостоење на какви било форми на дискриминација.

Пристапот во училиштето е до одредена мера прилагоден за учениците со телесен инвалидитет: постои рампа на самиот влез и широки ходници, има адаптиран тоалет, сепак просторот во училниците не секогаш овозможува непречено движење, има лифт, но недостига асистивна технологија.

Училиштето соработува со невладини организации кои се залагаат за унапредување на животот на лицата со попреченост, како што е Здружение за дислексија – Ајнштајн и Здружение за унапредување на квалитетот на животот на лицата со аутистичен спектар на нарушувања *Отворете ги прозорците*. Во соработка со Невладините организации се спроведуваат обуки и семинари на кои учествуваат стручни соработници при што се здобиваат со сертификати.

Во спроведената анкета, на тврдењето ,,Во училиштето  има еднаков третман кон сите ученици“ , 56.7% потврдно одговориле од кои 32.9% потполно се согласувам и 23.8% делумно се согласувам, додека пак 43,4% не се потврдни, од кои 21,2% делумно не се согласувам и 22,1% потполно не се согласувам, па може да заклучиме дека одговорите на учениците се поделени во однос на перцепцијата што укажува на постоење на услови, ситуации и фактори кои повремено придонесуваат учениците да развиваат перцепција и сознание дека постојат разлики во односот кон учениците и истото укажува на потреба од вложување на напори да се изедначи односот и развиваат релации засновани на



еднаквост и почитување на различности и истите да не влијаат на односот кон учениците.

Индикатор:

## Грижа за учениците од социјално загрозени семејства

Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците со
одредени облици на социјалната загрозеност, но низ соработка со класните раководители и соучениците од паралелката се прават напори да се собираат средства, со цел учениците од социјално загрозени семејства да имаат можност да се вклучат во некои слободни или воннаставни активности.

Доколку се утврди дека ученикот потекнува од социјално загрозено семејство, во тој случај ученикот е изземен од плаќање при различни воннаставни активности, матурски прослави, сликање за табло, екскурзии.

Во соработка со ***Црвениот крст***, клубот ***Хумани срца*** , како и ***ПХВ – проектот*** во рамките на училиштето се организираат хуманитарни збиднувања, изложби, акции за собирање облека и храна за помош и поддршка на многу деца во училиштето и надвор од училиштето.

Во училиштето традиционално секоја година се реализира крводарителна акција, во организација на клубот ***Хумани срца***, при која беа вклучени ученици од трета и четврта година кои ги исполнуваа условите за учество во ваква акција.

Во училиштето нема социјален работник.

## 4.2. Здравје

Индикатор:

**Хигиена и заштита од болести**

Училиштето работи во две смени, со вкупен персонал од единаесет лица, задолжени за одржување на хигиената. Според големината на училишната зграда и просторните капацитети се смета дека бројот е недоволен за да го задоволи капацитетот на двете смени.

Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат најмалку трипати во денот, подот и мебелот во училниците се чисти пред почетокот на секоја смена, додека останатиот училиштен простор барем еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар се чистат најмалку по два пати во секое полугодие. Се врши редовна дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Дворот на училиштето е хортикултурно уреден и редовно се чисти од секаков вид отпадоци и сите земјани површини се позеленети и редовно се одржуваат. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.

Училиштето има пропишана *Процедура за грижа за ученици со хронични заболувања и посериозни повреди* заради кои подолго време отсуствуваат од настава.

Во училиштето се одржуваат предавања за учениците по иницијатива на училиштето и во соработка со институции на кој начин да се заштитат од одредени заболувања. Предвидени се задолжителни систематски прегледи на учениците од прва и четврта година и истите редовно се реализираат. Вработените редовно вршат санитарни и систематски прегледи.

Истовремено во училиштето се одржуваат и предавања за учениците за одржување на хигиената и заштита од заразни болести, како: хумани односи меѓу половите, заштита од несакана бременост и обуки на одредени групи ученици за прва помош. Поголемиот дел од предавањата - за сексуално преносливи болести, интимна хигиена и прва помош - редовно секоја година се одржуваат во училиштето. Еколошките содржини преку точките на акција се интегрирани во *Годишната програма* и наставните програми на училиштето. Изработен е и еко-кодекс кој е адекватно достапен и впечатлив за сите во училиштето.

На тврдењето ***„Училишната зграда се одржува и е во добар ред“***, 72,8% од родителите одговориле дека потполно се согласуваат, а пак 24,7% дека делумно се согласуваат, па може да заклучиме дека навременото сервисирање и одржување од страна на тимот задолжен за таа намена предводен од менаџерскиот тим училиштето е во добра функционална состојба.




Индикатор:

## Грижа за ученици со здравствени проблеми

Во случаи кога ученик е отсутен поради долготрајна болест, која бара болничко лекување, класниот раководител заедно со училишниот педагог/психолог предлага начини како ваквиот ученик да го заврши образованието, стратегии да надокнади знаења кои не ги следи на часовите, соработка со наставниците и соучениците и пристапност до начини за оценување на знаењата од страна на наставник.

Стручните соработници во училиштето исто така преку своите програмски активности им пружаат советодавна помош на овие ученици.

За подобра грижа на учениците во училиштето се предвидени и се реализираат и други активности, како што се: систематски прегледи на учениците, вакцинации, предавања, трибини, соработка и презентации на теми од областа на здравјето и здравствените проблеми и заштита.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците што поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат за сите ученици што имаат потреба од таков третман во соработка со родителите, локалната заедница и со други релевантни институции (здравствените установи, центарот за социјална работа). Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми. Стручните соработници се обучени да им помогнат на учениците и на родителите во вакви ситуации или да ги упатат до релевантните институции (здравствени установи, центар за социјална работа, полиција, граѓански здруженија итн). Во учебната 2022/2023 беше одржана обука за Препознавање и поддршка на деца и млади под ризик наменета за наставниот кадар.

Притоа училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со други релевантни институции (на пример, Центарот за јавно здравје, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, здравствени установи, Центар за социјална работа, Јавен правобранител).

Во анкетата, на тврдењето „***Наставниците и другите вработени во училиштето се грижат за безбедноста и здравјето на моето дете*** “, 69,1% од родителите одговориле дека потполно се согласуваат, а пак 26,6% дека делумно се согласуваат, што укажува на висок процент на чувство на безбедност и дека се



почитуваат протоколите за здравје и безбедност во училиштето поставени од министерствата, а спроведени од менаџерскиот тим.

Индикатор:

**Грижа за ученици со емоционални потешкотии**

Во училиштето е изготвена *Процедура за навремено откривање и грижа за ученици со емоционални потешкотии*, од страна на педагошко-психолошката служба. Во училиштето постои редовна соработка меѓу педагошко- психолошката служба, класните раководители, предметните наставници и родителите преку информативни или советодавни разговори, секогаш кога се појавува проблем што е забележан или од предметниот наставник или од класниот раководител. Од постојните записници во оваа служба може да се увиди редовната соработка со класните раководители кога е потребно советување со ученици кои покажуваат емоционални потешкотии. Во оваа служба се упатуваат сите ученици со проблеми во однесувањето, прилагодувањето, потешкотии во учењето од разни лични или објективни причини.

Според резултатите од спроведените анкети, учениците се задоволни од поддршката која ја добиваат од психолошко- педагошката служба.

Наставниците и стручната служба водат грижа за навремено откривање на учениците со емоционални проблеми. Редовна е и соработката на оваа служба со родителите кои чувствуваат дека имаат проблеми со сопствените деца, било да е тоа поврзано со учењето, редовноста во наставата, оценките, домашни проблеми, стравови или посериозни психички проблеми.

Психолошко-педагошката служба организира и советувања за родителите - како за оние чии деца имаат слаб успех во училиштето, така и за родителите чии деца имаат намалено поведение или поголем број изостаноци.

На тврдењето „***Во училиштето се води грижа за учениците со емоционални проблеми и стручните соработници се обучени да им помогнат на учениците и на родителите во вакви ситуации***“ 96,8% од одговорите на наставниците се потврдни од кои 74,2% (23) – потполно се согласуваат, 22,6% (7) - делумно се согласуваат, 3,2% (1) - делумно не се согласуваат, 3,2% (1) – не се согласуваат. Според наставниот кадар се води грижа и се овозможува помош на учениците и соработка со родителите во случај на емоционални тешкотии.




## 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование

Индикатор:

**Давање помош при избор на занимање/институција за понатамошно образование, доусовршување или вработување**

Стручната служба во училиштето располага со *Програма за професионално советување и насочување.* Во училиштето се реализира тестирање за професионални интереси и избор на идна професија со сите ученици во четврта година. Учениците имаат можност и самоиницијативно да се пријават за овој вид на советување, со дополнителна батерија на тестови. Со учениците во паралелките во четврта година се реализира групно советување за

понатамошната кариерна патека и движење. Исто така се реализираат и работилници за професионално насочување и кариерно напредување со учениците кои покажуваат интерес за дополнителен облик на едукација и советување. Инклузивниот тим располага со тестови за професионална ориентација со ученици со ПОП и реализира индивидуални разговори со учениците на барање на самите ученици.

Професионалното информирање и советување во врска со понатамошното образование, избор на професија или работа се врши постапно во текот на школувањето.

Првите пренасочувања се изведуваат при избор на нови предмети за секоја наредна година од првата учебна година. Притоа, класните раководители или предметните наставници разговараат со учениците за значењето на одделните избрани предмети во понатамошното образование.

Во досегашната практика во училиштето во текот на месеците април и мај се организираат предавања и презентации на програми од различни високообразовни институции со информации за понатамошните можности за образование, вработување и усовршување. На учениците им се доставуваат и пласираат информации низ соодветни достапни медиуми - флаери, плакати, брошури. Во текот на април-мај 2024 година беа заддени тестови за професионална ориентација и на сите учениици во трета година.

## 4.4. Следење на напредокот на учениците

Индикатор:

**Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**

Најголем дел од наставниците водат уредна документација за постигањата, редовноста и поведението за секој ученик. Со ваквата континуирана евиденција, секој наставник е во состојба да ги потенцира јаките, но и слабите страни на ученикот. Притоа оваа евиденција значително им помага на наставниците полесно да го евидентираат интересот на учениците на различни полиња. Како резултат на комуникација со наставниците дојдено е до заклучок дека водењето грижа и поттикнувањето на напредокот кај учениците резултира со подобри резултати на крајот на годината.

Помеѓу наставниците, класните раководители и стручната служба во училиштето постои континуирана ефективна соработка.

Евиденцијата за постигнување на знаењата, покрај тоа што е евидентирана во дневниците, секој класен раководител води одделна педагошка евиденција преку т.н. евидентни листови за секој ученик/ученичка одделно по квартали. Вака уредната евиденција е достапна за секој родител.

Секојдневно стручната служба има разговори со наставниците за тековните прашања кои се дел од работниот ден, но и за проблеми кои се случуваат помеѓу наставникот и ученикот/ученичката.

Индикатор:

**Анализа на напредокот на учениците по паралелки**

Класните раководители подготвуваат редовни извештаи и анализи по тримесечја за напредокот и постигнувањата на учениците. Овие извештаи ѝ се достапни на педагошката служба, на родителите и останатите наставници. Податоците служат за споредба на успехот и поведението од минатите години. Овие резултати од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес во текот на една учебна година.

На тврдењето ,,***Соучениците во класот ги поддржуваат и позитивно реагираат на учениците кои се истакнуваат во совладување на одредени предмети“,*** 88 % од учениците потврдно одговориле од кои 52.2 % потполно се согласувам и 36.5 % делумно се согласувам, што укажува дека во училиштето во голем дел се одржува позитивна и поддржувачка средина и клима за работа.





Потоа, 85 % од учениците одговориле потврдно од кои 62.8 % потполно се согласувам и 22.5% делумно се согласувам за начинот на поддршка во класовите и од страна на класните раководители каде се прашани ,,***Класните раководители одржуваат и стимулираат позитивна клима за поттикнување и поздравување на напредокот и успехот на поединци во класот***“.

Од учениците, 85,3% се изјасниле потврдно, од кои 50% потполно се согласувам и 35.3 % делумно се согласувам за работата и поддршката на учениците со посебни потреби во училиштето преку тврдењето *,,**Во училиштето се води грижа за учениците со посебни образовни потреби**“,* што укажува на позитивна перцепција кај учениците во однос на поддршката која се обезбедува за учениците со посебни потреби.



81% од учениците одговориле потврдно од кои 39.5 % потполно се согласувам и 41.5 % делумно се согласувам на тврдењето ***,,Во училиштето се иницираат и спроведуваат активности кои ги поттикнуваат учениците на интеркултурна комуникација и почитување на различностите“,*** што укажува дека во училиштето се работи на почитување и прифаќање на различностите.



Потоа, 74% од учениците одговориле потврдно од кои 33.2% потполно се согласувам и 40.6 % делумно се согласувам на тврдењето ***,,Наставниците со учениците се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба“*** што укажува дека во училиштето се одржува клима на прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција и разбирање, но исто така е потребно да се работи континуирано на стимулирање и одржување на позитивната и поддржувачка клима и односи меѓу



учениците и вработените на сите нивоа и да се работи на зголемување на перцепцијата кај учениците за истото.

### *Резиме на подрачјето „ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ“:*

Од спроведената самоевалуација во училиштето од подрачјето - **Поддршка на учениците** - тимот кој ја изведуваше дојде до следните заклучоци.

1. Наставата во училиштето се одвива во сигурна средина, просторот е обезбеден, наставниот кадар се грижи престојот на учениците во училиштето да се одвива во безбедни услови, се работи на решавање на инцидентни конфликти, се пружа поддршка секогаш кога за тоа има потреба.

2. Во училиштето постои клима на поддршка и почитување на основните права на ученикот. Во училиштето не се забележани ниту пријавени какви било форми на дискриминација – полова, национална, верска и др.
3. Развиен пристап и програма за справување со насилството во училиштето во која се јасно дефинирани и определени различните облици на насилство и постапки кои креираат непријателска и неподдржувачка средина, превентивен

приод за разбирање и корегирање на нподдржувачките и несоодветни односи меѓу присутните, како и стратегии за поддршка во менување на однесувањето.

4. Во училиштето редовно се работи, преку соработка на наставниците и учениците на разни проекти и воннаставни активности на кампања против употреба на разни психоактивни супстанци штетни по здравјето, иако е потребно изнаоѓање на поефективни активности кои ќе бидат вклучени во редовната работа, комуникација и едукација со учениците преку класни часови, соработка со надворешни стручни лица, предавања, работилници со кои би се зајакнувале здравите навики .

## Клучни јаки страни

- Целокупниот наставен кадар и стручната служба покажуваат особен грижлив однос и тенденции да излезат во пресрет на учениците и да дејствуваат во нивна корист и соодветно на нивните потреби.

- Се превенира и соодветно се интервенира на секаков вид психичко и физичко насилство во училиштето.
- Постои висок степен на подготвеност на наставниот кадар и класните раководители да соработуваат со родителите на учениците.
- Се учествува на различен вид натпревари според интересите и постигнувањата на учениците, како и на бројни проекти и други воннаставни активности. Училиштето настојува да опфати што е можно повеќе ученици кои соодветно би го препознале сопствениот потенцијал и на тој начин потпомага во изборот на идната професионална определба на учениците. Се истакнува работата на талентираните ученицИ.
- Постои исклучителна грижа и посветеност за инклузија на учениците со посебни потреби, посебни образовни потреби, потешки телесни пречки во развојот, односно телесни инвалидитет и специфични потешкотии во учењето.
- Активно прилагодување кон индивидуалните потребни на ученици со ПОП, прилагодување на начинот на работа и адаптирање на климата кон нивните потреби.

## Слаби страни

- Недоволно одржување хигиена во училишната зграда и училишните тоалети и недоволен ангажман на хигиеничарите;

- Недостига пропишана процедура за поддршка на ученици од социјално загрозена средина;
- Неможност за намалување на бројот на ученици во класови каде има ученик со ПОП;
- Недостиг на адекватно дефинирани и пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во училишниот двор;
- Недоволна реализација на превентивни и промотивни активности за здрави животни навики и употреба на цигари, алкохол и други психоактивни супстанци;
- Недостасува бифе каде учениците би можеле да си купат храна.

## Идни активности

- Да се подобрат условите во согласност со потребите на учениците со посебни потреби, во насока на обезбедување на инфраструктура за непречена мобилност на истите, како и овозможување на еднакви можности и на оваа ученичка популација,
- Да се обезбедува редовна едукација на учениците, наставниците, персоналот и родителите за соодветен третман и пристап кон ученици со ПОП,
- Да се изнајдат ефикасни начини за подобро информирање на родителите и учениците за остварување на можноста за безбедно присуство во училиштето,

- Да се изготви Програма за превенција од заразни болести,
  Да се изготви пропишана процедура за поддршка на ученици од социјално загрозена средина,
- Да се работи континуирано на подигањето на еко-свесноста и личната одговорност, во обезбедувањето на здрава и чиста средина за работа,
- Да се обезбедат тестови за следење на интелектуалниот развој на учениците,
- Да се преземат мерки за подобрување на хигиената во тоалетите,
- Да се организира и води континуирана кампања за здрава исхрана меѓу учениците,
- Да се обезбеди поголема визуелна достапност на пропишаните процедури за безбедност и заштита, постојните протоколи и училишна политика за ненасилство, со нивно поставување на места кои ќе бидат видливи за сите - за наставници, ученици и родители,
- Да се изнајдат механизми за поефикасно спроведување на политиката за забрана за пушење,
- Континуирана работа и вложување во стимулирање и одржување на позитивна и поддржувачка клима и односи меѓу учениците и вработените,
- Обезбедување еднаков третман кон сите ученици преку реализирање на активности и одржување односи возрасни – ученици кои ќе придонесуваат учениците да развиваат перцепција за изедначени односи засновани на еднаквост и почитување на различностите,
- Поддршка на учениците во индивидуалниот развој и јакнење на самодоверба земајќи ја во предвид возраста на учениците и поддржувачки однос кон учениците со кои ќе се јакнат самодовербата и добрата слика за себе,
- Развивање на стратегии за поддршка на учениците кои отстапуваат во однесувањето и нивно водење кон развивање на разбирањето на сопственото однесување, развивање на механизмите на адаптација на средината и почитување на правилата на однесување за безбедност.

Подрачје 5

# УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

## Методолошка рамка за подрачјето „УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО“:

Преглед на документација преку архивски метод

-Увид во Кодекс на однесување

- Правилник за оценување и полагање испити,видови пофалби,награди и педагошки мерки за учениците
- Статут на училиштето
- Упатство и начин на изрекување педагошки мерки
- Куќен ред на училиштето
- Пофалби, награди и признанија
- Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки
- Годишна програма
- Развоен план на училиштето
- Годишен извештај
- Извештај за работата на училиштето за
- Изложени трудови на учениците
- Паноа со пофалби и награди
- Медиумско промовирање на постигнувањата на учениците и на училиштето
- Дневник за работа
- Записници од наставнички и класни совети
- Училишни соопштенија
- Записници од наставнички совети
- Дневник за работа
- Записник кај педагог/психолог
- Записник од совет на родители
- Дневници за практична работа
- Дневник за работа
- Записник од совет на родители

Метод на интервју и метод на анкетирање

- Прашалник за наставници
- Прашалник за ученици
- Интервју со директорот
- Интервјуа со наставниците и со стручните соработници, како и интервјуа со родителите и со учениците

## 5.1. **УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

Индикатор:

**Углед/имиџ на училиштето**

Училиштето е препознатливо по добриот квалитет на работа и постигањата на учениците во повеќе различни области. Од страна на вработените се посветуваат напори за остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Училишните правила се засноваат на вредностите што се значајни за здравјето и безбедноста на учениците, а наедно се негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, се поддржува инклузијата и континуирано се вложуваат напори кон јакнење на партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Мислењето на родителите и околината е дека училиштето е добро затоа што има квалитетна настава и добри наставници. Учениците се активно вклучени во донесување дадени одлуки преку училишната заедница, во која учествуваат претседателите и нивните заменици од сите класови и години, која се одржува редовно под раководство на одговорен професор и стручната служба. Родителите на учениците активно се вклучени во образованието на своите деца, преку свои претставници во ***Одборот на родители и Советот на родители*** на ред ***и Училишниот одбор.*** Односот меѓу наставниците и учениците, меѓу самите наставници, како и меѓу учениците, се базира на

меѓусебно почитување и толеранција, без разлика на полот и етничкото потекло. Училишниот одбор, како орган за управување во училиштето, се грижи за благосостојбата и успехот на учениците и дејствува како главен чувар на детските права во училиштето.

Во спроведената анкета, на тврдењето ***„Успесите на нашата гимназија на професионално ниво се мотив за запишување на децата во нашето училиште“*** 56,7% од родителите одговориле дека потполно се согласуваат и 35,5% дека делумно се согласуваат што е уште еден показател за имиџот на училиштето



Што се однесува до социјалниот имиџ и мислењето на околината, на тврдењето **„Луѓето од мојата околина велат дека училиштето е добро затоа што има квалитетна настава и добри наставници“**, 90,1% од родителите се согласуваат со истото, а пак 97.5% од родителите се чувствуваат добредојдени во училиште и дека вработените во училиштето се љубезни.





Индикатор:

**Кодекс на однесување**

Училиштето има изготвен *Кодекс на однесување.* Во кодексот се поставени и опишани принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето – раководниот кадар, наставниците, стручната служба, учениците, родителите и техничкиот персонал. Кодексот на однесување транспарентно е достапен до сите субјекти во училиштето со презентирање пред наставничкиот совет, на родителските состаноци, класните часови, состаноците на училишната заедница. Соодветно на постојниот кодекс на однесување изготвени се и процедури за реагирање во случај на прекршување на усвоените принципи и правила на однесување кои се пропишани со кодексот и истите се спроведуваат во практика. Преку соработка со повеќе структури во училиштето, изработен е документ со назив *Комуникациски протокол* кој има намена прецизно да ја утврди и олесни тековната комуникација меѓу сите субјекти во училиштето, на сите нивоа и со јасен опис на видовите комуникација и соодветно на постојните потреби на субјектите во училиштето. Во согласност на горенаведенето, направена е обука Зајакнување на капацитетите на младите луѓе и наставниците за примена на мерки за сајбер безбедност и развој на ефективни училишни програми за спречување на сајбер насилство.

Индикатор:

**Училишна клима**

Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес. Раководниот кадар игра важна улога во одржување на добрата атмосфера во училиштето, и наставниот кадар е постојан во своите напори да обезбеди добра атмосфера во училиштето. Има случаи кога во комуникација со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето може да дојде до некоја конфликтна ситуација која го попречува развојот на позитивна атмосфера во училиштето, меѓутоа активно работат сите засегнати страни на решавање на истата. Се посветува доволно

внимание на заемната соработка и грижата на учениците едни за други.

Односот меѓу наставниците и учениците, меѓу самите наставници, како и меѓу учениците, се базира на меѓусебно почитување и толеранција, без разлика на полот, етничкото потекло и различната вероисповед. Постои добра комуникација меѓу вработените и раководството на училиштето.

Индикатор:

**Поведение и дисциплина во училиштето.**

Дисциплината на вработените и учениците е добра и постои солидна работна атмосфера за време на наставата, како и за време на вонннаставните активности. Заради зајакнување на компетенциите на наставниот кадар, во декември се одржа обука Начин на превенција и справување со насилството во училиштата. Тековните проблеми во однос на редовноста и дисциплината понекогаш резултираат со изрекување педагошки мерки согласно со **правилникот за изрекување педагошки мерки.**

Се собираат информации за изостаноците, поведението и дисциплината на учениците, се води анализа за причините за поголемиот број оправдани и неоправдани изостаноци. Ова се однесува најмногу на учениците кои живеат во општини кои се оддалечени од училиштето, притоа јавниот превоз е често причина за доцнењето, како и честите блокади во градот, но и распоредот на часови особено блок-часовите по одредени предмети. Во врска со оправданите изостаноци, најчести се здравствените причини потврдени од родител и лекарско уверение.

Како негативна страна сепак се големиот број оправдани изостаноци, особено во четврта година. На состојбата со изостаноците не влијае полот или различно етничко потекло на учениците. Во однос на изостаноците и поведението на учениците, училиштето ги презема сите мерки согласно со **Законот за средно**

**образование** и согласно со *Статутот на училиштето*. За сите проблеми околу изостаноците на учениците се реагира навреме, преку разговори со учениците, нивните родители, класните раководители и стручната служба. Училиштето е отворено за соработка и при решавање на проблемите со отстапувањата на учениците, ги вклучува родителите или другите лица одговорни за учениците. Редовно се одржуваат родителски средби со отворен ден за родителите на кој присуствуваат сите предметни професори. Секојдневно се остваруваат и индивидуални средби со родителите на учениците заради нивно навремено и детално информирање за сите проблеми, за секој професор има приемен ден за родители/старатели, што е истакнато на видливо место во училиштето.

Индикатор:

## Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми

Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирана ученичка заедница на сите нивоа (од паралелка до училиште) според законите и целосно демократска процедура која учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците.

Учениците навремено и целосно се ин- формирани од ученичката заедница за сите работи што се од нивни непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Активностите за младинско учество се иници- раат, се планираат и се реализираат од страна на учениците/ученичката заедница во согласност со програмата за работа на ученичката заедница и ученичкиот парламент. Постојат најмалку 5 реализирани активности на мла-дински активизам во една учебна година.

## 5.2. Промовирање на постигнувањата

Индикатор:

**Промовирање на личните постигнувања на учениците**

Училиштето става голем акцент на постигнувањата на сите ученици. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците, исто така, имаат високи очекувања од самите себе и од другите; имаат аспирации за повисоки постигнувања на ниво на училиштето. Наставниот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промови- рање на личните постигнувања на сите учени- ци во рамките на училиштето и во пошироката локална средина. Учениците имаат можности (согласно со своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во воннаставните активности со преземање граѓански иницијативи и акции.

Индикатор:

**Промовирање на постигнувањата во име на училиштето**

Училиштето има политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на ло- кално, регионално, државно и на меѓународно ниво. Во екипните натпревари тимовите се со балансиран мешан етнички состав. Училиште- то има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците што помогнале во тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето. Училиштето има воспоставен систем за континуирано ин- формирање и

промовирање на реализираните активности.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Индикатор:

**Познавање и поттикнување на правата на децата**

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Училиштето организира работилници со родителите за да ги запознае со правата на децата.

Индикатор:

**Еднаков и правичен третман на сите ученици**

Сите вработени во училиштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Училиштето гради политика на меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество.
Нашата гимназија соработува и со други институции кои ја третираат рамноправноста како: USAID, „Коалиција за одржлив развој",„Ден за побезбеден

интернет“ и „Меѓународен ден на девојките во ИКТ“ , „ЕДУ ПЛУС”- здружение за промовирање на човековите права и слободи итн. Машките и женските ученици се еднакво вклучени и во спортските натпревари, во натпревари по одделни предмети, литературни конкурси, како на локално така и на републичко ниво. Училиштето им овозможува на сите ученици (машки или женски, без разлика на вероисповед или припадност на етничка заедница) да учествуваат и да се вклучат во сите активности и манифестации во училиштето, во нашиот град и пошироко.

Правичниот третман е забележителен и во дневниците за работа, каде што се запишани додатни и дополнителни настави за послабите или за надарените ученици без разлика на нивната национална, верска, полова или друга припадност.

Учениците знаат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со комуникација, толеранција, стереотипи, предрасуди, дискриминација и др.

Индикатор:

**Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот**

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Учениците ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Македонија, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Училиштето планира и реализира заеднички наставни и/или воннаставни активности со балансирани хетерогени групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште.

Одредени професори, преку ФИОМ или преку Бирото за образование се вклучени и во менторирање на ученици од ромска припадност и во други училишта. Учениците, негувајќи ја сопствената култура, ја почитуваат и

поддржуваат културата и на другите заедници кои живеат на оваа територија. Училиштето успешно учествува во бројни регионални културни дејности поврзани со меѓуетничката нетрпеливост и насилство. Училиштето е соработник со Првата детска амбасада МЕЃАШИ. Во училиштето подеднакво се поддржуваат државните празници од сите верски, етнички и други групи.

## 5.4. Парнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Индикатор:

**Соработка на училиштето со родителите**

Училиштето презема добро испланирани активности и организира обуки за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема од нивната професија, како и во воннаставните активности.

Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и заеднички родителски средби и приемни денови, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање.

Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставници на родителите во училишен одбор. Процедурите обезбедуваат во составот на училишните органи, застапеност на родители како членови што се од различни етнички заедници. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се:

целите, организацијата, идните активности и нивото на постигнувања на учениците се јасни, разбирливи и им се достапни на сите родители во пишана форма. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Секој од професорите има приемни денови во кои е достапен и отворен за соработка со родителите, а термините се истакнати на видно место. Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во воспитно-образовниот процес со тоа што ги вклучува (преку свои претставници) во донесувањето на важни одлуки поврзани со сите активности, наставно-научни екскурзии, наставнички совети итн.

Во училиштето редовно се одржуваат и родителски средби (чии записници можат да се најдат во сите дневници) на кои родителите се запознаваат со успехот, поведението, како и со сите тековни активности во училиштето, градот, МОН или останатите институции кои се поврзани со училиштето. По потреба се одржуваат и вонредни родителски средби.

Во училиштето функционира и советодавната работа наменета за родителите. Во зависност од бројот на изостаноците или големиот број слаби оценки, родителите задолжително и редовно посетуваат советување спроведувано од страна на психологот во училиштето.Записниците од советите за родители се уредно изготвени и може да се најдат кај психологот во училиштето.

Соработката со родителите е директно вклучена и во работата на *Училишниот одбор* кој има тројца претставници од одборот на родители. Училишниот одбор ги вклучува предлозите и идеите на родителите во креирањето и водењето на политики во кои се афирмира инклузивноста, меѓуетничката интеграција и младинското учество.

Училиштето е отворено за родителите или другите лица одговорни за учениците. Редовно се одржуваат родителски средби, а исто така секојдневно се реализираат средби со родители и наставници кои ги информираат родителите за учениците и нивниот успех. Родителите со 70 % одговориле дека преку Советот на родители слободно можат да дадат сугестии и да учествуваат во носењето на одлуки во врска со нивните деца. Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучуваат во воспитно-образовниот процес, со тоа што ги вклучува (преку своите претставници) во донесувањето на важни одлуки и активности, наставно-научните

екскурзии, наставничките совети и др. Преку родителските средби тие се запознаваат со успехот, поведението и сите тековни активности и проблеми на училиштето. Училиштето практикува и вонредни родителски средби заради одредени проблеми и активности. Се реализираат индивидуални родителски средби со повиканите родители од страна на класните раководители и психологот и педагогот на училиштето.

Индикатор:

## Соработка со општината и со урбаната заедница

Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето го унапредува граѓанскиот активизам и волонтерското вклучување на учениците во активностите на заедницата. Општината и урбаната заедница се вклучуваат во подобрување на условите за работа во училиштето. Училиштето промовира и прифаќа вклучување волонтери од заедницата во наставните и вонаставните активности. Тоа промовира меѓуетничка интеграција во образованието и инклузивност во пошироката средина.

По извршениот увид на записниците од наставничките совети, од разговор со педагошко-психолошката служба, како и со раководните органи на училиштето, може да се заклучи дека соработката со Град Скопје е на високо ниво. Училиштето учествува во сите проекти кои произлегуваат од Град Скопје. Градот исто така остварува и донации за училиштето.

Општина Карпош делумно ја задоволува соработката со училиштето. Училиштето соработува и со здравствените установи во градот, со културните установи (Драмски театар, МКЦ, Кинотека на Македонија) поради одредени активности и манифестации, но и поради реализирање на дел од наставните програми и содржини.

Училиштето соработува и со другите училишта преку учество во одредени активности, натпревари и манифестации.

**Индикатор:**

**Соработка со деловната заедница и со граѓанскиот сектор**

Училиштето остварува квалитетна партнерска соработка со деловната заедница преку добро организирано учење преку работа/практичната обука и спроведување заеднички проекти поттикнати од двете страни. Училиштето има воспоставена континуирана соработка за реализирање на активностите од меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество. Постојат повеќе конкретни примери за успешна соработка со граѓанскиот сектор и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата, како и соработка со училишта на меѓународно ниво.

Училиштето соработува со здравствените установи во градот, со Министерството за внатрешни работи, Општина Карпош и Советот на Град Скопје, МОН, БРО, Агенција за млади и спорт, Министерство за информатика, Министерство за култура, Министерството за внатрешни работи и др. домашни владини институции, преку низа најразновидни активности. Во делот од невладиниот сектор, училиштето има задоволителна соработка со: УСАИД, другите средни училишта во Скопје и во Република Северна Македонија, факултетите, Скопски саем, музеите во Скопје; АРМ, МВР, невладините организации, библиотеките, кината, театрите, туристичките агенции, осигурителните куќи, Junior achievement, Microsoft – Partners in learning, Црвениот крст на Македонија, Младински образовен форум, Младински европски парламент, „ХЕРА”, „Go-green”, ,,USAID“ , Центар за младински активизам „Крик”, AIESEC-Скопје и др.

## *Резиме на подрачјето „УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО“:*

**Училишна клима и односи во училиштето –** постои соработка помеѓу вработените со учениците, родителите и менаџментот на училиштето, но потребно е подобрување во комуникацискиот и професионалниот однос помеѓу наставниците. Сите вработени во училиштето доследно го почитуваат кодексот на однесување, при што повеќе од 70% анкетата од испитаните се изјасниле дека се согласуваат а мал е процентот од испитаните дека не се почитува кодексот на однесување. Во контекс на училишната клима вработените активно учествуваат во креирањето на политиките како и во активностите во нивно остварување. Ова го согледуваме од анкетата каде 40%одговориле делумно точно а 40% сосем точно.

**Промовирање на постигањата** – успешноста во промовирањето на постигнувањата на учениците, а наедно и на училиштето, може да се види во бројните награди и големиот број настани организирани во самото училиште и вон него, но заклучокот е дека ни е потребна поинтензивна промоција надвор од училиште.

**Еднаквост и правичност -** Училиштето го почитува и го негува мултикултурализмот. Дискриминации од верски, полов, национален и друг карактер се минимални или изостануваат. Единствени дискриминации (по спроведените истражувања), се забележуваат по економскиот статус како помеѓу учениците, така и во односот професор-ученик.

**Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница -** односот со родителите е сведен на родителски состаноци, приемни денови на наставниците и законско повикување доколку постои предзнак за одредена педагошка мерка. На незадоволително ниво се инвестициите од родителите.

Соработката со локалната заедница, владиниот и невладиниот сектор се на завидно ниво.

## Клучни јаки страни

- Работата на педагошката служба е на задоволително ниво.
- Односот наставник-ученик е на солидно ниво со меѓусебно почитување и разбирање
- Постои добра клима во поглед на соработката помеѓу наставниците
- Работата на наставникот во поглед на педагошкото однесување е крајно задоволителна
- Опстојува фактот дека во училиштето има висок професионализам од наставниците, добра соработка со учениците, ангажман на наставниците во професионалниот и воншколскиот ангажман на учениците, со што се остваруваат долгорочни и позитивни ефекти врз градењето на личноста на ученикот.
- Промоцијата на постигањата и успесите на учениците е најдобра афирмација на нашето училиште.
- Висока реализација на воннаставни активности.
- Нула толеранција на насилство од било кој вид.

## Слаби страни

- Во донесувањето на некои одлуки не секогаш се вклучени сите структури (родители и ученици).

- Кодексот на однесување и облекување не е донесен со учество на родители и ученици туку само од наставниот кадар.

- Недостиг на метод за проверка на оправданите изостаноци (медицинските белешки) од страна на самото училиште.

## Идни активности

- Вклучување на членови од училишната заедница и родители при ревидирање на *Кодексот на однесување и облекување;*

- Креирање на стратегија за ефективна евиденција на отсуствата на учениците со цел намалување на големиот број изостаноци;

## Подрачје 6

# РЕСУРСИ

## Методолошка рамка за подрачјето „РЕСУРСИ“:

Преглед на документација преку архивски метод

-Образец за просторнит е капацитети од Министерс твото за образован ие од септември 2006

- План за развој на училиштето
- Пописни листи
- Регистар на книги
- Годишна програма за работа на библиотекар
- Увид во документацијата на училиштето за набавување на стручна литература и наставни помагала
- Увид во библиотечната евиденција
- Документација за планирани и набавени потрошни материјали
- Самоевалуација на училиштето и план за развој на училиштето
- Увид во интерните акти, полугодишен и годишен извештај, годишна програма, разговор со наставниците
- Записници од стручни активи
- Досиеја на вработените
- Правилник за систематизација
- Програма за работа на стручна служба
- Годишна програма на училиштето
- Програма за професионален развој на наставниот кадар
- Програма за работа на менторот и нововработениот во текот на учебната година
- Увид во финансов план, развоен план
- Склучени договори, тендери за јавни набавки
- Понуди
- Записници од ревизија и УЈП-увид во финансиските извештаи на училиштето, изготвени од сметководителот и секретарот на училиштето

Метод на интервју и метод на анкетирање

- Разговор со наставници, стручна служба и директор
- Разговор со библиотекар
- Разговор со перагог и психолог
- Разговор со родители и ученици
- Разговор со сметководител и секретар на училиштето

Анкета спроведена на ученици, родители и наставници

## 6.1. Сместување и просторни капацитети

Индикатор:

**Просторни услови**

Училишниот простор на СУГС гимназија „Никола Карев” Скопје ги исполнува условите за изведување на настава според *нормативот*. Училиштето располага со училишна зграда од 6 939 м/2 со подрум, приземје, еден кат и фискултурна сала од 1 975 м/2. Во учебната 2022/2024 имаме кабинетска настава која се одвива во 27 училници - кабинети по одделни предмети. Секој кабинет/училница е опремен со смарт табла, ЛЦД проектори, исто така два кабинета комплетно се опремени со компјутери. Кабинетите се светли, пространи со големи пластични прозорци со добра звучна и топлотна изолација. Големината на училниците се 54 метри квадратни и соодветствува на бројот на ученици во паралелките. Во секој

кабинет/училница има прочистувач за воздух. Уште во 2018 година во сите простории на училиштето се постави изолација, со што се зголеми енергетската ефикасност на просторот во зградата. Во организационата структура на училиштето имаше 6 стручни активи , а во учебната 2021/ 2022 од практични причини за подобра комуникација се намали бројот на активи на 5 , секој актив располага со кабинети за извршување на работните задачи на наставниците и сместување на нагледните средства. Може да се каже дека постојат соодветни и пријатни просторни услови за одвивање на наставата, за работа на наставниот кадар и за организирање на вонаставни активности за учениците.

Во училишната зграда има 10 тоалети за ученици и вработени и во фискултурната сала 3 - вкупно 13. На приземјето има тоалет приспособен за инвалидизирани лица. На влезот на училиштето има направено пристап за инвалидизирани лица – ученици.

Во подрумскиот дел има работилница за потребите на домаќинот, магацин за складирање на материјали за потребите на училиштето, како и соба за хигиеничари.

Училиштето е оградено со цврста железна ограда, со што во голема мера се зголемува сигурноста за непречено одвивање на наставата, а и дава можност да се искористи капацитетот во вечерните часови.

Индикатор:

## Искористеност на просторните капацитети

Училиштето има уреден двор со тревници и засадени дрва покрај патеката кај фискултурната сала и дрвени клупи за седење на учениците за време на одмор и патека и паркинг за велосипеди во задниот дел од дворот, со цел да се мотивираат учениците и вработените да доаѓаат со велосипеди на училиште. На почетокот на 2024 год се поставени летниковци во училишниот парк ,со што се

придонесува за разубавување на просторот. Училиштето е енергетски ефикасново со внатрешна изолација од стаклена волна и гипс картон.

Во просториите во фискултурната сала адаптирана е и опремена просторија во фитнес-сала која е опремена со 8 нови фитнес направи и друга опрема. Фитнес-салата можат да ја користат учениците за проектни активности (кои избрале фитнес) и вработените во училиштето.

Целото училиште е покриено со сигнал за интернет (Wi-Fi) и за професорите и учениците.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

Што се однесува за искористување на просторните капацитети, еден дел од подрумските простории е адаптиран во модерна мултимедијална сала каде што има можнност за состаноци ,конференции или настава. Потребата од паркинг за професорите, поттикна иницијатива за решавање на проблемот со паркирните места,но решение сеуште нема. . Потребата од паркинг простор сè уште постои.

Поради рамниот покрив на училиштето има можност да се стават сончеви колектори коишто ќе служат за загревање на вода за потребите на училиштето.

Во училиштето има лифт за за ученици со попреченост со што се подобрува пристапноста до погорните катови.

СУГС гимназија „Никола Карев“ - Скопје согласно со развојното планирање утврди подрачја на промени и приоритети и се издиференцираа следните – стратешки цели, кои се однесуваат на ова подрачје и тоа:

- Осовременување на просторните капацитети во училиштето и училишниот двор која во себе ги опфаќа следните развојни цели:

1. Просторно уредување на училиштен двор и негово редовно одржување
2. Опремување со нова и промена на дел од постојната инфраструктура во училишната зграда
3. Одржувањенапросторотиобезбедувањеуслови зареализирањена современа настава со примена на ИКТ

4. Изработување на правилник за одржување на инвентарот и опремата во училишната зграда

СУГС гимназија „Никола Карев” - Скопје, располага со :

| Просторија | Број | Намена |
|---|---|---|
| Кабинети | 11 | За извршување на работните задачи на вработените |
| Училници | 34 | За изведување на настава во училиштето |
| Спортска сала | 1 | За настава по спорт и спортски активности |
| Работилници | 1 | За потребите на домаќинот |
| Магацин | 1 | За складирање на материјали за училиштето |
| Соба за чувари и хигиеничари | 2 | За потребите на хигиеничарите и чуварите во училиштето |

## 6.2. Наставни средства и материјали

Индикатор:

**Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**

Во училиштето секогаш се водело сметка за осовременување на наставниот процес и примена на технологија во наставата. Секој кабинет е опремен со бела табла со маркери, смарт табла, ЛЦД проектор. Набавени се 35 смарт табли и во секојаа училница има лцд проектори. Наставата се изведува со современи

нагледни средства, предавањата се со презентации, експерименти кај природните науки - за таа цел се реализираше кабинетска настава. Училиштето со помош на донации опреми хемиска лабораторија.

Опрема која се користи во настава:

Компјутери во кабинети за настава - 162

Компјутери во кабинети на активи - 9

Компјутери во канцеларии -7

Телевизори - 12

ЛЦД проектори - 23

Скенери - 2

Видеоплеер - 1

Графоскопи - 1-

Геометриски тела - 18

Дифракциона решетка - 1

Ласер - 1

Глобус - 32

Микроскоп - 1

Флип чарт табли - 2

Интерактивни табли - 20

Проекциони табли - 2

Панелни компјутерски процесори - 10

Музички системи, звучници - 2

Географски карти - 30

Сет за механика - 1

Галванометар - 1

Видео и фотокамери - 1

Магнети - 7

Телескоп - 1

Трофазен генератор - 1

Касетофони - 10

Инфлуентна машина - 1

Ебонитна и стаклена прачка - 1

Инструмент за скелетен систем - 1

Модели за скелетен систем - срце, торзо - 1

Бели магнетни табли - 25

Динамометри - 6

Амперметри - 6

Демонстратор на Њутнов закон - 1

Осцилоскоп - 1

Пен табли за професорите по природни науки - 10

Индикатор:

**Училишна библиотека**

Училишната библиотека при СУГС гимназија ,,Никола Карев“ – Скопје работи во двете смени и е постојано на располагање на учениците и наставниот кадар. Сместена е во училишната зграда на приземје и во неа како библиотекар работи проф. Јулијана Зафирова (професор по македонски јазик и литература), со положен стручен испит за библиотекар и проф. по македонски јазик.

Во библиотеката се зачленети 800 ученици, а оваа бројка постојано се зголемува. Во периодот на 2023 се издвоени 300.000 денари за библиотечен фонд. Училишната библиотека располага со 5.297 наслови (12. 865 книжен фонд). Од нив 98 се наслови на лектири и дела (1.525 примероци), 341 наслов странска литература (341 примерок), 286 наслови стручна литература (841 примерок), 32 наслови на енциклопедии и речници (55 примероци) и 4 009 наслови белетристика (9.572 примероци од кои 843 наслови / 5 381 примероци се на македонски јазик, а 5.297 наслови/ 4 .191 примероци се на српски јазик).

Најголемиот дел од библиотечниот фонд го сочинуваат книгите од областа на белетристиката и дела и лектири неопходни за обработка по предметот македонски јазик и литература. Останатото го сочинуваат разни стручни книги и материјали од сите предмети, енциклопедии, речници, лексикони, списанија и сл. Постојано се работи на зголемување на бројот на книгите со организирање акции за донирање книги од страна на учениците и професорите. Исто така, бројот на книгите се зголемува и по пат на донации од разни институции.

Вкупниот книжен фонд изнесува 12.865, а бројот на наслови изнесува 5.297. Поради промена во организација на работата секој предметен професор да одговара за дистрибуција и прибирање на учебниците за настава и распределба на дел од стручната литература по активи, потребно е да се направи нов попис на книжниот фонд, за да се има точна бројка по настанатите организациони промени.

Од спроведената анкета на тврдењето ***„Училишната библиотека располага со потребните лектири и дела за обработка***“ најголем дел од учениците одговориле потврдно, од кои 68.8% дека потполно се согласуваат, а пак 22,5% дека делумно се согласуваат.





На тврдењето ***„Учениците се запознаени со изборот на книги и лектири во училишната библиотека“***, 56,7% одговориле дека потполно се согласуваат, 26,4% - делумно се согласуваат, а пак 12,6% не се согласуваат.

Индикатор:

**Потрошен материјал**

Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните активности и одреден дел од воннаставните активности: хартија за печатење тестови и документи, маркери, сунѓери, канцелариски материјал, како и сапун и тоалетна хартија и средства за чистење, средства за дезинфекција, хирушки маски. За реализација на дел од

воннаставните активности, училиштето активира и дополнителни извори за поддршка и помош во вид на наставни материјали и помагала, во зависност од видот на активноста, секако со прецизно наведен извор на средства и помагала и начини како се употребени.

Училиштето вложува континуирани напори да одговори на современите барања на образовниот процес на секојдневието.

## 6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар

Индикатор:

**Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**

| Табеларен преглед на број на вработени по работни места и пол | |
|---|---|
| Работно место | Број на вработени |
| Директор | 1 (м) |
| Администрација | 3 (ж) |
| Професори | 66 (55ж, 11м) |
| Стручна служба | 3 (ж) |
| Хаусмајстор (домаќин) | 1 (м) |
| Ноќен чувар | 2 (м) |
| Хигиеничари | 12 (11ж, 1м) |
| Вкупно вработени | 88 |

Индикатор:

**Ефективност и распоредување на кадарот**

Професорите ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тимови во рамките на стручните активи. Менаџерскиот тим на училиштето во учебната е составен од директорот на училиштето, помошник-директорот, раководител на настава и претседателите на стручните активи.

1. Снежана Бошковска - претседател на актив по општествени науки;
2. Драгица Панова - претседател на актив по македонски јазик и литература;
3. Александра Шапе Курета- претседател на актив по странски јазици;
4. Гордана Арсова- претседател на актив по природни науки;
5. Александар Ордев - претседател на актив по спорт и по уметност.

Во училиштето за потребите на ученици со посебни потреби е оформен и **инклузивен тим** на училиштето и тоа

Училишен инклузивен тим - членови:

- директор
- психолог
- дефектолог
- 2 предметни професори

- 2 родители

  Инклузивен тим за ученик - членови:

- психолог

  - педагог
  - дефектолог
  - класен раководител
  - родител
  - предметни професори

Во *Годишната програма* согласно со наставната програма за гимназиско образование во СУГС гимн. „Никола Карев " - Скопје наведен е наставниот кадар кој ја изведува наставата во училиштето, неговите квалитети, нивната стручна подготвеност, искуство, што придонесува за исполнување на целите во наставата, како и работното искуство што го имаат. Сето тоа може да се забележи од увидот во досиејата на вработените и да се констатира дека секое работно место е соодветно со степенот на стручна подготовка, којашто ја поседуваат вработените. Тоа е констатирано и од страна на инспекциски органи од страна на МОН (Министерството за образование и наука), кои вршеле увид во документацијата на избраните кандидати според конкурс.

Наставниот кадар ги извршува следниве задачи:

- Планирање и изработка на планови за реализација и одржување редовна, додатна и дополнителна настава,

- Изведување воннаставни активности,
- Водење проектни и менторски активности,
- Водење паралелка и класен совет,
- Изработување на извештаи на работа на активи, самоевалуација, годишна програма,

- Вршење увид во работата на класовите по години,
- Менторирање ученици за натпревари,
- Организирање и спроведување проектни активности
- Спроведување на **државна матура**, како тестатори и прегледувачи.
- Во случаи на пократко или подолго отсуство на професор, училиштето има механизми за соодветна замена.

Индикатор:

**Стручните соработници како поддршка на наставниот кадар**

Училиштето има стручна служба како помош и поддршка во работата на училиштето и им помага на професорите во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање соодветна помош на учениците. За изведување на воспитно - образовната дејност, вклучена е и стручна служба која е составена од:

- Психолошко - педагошка служба (психолог, педагог и дефектолог )
  - Библиотекар

  Стручната служба ги извршува следните задачи:
- Учество во планирањето и програмирањето на севкупната воспитно-образовна работа во училиштето,
- Учество во планирањето на редовната настава во училиштето,
- Учество во планирањето на слободните ученички активности,

- Давање помош на класните раководители,
- Средби со родителите,
- Проверка на педагошка евиденција,
- Инструктивно-педагошка работа (посета на часови кај помладите колеги),
- Работа со учениците кои покажуваат слаб интерес за наставата, Работа со учениците кои неоправдано изостануваат од наставата,
- Работа со ученици со посебни потреби,
- Советодавна работа со родителите,
- Учество во изрекување педагошки мерки,
- Подготовки за класни совети,
- Следење стручна литература,
- Работа со ученици кои доживуваат кризи и тешкотии во училиштето или во семејството,
- Подготовка на статистички обрасци за полугодишниот и годишниот успех и за поведението,
- Учество во работата на класниот и на наставничкиот совет за утврдување на полугодишниот и годишниот успех и поведение,
  - Изготвување извештаи за постигнатиот успех и поведение во првото и второто полугодие,
  - Анализа на реализацијата на дополнителната и на додатната настава,
- Изготвување годишна статистика за постигнатиот успех, поведението, оценки по предмети, најдобри класови по успех, најредовни класови, ученици без изостаноци, ученици со незадоволително поведение.

- Министерството за образование и наука воведе измени и дополни во постоечките закони за образование со кои се гарантира правото на образование на децата со посебни образовни потреби во државните образовни институции, нивна инклузија и интегрирање во постоечките образовни институции и гарантирање на истите права на образование, како и за сите други, согласно на нивните интелектуални можности, интереси и амбиции. За таа цел во нашето училиште се вработи и дефектолог кој работи индивидуално со децата со посебни потреби по посебно утврдена програма за работа. За истата цел и наставниот кадар беше обучен за работа со деца со посебни потреби и изготвува посебни програми за истите и изработува и индивидуален план на работа – ИОП. Дефектологот заедно со наставниците потпомогнати и од родирелите ги идентификува и работи со ученици со следните видови на попреченост:

  1. Деца и младинци со пречки во развојот – со телесна, ментална и сетилна попреченост; 2. Слепи и слабовидни ученици; 3. Глуви и наглуви ученици, 4. Ученици со пречки во говорот, 5. Ученици со телесен инвалидитет, 6. Деца и младинци со тешкотии во однесувањето; 7. Деца и младинци со хронини заболувања и други телесни оболувања поради кои се на долготрајно болничко или домашно лекување, 8. Деца и младинци со емоционални потешкотии, 9. Деца и младинци од социјално, културно и материјално деprивирани средини, 10. Деца и младинци без родителска грижа или со намалена грижа и/или злоупотреба, 11. Ученици без родители, 12. Ученици на бегалци или раселени лица Следната анкета говори за ангажираноста на стручната служба во однос на подршката на децата со посебни потреби.Мнозинството односно 83,9 од испитаниците сметаат дека стручната служба се залага во подршката на учениците со ПОП.

## 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Индикатор:

**Професионален и кариерен развој на наставниците**

СУГС гимназија „Никола Карев“ - Скопје согласно со развојното планирање утврди подрачја на промени и приоритети - стратешки цели, и тоа
Како прва стратешка цел е ставена Квалитетна, планирана и современа настава;
Во рамките на истата се следните развојни цели:
1. Планирање на професионалниот развој на наставниот кадар

2. Надградба на постојната ИКТ опрема, ефикасно користење на ИКТ опрема, е-содржини и електронска табла при реализација на наставните содржини и наставниот процес.

Наставниците се главниот носител на образовниот процес во училиштето како преку реализацијата на наставата и наставните содржини, така и преку директниот контакт со учениците, со што го остваруваат не само своето образовно влијание, туку и воспитно. Во современи услови на постојани и фреквентни промени се јавува и континуирана потреба од нивни прилагодувања, што го прави процесот на професионално усовршување на наставникот поголем предизвик. Раководниот тим на училиштето вложува сериозни напори во професионалниот развој и усовршување на наставниците.

Вложувањето во професионалниот развој на наставниците се одвива на неколку нивоа и тоа преку:

-Подобрување на редовната работа на наставникот во приодот кон планирањето и подготовките за настава,

-Зголемување на компетенциите на наставникот во однос на реализација на наставата и професионалното усовршување во рамките на матичната научна дисциплина,
-Подобрување на стручноста на наставникот во однос на вреднување на знаењата и постигнувањата на учениците,

-Зголемување на сензибилноста на наставникот како задолжителен субјект во односот наставник-ученик кој подразбира контакт со личноста на ученикот со неговите когнитивни, конативни, емоционални и социјални карактеристики.

Училиштето вложува континуирани напори во следење и обезбедување на потребите на наставниците за нивниот професионален развој. Во изминатите две години еднаш годишно се доставуваат анкети до наставниот кадар: со цел идентификувања на потребите за вид на обуки кои би ја подобриле и олесниле работата. Училиштето обезбедува менторство за секој приправник или наставник кој има потреба од стручно водење и совладување вештини во работата, притоа располага со програма за менторство и менторирање на работата на наставник приправник.

Училиштето има стратегија во однос на професионалниот развој на наставниците која се реализира во текот на летните и зимски периоди од годината кога не се реализира настава со учениците. Во изминатите четири години реализирани се обуки по иницијатива на самото училиште од областа **тим и тимска работа (тимбилдинг).**

Училиштето вложува напори во развивање на механизми за оддавање на признанија на кадарот, во текот на учебната 2013-14 година беше изработен *Правилник за наградување и казнување* во кој прецизно се опишани различните облици на зголемени вложувања на наставниците во работата и нивно наградување со цел да се стимулираат. Во 2018 и потоа во 2024 се спроведе ревидирање на правилникот за наградување, со тоа што се дискутираше на активите за предлог-промени на правилникот на наградување. Наставниот кадар има портфолија за своето образование и професионален развој.

Во училиштето се изработува и *Програма за професионален развој* на наставниците како пишан документ кој ја опишува веќе постојната стратегија на училиштето во напорите за професионален развој на наставниците

## 6.5. Финансиско работење во училиштето

Индикатор:

**Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет**

Во нашето училиште се води материјално и финансово сметководство, се изготвуваат финансови извештаи, завршни пресметки, попис на основните средства и други извештаи.

Училиштето има три жиро-сметки и тоа:

-1600103336-603-17 финансирана од Министерството за образование и наука, каде што се добиваат средства за плати на вработените и некоиматеријални трошоци.

-7850103336-903-17 финансирана од основачот каде што се префрлаат средства за материјални и други трошоци.

-78501033336-787-12 сметка за самофинансирачки активности
Ако се работи на проект, тогаш тој си има посебна сметка
Активности во рамките на финансовото работење се:
•финансиски планови за работата на училиштето;
•Прегледи и други извештаи за материјално-финансиско работење;
• Изготвување завршни пресметки;
•Набавка на нагледни средства со кои ќе се подобри работата и квалитетот на наставата;
•Опремување на кабинетите со современи нагледни средства;

•Реконструкција на спортската сала и уредување на дворот;
•Набавка на книги за библиотеката и збогатување на книжниот фонд;
•Доопремување на училниците со училиштен инвентар и
•Средување на технички проблеми ( топлинска енергија, водоводна и електрична инсталација и др. од сличен карактер).

Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење

Спроведувањето на постапките за јавни набавки на училиштето е во согласност со законските прописи. Редовно се изготвува план за набавки во тековната година по видови на производи.
Планот за јавни набавки се презентира и усвојува од страна на *Училишниот одбор*. Се известува и финансиерот - Министерството за образование и наука, како и основачот - Град Скопје.

Постапката за јавни набавки ја спроведува комисија за јавни набавки составена од претседател и најмалку два члена со мандат на две години и право за уште две години. Членовите на комисијата ја сочинуваат тројца претставници од наставниците .

Раководниот кадар ги разбира механизмите кои може да се користат за стекнување на дополнителни финансиски средства.

До *Училишниот одбор* редовно се доставуваат извештаи за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето

Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет

Училиштето ги информира органите и телата на училиштето за училишниот буџет и трошењето. Раководниот орган доставува информации за средствата со кои располага училиштето. Информациите се доставуваат на наставничките совети, на состаноците со стручните активи, на состаноците со комисиите и тимовите за реализација на активности, доколку е истото наменски и соодветствува нареализацијата на активностите. Во неколку наврати во текот на учебната година раководниот орган на училиштето дискутира со наставниот кадар за потребите на наставниците, стручните активи и училиштето воопшто и за соодветно наменско користење на расположивите средства. Раководниот кадар ги консултира вработените за начинот на кој се потрошени одредени средства кога е тоа потребно.

Дел од расположивите средства се планира за реализација на креативни цели кои подразбираат афирмација на способностите на учениците, подобрување на нивната работа и посредно вложување во одржување на имиџот на училиштето.

Дел од расположивите средства се планира за реализација на креативни цели кои подразбираат афирмација на способностите на учениците, подобрување на нивната работа и посредно вложување во одржување на имиџот на училиштето.

1. Буџет на Република Македонија

   СУГС гимназија „Никола Карев” - Скопје се финансира од Буџетот на РСМ (Министерство за образование и наука). Од 2006/07 година со промена на **Законот за средно образование** како основач на средните училишта во

Скопје се јавува Град Скопје, а во исто време градот се јавува и како финансиер.

2. Вонредни приходи

 ● закупнина од фискултурна сала;

 ● издавање на потребна документација (дупликати);

 ● донации, подароци.

 Податоците за целокупното финансиско работење на училиштето (приходи, расходи) се приложени во завршната сметка за тековната година.

Според спроведената анкета на тврдењето ***„Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има донесено пишан документ во кој се регулирани процедурите за обезбедување и распределувањето на финансиските средства“*** ,58,1 % од наставниците потполно се согласуваат дека училиштето ги информира органите и телата за училишниот буџет, 16,1 % делумно се согласни а 19,4% од испитаниците делумно не се согласуваат дека редовно се информирани за буџетот.



## *Резиме на подрачјето „РЕСУРСИ“:*

### Клучни јаки страни

-Убаво уреден двор со трева , цвеќиња, патеки, амфитеатар, паркинг за велосипеди;

-Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за практична настава, аудио- визуелни и ИКТ опрема и континуирано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови;

- Има пристап до интернет во училниците и наставничката канцеларија е поврзана преку безжична мрежа заради потребите од работење со е-дневник;

- Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и воннаставните активности согласно со планот на училиштето;

-Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошоците;

-Буџетот се користи наменски и за креативни цели кои се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развој на училиштето во целина.

## Слаби страни

- Бројот на ученици не соодветствува на современите методи за реализација на наставата;
- Во училиштето не се изработуваат доволно проекти со кои се конкурира за добивање на финансиски средства и техничка помош;
- Подобрување на организацијата на работа во смисла на усогласување на потребите на човечките ресурси и материјалните ресурси

- Инсталирање на повеќе рутери за подобар и побрз интернет во сите училници и кабинети.

## Идни активности

-Поредовно информирање на вработените за планирањето и распределбата на училишниот буџет и трошоците;
-Подготовка на проекти со кои се конкурира за добивање на финансиски средства и техничка помош;
- Инсталирање на повеќе рутери за подобар и по брз интернет покривајки ги сите училници и кабинети

  -Поради рамниот покрив на училиштето имаа можност да се стават сончеви колектори коишто ќе служат за загревање на вода за потребите на училиштето.
- Што се однесува за искористување на просторните капацитети, има можност за преуредување и адаптирање на еден дел на подрумските простории и нивно оплеменување во работен простор.
- Потреба од паркинг простор се уште постои

Подрачје 7

# УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

**Методолошка рамка за подрачјето „УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА“:**

Преглед на документација преку архивски метод

- Статут на училиште
- Документација на УО (записници, одлуки, извештаи)
- Деловник за работа на УО
- Годишна програма за работа на училиштето
- Програма за работа на директорот
- Развоен план на училиштето
- Акциони планови
- Записници од наставнички совети
- Записници од Совет на родители
- финансиски план, записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни);
- Деловодник за работа на УО
- Записници од ученички парламент за избор на претставници;
- План за развој на училиштето;
- Програма за работа на директорот;
- Програма за професионалниот развој на директорот

Метод на интервју и метод на анкетирање

- Разговор со наставници, стручна служба и директор

- Анкета спроведена на ученици, родители и наставници

## 7.1 Управување и раководење со училиштето

Индикатор:

**Управување со училиштето**

Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор (УО) кој е конституиран согласно со законската регулатива и Статутот на училиштето, на ден 25.2.2010 година.

Училишниот одбор брои дванаесет члена: тројца претставници од основачот на училиштето – Град Скопје, тројца претставници од родителите на учениците, еден член од Министерството за образование и наука, еден член од Стопанска комора и четири претставници од наставниците.

Улогата на УО во училиштето согласно законот е насочена кон управување со училиштето, а притоа ги уредува, предлага,одобрува и контролира сите документи кои се потребни за правилна реализација на планираната образовна дејност во училиштето. УО го донесува Статутот, Годишната програма за работа и го усвојува извештајот за работа; распишува јавен оглас за именување на директор; предлага годишен финансиски план до Министерството, предлага завршна сметка; дава мислење во врска со приговор на наставник и стручен соработник за оценката на нивната работа; ја разгледува реализацијата на Годишната програма за работа; разгледува и други прашања утврдени со Статутот на училиштето.

Претставникот на деловната заедница учествува во работата на Училишниот одбор, но нема право на учество при гласањето и донесувањето на одлуките.

При конституцијата на УО се води грижа за правична застапеност на мажи и жени и на општествените и етнички групи, но понекогаш има одстапки.

Во согласност со новиот Закон за средно образование изготвен е и Деловодник за работа на УО (на ден 01.4.2007 година) чии надлежности за управување се јасно дефинирани со Деловник за работа. Состаноците на УО се одржуваат во присуство на мнозинството на членови од УО.

За работата на УО се водат записници изготвени од записничар и заверени од секретарот на училиштето. УО не секогаш редовно, детално и целосно го информира наставничкиот совет, кој е дел од воспитно-образовниот систем, за својата работа и донесените одлуки. Записниците од состаноците ретко се објавуваат на огласната табла, определена за таа намена или преку службениот меил до сите вработени (од 54 и 55 седница).

Датумот, дневниот ред и материјалите за работа навремено се доставуваат до членовите на УО. Тоа им овозможува квалитетна и успешна работа.

Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури.

При конституирање на УО се води сметка за учество на родителите согласно законската регулатива и ги вклучува предлозите и идеите на родителите и учениците во креирање и водење политики во кои се афирмира инклузивноста и меѓуетничка интеграција на младите .

Училиштето се залага за исполнување нови проекти, го поттикнува работењето на наставниците на полето на изучување јазици, унапредување на информатичката технологија, зајакнување на образовните техники и методи. Сето

тоа е поткрепено со обуки на професорите кои своето знаење го презентираат преку учество на многу проекти на меѓународно и државно ниво.

Според изработените анкетни прашања доделени на наставниот кадар, родителите и учениците, добиени се следните одговори :

По спроведената анкета, на тврдењето ***„Учениците се доволно вклучени во процесот на донесување одлуки“*** Од 231 испитаници најмногу одговориле дека делумно се согласуваат - 76 испитаници (32,9%), потоа делумно не се согласуваат - 50 испитаници (21,6% ) потполно се согласуваат - 69 ученици (29,9%), и потполно не се согласуваат 36 испитаници (15,6%).



На тврдењето ***„Одлуките што ги носи Училишниот одбор се објективни и транспарентни“.*** Од наставниците најмногу одговориле дека потполно се согласуваат 15 (48,4%), делумно се согласуваат 9 (29 %), делумно не се согласуваат 5 (16,1 %), и потполно не се согласуваат по 2 испитаници (6,5 %).



На тврдењето ***„Училишниот одбор ги вклучува предлозите и идеите на родителите во креирањето и водењето на политики во кои се афирмира инклузивноста, меѓуетничката***



***интеграција и младинското учество“*** од 318 родители најмногу одговориле дека потполно се согласуваат 148 (46,9%), делумно се согласуваат 134 (42,1 %), делумно не се согласуваат 28 (8,8%), и потполно не се согласуваат по 7 испитаници (2,2%)

Индикатор:

**Раководење со училиштето**

Раководен орган во училиштето е директорот. Работата на директорот е базирана на новоизработена и прифатена Годишна програма за работа на училиштето, која е заснована на законски и подзаконски акти, во која глобално и поединечно се дефинирани и опфатени сите активности што, покрај другите, раководниот орган ќе ги работи и во текот на 2022/2024 година.

Раководниот орган при определувањето на клучните политики на училиштето, клучните документи и стратегии има општа идеја за стратешка определба на училиштето заснована врз дефиниран четиригодишен развоен план. Во него се предвидени да се обезбедат соодветни услови за функционирање на училиштето, обезбедување на наставни средства и матријали, самоевалуација и тимска работа за подобрување на климата во училиштето .

Раководниот орган го заснова своето работење врз тимска работа, преку вклучување на вработените, поточно активите во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет. Досега немало ситуација да треба да се делува одбранбено кон секаков вид коментари и критики.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Визијата на училиштето е да се стреми да биде почитуван партнер во заедницата, да претставува безбедна средина со пријатна клима за работа на учениците,која ќе овозможи стекнување на квалитетни, трајни и применливи знаења и вештини,

подготвувајќи ги учениците за комплетно вклучување во современите општествени текови.

Раководниот орган демократски и објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес врз основа на факти и ја промовира добрата практика што постои во училиштето; донесува одговорни одлуки; има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој; успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем; се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план/програма, редовно се самоевалуира, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето; воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница, вклучувајќи партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието. За таа цел повремено стручните служби изготвуваат и анкети, проверки на е-дневникот, водење на административни документи итн.

Раководниот орган со човечките реакции се справува со трпеливост, сослушување, нуди решение за да се надмине проблемот. Во спротивно изрекува писмени и усни опомени.

Раководниот орган на училиштето е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста, меѓуетничката интеграција во образованието и младинско учество.Остварува соработка со Младински образовен форум (МОВ), Италијански институт – Данте Алигиери, LEAD, Erazmus и други.

Раководниот орган е доволно фокусиран на мисијата и визијата како стратешка определба на училиштето, поточно: има професионален однос кон работата, донесува одговорни одлуки; промените во образованието без потешкотии ги имплементира во училиштето; има чувство за одговорност и ефективно комуницира со вработените; доволно се фокусира на приоритетите

идентификувани во развојниот план/програма кој најчесто се превземени од извештаите на активите; воспоставува партнерства во непосредната локална средина; воспоставува партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество; своето работење го засноваат врз тимска работа.

Раководниот орган на училиштето е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста.

Во однос на транспарентност, продукти, задолженија- раководниот орган се изјасни дека како прв бенефит за транспарентното донесување на одлуки им е сослушување на класните совети, наставнички совети, Училишниот одбор, потоа демократска расправа и интерен договор во менаџерскиот тим како и консултација за одредени проблематики со соодветно стучниот кадар во училиштето. Продуктите и задолженијата се потпираат врз донесените одлуки и соодветни правни решенија.

Раководниот орган за донесување на финансиските одлуки и планови се базира на планот за јавни набавки креиран со претходни консултации со активите за своите потреби. Изворот на финансиските средствата е градот Скопје. Правниот сектор на училиштето сооветно ги регулира ресурсите на училиштето со доверители и со коминтетнти на кој што издава школските простори. Средствата најчесто се вложуваат за: нужните потреби на кабинетската настава, инфраструктурата на училиштето за квалитетно функционирање, достапност на сите учлни и простории, опрема ( надгледни средства ) за It настава, грижа за спортската сала,дворната површина, парно, водовод и др.

Според изработените анкетни прашања доделени на наставниот кадар, родителите и учениците, добиени се следните одговори :

На тврдењето ***„Раководниот орган објективно се поставува, го следи и вреднува работењето на***



***вработените“,*** од вкупно 31 испитаници - вработени, добиени се следните одговори. Потполно се согласувам – 18 испитаници (58,1 % ), Делумно се согласувам - 9 испитаници (29 % ), Делумно не се согласувам - 2 испитаници (6, 5 % ), Потполно не се согласувам - 2 испитаници (6,5 % ).

На тврдењето ***„Раководниот орган во центарот на своето работење ги поставува постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето“*** Од 318 испитаници - родители, 159 одговориле дека потполно се согласуваат (50 %), 131 делумно се согласуваат (41,2 %), 20 делумно не се согласуваат( 6,3,% ) и 8 потполно не се согласуваат (2,5% ).





На тврдењето „***Училиштето е добро раководено“*** Од 319 испитаници, 201 одговориле дека потполно се согласуваат (63 %), 97 делумно се согласуваат (30,4 %), 16 делумно не се согласуваат( 5 % ) и 5 потполно не се согласуваат (1,6 % ).

На тврдењето ***„Раководниот орган во центарот на своето работење ги поставува постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето“,*** од вкупно 31 испитаници- наставници, добиени се следните одговори: Потполно се согласувам – 19 испитаници (61 ,3 % ), Делумно се согласувам - 8 испитаници (25,8% ), Делумно не се согласувам - 2 испитаници



(6,5 % ), Потполно не се согласувам - 2 испитаници (6,5 % )

На тврдењето „Учениците се доволно вклучени во процесот на донесување одлуки“, од вкупно 231 испитаници - ученици, добиени се следните одговори. Потполно се согласувам -69 испитаници (29,9% ), Делумно се согласувам – 76 испитаници (32,9% ), Делумно не се согласувам – 50 испитаници ( 21,6% ) , Потполно не се согласувам- 36 испитаници (15,6% ).



Индикатор:

## Јасност и соодветност на мисијата и визијата

Мисијата и визијата на училиштето се два витални елементи кои не само што го дефинираат неговото постоење, туку и му даваат насока и значење. Тие претставуваат основниот столб на кој се гради целокупната образовна и културна филозофија на институцијата. Во суштина, мисијата опишува зошто училиштето постои, додека визијата го опишува неговиот сакан идеален напредок и развој. Во оваа воведна анализа, ќе истакнаме значењето на мисијата и визијата на училиштето и нивната важност во формирањето на образовната заедница и однесувањето кон постигнување на заедничките цели.

Важноста на мисијата:

Мисијата на училиштето е неговото срце и душа. Таа го дефинира објектот на неговото постоење и ги одредува целите и вредностите кои се почитуваат во институцијата. Преку мисијата, училиштето го комуницира својот ангажман кон образование и развојот на учениците. Таа не само што создава јасна рамка за активностите на училиштето, туку и го вовлекува менаџерскиот тим,наставниците, родителите и учениците во заедничката визија и мисија на институцијата. Мисијата го подигнува степенот на одговорност и ангажман на сите вклучени страни кон постигнување на образовните цели и создава култура на успех и вредност.

Мисијата на гимназијата "Никола Карев" во Скопје е да обезбеди квалитетно и современо гимназиско образование во стимулативна и здрава средина. Целта е да се инвестира во напредокот и истакнувањето на индивидуалните способности на секој ученик, така што нивното знаење и креативност ќе бидат пример за следните генерации. Главната идеја зад мисијата е да се обезбеди образование што ќе ги подготви учениците да станат граѓани на светот, кои ќе бидат влијателни и пример за идните генерации.

Важноста на визијата:

Визијата на училиштето е прашањето "Каде сакаме да бидеме?" Таа ја формира сликата за идеалната иднина на училиштето и ги поставува амбициозните цели и очекувања за неговиот развој и напредок. Визијата инспирира, мотивира и организира училишната заедница кон постигнување на високи стандарди и постојан развој. Таа создава универзална рамка за активности и иновации, привлекувајќи талентирани наставници, одговорни ученици и воведувајќи ги новите образовни технологии и методи. Визијата го формира идентитетот на училиштето и го поставува како клучен играч во образовниот систем.

Визијата на гимназијата „ Никола Карев“ е да биде почитуван партнер во заедницата и да претставува безбедна средина со пријатна работна атмосфера за учениците. Целта е да се обезбеди стекнување на квалитетни, трајни и применливи знаења и вештини, што ќе ги подготви учениците за целосно

вклучување во современите општествени текови. Оваа визија ги нагласува значењето на училиштето како место каде се раѓаат нови идеи, се негуваат талентите и се унапредува знаењето.

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција и младинско учество, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на мисијата и визијата. Вработените добро ги познаваат и разбираат мисијата и визијата, а останатите чинители се запознаени со нив. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (вработените, структурите во училиштето, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на мисијата и визијата. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата.

Индикатор:

## Процедури за креирање на училишната политика

Училишната политика има клучна улога во управувањето со училиштето и обезбедувањето на квалитетно образование за учениците. Оваа политика ги насочува целите на училиштето и генерално го воспоставува организационото функционирање во училиштето. Таа не само што ги утврдува правилата и стандардите за работа, туку и ги осигурува механизмите за проследување и имплементација на политиките.

Одредени аспекти од училишната политика се особено значајни:

**Национално и локално усогласување**: Училиштата треба да обезбедат дека нивната политика е во согласност со националните и локалните образовни политики. Ова означува дека училиштата треба да бидат внимателни при креирањето на своите политики, за да се обезбеди синхронизираност и соодветност на рамките за образование.

**Имплементација и надгледување:** Директорот на училиштето е одговорен за имплементацијата на училишната политика и неговото надгледување. Ова означува дека менаџментот на училиштето треба да биде активно вклучен во следењето и осигурувањето на спроведбата на политиките.

**Учество на заинтересираните страни**: Училиштето треба да вклучи вработени, родители и ученици во креирањето и ажурирањето на своите политики. Ова осигурува широка поддршка и вклученост на сите заинтересирани страни во процесот на одлучување.

**Фокус на учениците**: Конечниот цел на училишната политика треба да биде подобрување на образовните постигнувања и благосостојбата на учениците.

Затоа, при креирањето на политиките, фокусот треба да биде на потребите и интересите на учениците.

**Информираност и валидност:** При креирањето на политиките, училиштето треба да се консултира со актуелните академски истражувања и да се базира на валидни информации. Ова гарантира дека политиките се базираат на докажани методи и стандарди за постигнување на најдобрите резултати за учениците.

Во целиот процес на креирање и имплементација на училишната политика, есенцијално е да се применуваат стандардни процедури и да се обезбеди синхронизираност со законските и регулаторни барања. Ова гарантира легитимност и ефикасност на училишната политика и ја подобрува квалитетот на образованието во училиштето.

Овие чекори се одличен водич за развивање на политики во училиштето, кои се усогласени со потребите на учениците, вработените и целокупната училишна заедница. Да ги анализираме воедно:

1. **Препознавање на потребата од политика:** Првиот чекор е да се препознае потребата од одредена политика. Ова може да вклучува идентификување на недостатоци, проблеми или потреби во различни аспекти на училишното функционирање.

**2. Собирање на потребни факти**: Следно, потребно е да се соберат релевантни факти и информации за да се разбере состојбата на училиштето и да се препознаат можните решенија.

Обезбедување на препораки: На основа на собраните факти, треба да се обезбедат препораки за акции или политики кои би можеле да ги адресираат и решат препознаените проблеми или потреби.

**3. Разговор, дебата и одлука за материјата**: Ова е важен чекор каде што се остварува дијалог меѓу различните заинтересирани страни, вклучувајќи ги учениците, вработените и родителите, за да се разговара за предложените препораки и да се донесе одлука за следните чекори.

**4. Нацрт план за реконструкција и надоградување на училишни простории**: Ако политиката се однесува на реконструкција или надоградба на училишните простории, следниот чекор е да се разработи нацртен план за ова.

**5. Споделување на политиката со заинтересираните страни**: Политиката треба да се сподели со сите заинтересирани страни за да се обезбеди поддршка и вклученост.

**6. Усвојување на политиката**: Одлучувањето за усвојување на политиката се прави на основа на разговорот и дебатата од претходните чекори.

**7. Дисеминација на политиката**: По усвојувањето, политиката треба да се дисеминира и комуницира на сите заинтересирани страни.

**8. Спроведување, оцена и преглед:** Конечно, политиката треба да се спроведе и да се изврши оценка и преглед за да се провери дали дава очекувани резултати и да се применат неопходните корекции ако е потребно.

Со овие чекори се обезбедува систематичен и прецизен пристап кон развивањето и имплементацијата на политики во училиштето, што ги подобрува условите за учење и успешноста на учениците.

Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, младинско учество , намалување на сите видови насилства во училиштата, намалување на семејното насилство, антикорупциска едукација на учениците, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, итн. Вработените, структурите во училиштето, учениците и оста натите чинители активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките, како и во активностите за нивно остварување.

Индикатор:

**Резултати од развојното планирање**

Успешното развивање и напредокот на секое училиште зависи од чврстата посветеност и преданост кон постигнување на своите цели и визии. Во нашето училиште, прегледот и анализата на резултатите од развојното планирање не само што претставуваат важен дел од нашата учебна методологија, туку и се основа нашата ангажираност кон постојано подобрување.

Во овој контекст, нашето училиште се фокусира на чекорите што ги превзема за да ги оствари своите стратегии и цели, преку Програма за развој на училиштето која се донесува и опфаќа период од 4 години, поставување на акциски планови што ја реализираат истата. Секогаш јасно се дефинираат активностите, терминте и учесниците, осигурувајќи прегледност и одговорност во процесот на реализација.

Како дел од развојниот план, активно ги следиме и евалуираме резултатите, особено на успехот на нашите ученици, што е централен аспект од нашата мисија. Анализата на овие резултати не само што не открива негативности, туку и ги препознава истите како точки за подобрување и влиае врз можностите за подобрување на нашите методи и практики.

Како постојан дел од нашата ангажираност кон заедницата, ние ги информираме за нашата настава, учениците и родителите за целите и резултатите што треба да ги постигнеме, давајќи им динамичен преглед на напредокот.

Ќе вложиме напори и ќе се трудиме да ги постигнеме целите, ќе продолжиме да ги следиме нашите акции и да ги евалуираме резултатите, осигурајќи сѐ поконзистентна евалуација на процесот.

**СУГС гимназија „Никола Карев“ – Скопје согласно со развојното планирање има утврдено подрачја на промени и приоритети – стратешки цели, и тоа: Квалитетна, планирана и современа настава:**

Имплементација на современи наставни методи и техники.

Примена на иновативни образовни практики и технологии.

Креирање на годишни, тематски и дневни планови за наставата, вклучувајќи ги и диференцирани практики за учениците со посебни потреби.

Континуирана евалуација и анализа на наставните практики за да се осигура квалитетот на наставата.

**Подобрување на редовноста и успехот на учениците и климата во училиштето:**

Имплементација на програми и активности за поддршка на учениците во постигнувањето на нивните образовни цели.

Креирање на клима на учење и заедништво што ги вклучува учениците, родителите и наставниците.

Редовна евалуација и мониторинг на редовноста и успехот на учениците, со имплементација на корективни акции каде што е потребно.

**Осовременување на просторните капацитети на училиштето и училишниот двор:**

Реновирање и модернизација на училишната инфраструктура, вклучувајќи ги училниците, лабораториите и спортските објекти.

Креирање на стимулативни училишни околини што ќе ги поттикнат учениците на активно учество и учење.

**Интензивирање на соработката со институциите на системот и социјалните партнери:**

Ефективна комуникација и соработка со училишната администрација, местната заедница, родителите и другите образовни институции.

Организирање на заеднички проекти и иницијативи што ќе го засилијат партнерството и вклученоста на училиштето во заедницата.

**Развиена програма за работа на училиштето во вонредни услови**: Изработка на кризни планови и процедури за постапување во случај на вонредни ситуации, како што се природни катастрофи или кризни ситуации. Обезбедување на тренинг и обука за персоналот и учениците за да се подготват за справување со потенцијални вонредни ситуации.

**Подобрување на комуникациските вештини:**

Изработени се протололи за комуникацијата во училиштето, вклучувајќи го развивањето на ефективни методи за комуникација со учениците, родителите и колегите.

**Подобрување на училишната култура:**

Креирана е позитивна и инклузивна училишна култура, што вклучува развивање на стратегии за поддршка на различни потреби на учениците и наставниците.

**Професионален развој/стручно усовршување на кадарот**:

**Тренинзи и работилници**: Организирани се работилници за наставниците за усовршување на управувачките вештини, како и за употреба на нови технологии и методи на подучување. Се вршеше размена на искуства меѓу професорите / стручните активи од користењето на ИКТ опремата и е- содржините

**Менторство и колегијално учење:** Поставување на систем за менторство и поддршка помеѓу наставниците, каде искусните наставници можат да ги поделат своите знаења и искуства со помладите колеги. Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење и реализира пренос на знаењата кои кадарот ги стекнува на обуките вон училиштето.

**Професионални развојни планови**: Одредување на индивидуални професионални развојни планови за секој наставник, кои ги вклучуваат нивните цели и активности за стручно усовршување. Училиштето има изготвено програма за професионален развој на наставниот кадар и врз основа на професионалниот развој на наставниците ќе се направи програма за училиштето.

Материјално-технички средства и инфраструктура:

**Обнова на техничката инфраструктура:** Идентификување на потребите за обнова на техничката инфраструктура на училиштето, вклучувајќи ги компјутерските лаборатории, интерактивните табли и друга опрема.

**Подобрување на библиотеката** : Инвестирање во обнова на книжниот фонд со цел да се обезбеди широк пристап до образовни материјали за учениците и наставниците.

**Инвестиции во училишните средства:** Осигурување на доволно буџетски средства за набавка на наставни средства, материјали и технички уреди за поддршка на наставата.

Резултатите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите и тој план го реализира.

## Дескрипција од интервју со директор

**1. Кои се вашите идеи практики и стратегии поврзани со мисијата и визијата на училиштето?**

СУГС гимназија „Никола Карев“ - Скопје, претставува една целина во која се имплементирани различни стратегии и различни практики од повеќе подрачја врз основа на која се градат мисијата и визијата на училиштето. Моја главна обврска и задача е да ги претворам мисијата и визијата на училиштето во

реалност преку кои ќе се поттикнат учениците и наставниот кадар кон постигнување и реализирање на нашите заеднички цели.

Интеграција на современи наставни методи:

Примена на интерактивни и дигитални алатки во наставата за да се направи процесот на учење поинтересен и интерактивен.

Воведување на проектно-ориентирана настава која ги охрабрува учениците да работат на реални проекти и проблеми, поттикнувајќи креативност и критичко размислување.

Организирање редовни обуки и семинари за наставниот кадар за запознавање со најновите образовни трендови и методологии.

Поттикнување на наставниците да учествуваат во меѓународни конференции и работилници за размена на искуства и добри практики.

Индивидуален пристап кон учениците: Развивање индивидуални образовни планови заученици со посебни таленти и потреби.

Обезбедување менторска поддршка за учениците преку назначување на ментори кои ќе ги следат нивните академски и личен развој.

Поттикнување на истражување и иновации:

Оганизирање на натпревари и изложби за претставување на иновативни идеи и проекти на учениците.Создавање стимулативна, здрава и безбедна средина:

Обезбедување модерни и добро опремени училници и лаборатории.

Поттикнување на спортски и вонnаставни активности кои ќе придонесат за целокупниот развој на учениците.Редовна самоевалуација и повратни информации:

Спроведување на редовни анкети меѓу учениците, наставниците и родителите за собирање повратни информации и идентификување на области за подобрување.

Воведување на систем за следење на напредокот на учениците и ефективноста на наставните методи.

Соработка со заедницата и партнерства.

Осигурување дека сите ученици, без оглед на нивниот статус, имаат еднакви можности за учење и развој.

Промовирање на култура на почитување, толеранција и инклузивност во училиштето.

Преку овие идеи, практики и стратегии, целта е да се обезбеди средина во која секој ученик може да ги развие своите способности и да се подготви за иднината, истовремено придонесувајќи за позитивен имиџ и развој на нашето училиште како почитуван партнер во заедницата.

**2. Кои се најважните аспекти на вашиот образовен модел што се фокусира на подобрување на квалитетот на наставата?**

СУГС гимназија „Никола Карев“ - Скопје, има обврска да обезбеди квалитетен образовен модел чиј фокус е насочен кон неколку клучни аспекти кои директно придонесуваат за подобрување на квалитетот на наставата.

Индивидуален пристап кон учениците- Секој ученик има уникатни способности, интереси и афинитети, воведуваме индивидуалини наставни планови кои ги приспособуваат методите и материјалите за учење според потребите на секој ученик.Назначување ментори кои ќе го следат напредокот на учениците и ќе им пружат дополнителна поддршка кога е потребно.
Професионален развој на наставниот кадар- Организираме редовни обуки, семинари и работилници за наставниците за запознавање со најновите методи на

настава и образовни трендови. Поттикнуваме размена на искуства и добри практики меѓу наставниците преку внатрешни состаноци и меѓународни конференции. -Интерактивна и современа настава- Интегрираме технологија во наставата преку употреба на интерактивни табли, таблети и образовни софтвери кои го прават учењето поинтересно и ефикасно.Применуваме проектна работа која ги охрабрува учениците да работат на реални проблеми и проекти, развивајќи критичко размислување и креативност.

Оценување базирано на компетенции- Преминуваме од традиционалните методи на оценување кон оценување базирано на компетенции, кое вклучува континуирано следење и оценување на вештините и знаењата на учениците. Користиме формативно оценување за да обезбедиме постојана повратна информација за учениците и да го насочуваме нивниот напредок. -Поттикнување на истражување и иновации- Формираме научни клубови и лаборатории каде што учениците можат да работат на свои истражувачки проекти и да ги развиваат своите иновативни идеи. Организираме натпревари и изложби за претставување на иновативни проекти и идеи на учениците.-Поддршка за ментално здравје- Обезбедуваме програми за поддршка на менталното здравје на учениците, вклучувајќи советување и психолошка поддршка.

Соработка со родителите и заедницата- Вклучуваме родителите во образовниот процес преку редовни состаноци, работилници и заеднички проекти.

### 3. Како учествуваат вработените, родителите и учениците во формирањето на мисијата и визијата на училиштето?

Учеството на вработените, родителите и учениците во раководењето и организирањето на гимназијата е од суштинско значење за успешна имплементација на мисијата и визијата на училиштето. Еве како ги вклучуваме сите релевантни страни во овој процес:

Организираме редовни состаноци и работилници на кои наставниците и останатите вработени имаат можност да дискутираат и даваат предлози за мисијата и визијата на училиштето.

Поттикнуваме отворена комуникација и размена на идеи за подобрување на наставниот процес и училиштната средина.

Вработените активно учествуваат во процесот на стратешко планирање преку работни групи и комисии кои се фокусираат на различни аспекти од училиштниот развој.

Формираме совети на родители кои редовно се состануваат за да дискутираат за мисијата и визијата на училиштето, како и за тековните активности и проекти.

Родителите се вклучени во донесување одлуки кои влијаат на образовниот процес и средината на училиштето.

Организираме отворени форуми и консултации каде што родителите можат да дадат свои идеи и мислења за подобрување на училиштето.

Вклучуваме родителите во волонтерски програми и иницијативи кои имаат за цел подобрување на училишната заедница и поддршка на наставните активности.

Учениците имаат свои претставници во училишната заедница кои активно учествуваат во дискусиите за мисијата и визијата на училиштето.

Поттикнуваме учениците да предложуваат идеи и проекти кои ќе го подобрат училиштниот живот и наставниот процес.

Спроведуваме редовни анкети меѓу учениците за собирање на нивните мислења и предлози во врска со училиштниот развој.

Учениците се охрабруваат да дадат своја повратна информација за наставата и училиштната средина.

Организираме заеднички настани и активности каде што вработените, родителите и учениците можат да соработуваат и да ги споделуваат своите идеи.

Воведуваме механизми за редовна комуникација и соработка меѓу сите учесници во образовниот процес.

Поттикнуваме отворена и транспарентна комуникација преку различни видиви на електронски платформи и редовни состаноци.

Овозможуваме секој учесник да биде информиран и вклучен во процесот на донесување одлуки.

**4. Кои се конкретните активности што ги применувате за поддршка на активностите за инклузија и меѓуетничка интеграција?**

Во СУГС гимназија „Никола Карев“ - Скопје, се спроведуваме неколку конкретни активности за поддршка на инклузијата и меѓуетничката интеграција:

Приспособување на наставните планови за да одговараат на потребите на учениците со посебни образовни потреби.

Обука на наставниците за инклузивни наставни практики и техники за диференцијација на наставата.

Организирање на работилници и проекти коипромовираат културна разноликост и меѓуетничка соработка.

Вклучување на теми за различни култури и традиции во наставните програми.

Спроведување на заеднички проекти и активности каде што учениците од различни етнички заедници работат заедно.

Поттикнување на тимска работа и меѓусебно почитување преку проектни задачи и групни активности.

Организирање на мултикултурни настани и денови на разноликост и изложби.

Претставување на различни култури преку музика, танц, храна и уметност.

**5. Како го поставувате професионалниот развој на наставниците како приоритет, во контекст на мисијата и визијата на училиштето?**

Организираме континуирани обуки и семинари за најновите наставни методи и образовни технологии.

Воведуваме менторски програми каде што искусни наставници ги поддржуваат помладите колеги.

Поттикнуваме внатрешна и меѓународна размена на добри практики преку конференции и работилници.

Изработуваме индивидуални планови за професионален развој согласно со потребите и интересите на секој наставник.

Спроведуваме редовни процеси на самоевалуација и обезбедуваме конструктивна повратна информација за наставниците.

Со овие активности обезбедуваме дека наставниците се добро подготвени и мотивирани да ги остваруваат мисијата и визијата на училиштето, нудејќи квалитетно и современо образование.

**6. Какви се вашите стратегии за унапредување на постигнувањата на сите ученици, во рамките на Вашиот образовен модел?**

Стратегиите за унапредување на постигнувањата на сите ученици се базираат на неколку клучни аспекти:

Пристапуваме кон секој ученик индивидуално, овозможувајќи им наставни планови приспособени на нивните потреби и интереси.

Постојано инвестираме во обука и развој на наставници, со цел да ги усовршат своите методи на предавање и да се запознаат со најновите образовни трендови и технологии.

Создаваме поддржувачка средина преку програми за менторство, каде што ученици и наставниците им помагаат на ученици кои чуствуваат потреба, со цел да се олесни нивниот училишен и личен развој.

Поттикнуваме активна соработка со родителите и локалната заедница преку редовни состаноци, работилници и настани, со цел да се обезбеди поддршка и мотивација за учениците.

Овие стратегии се насочени кон создавање на стимулативна образовна средина во која секој ученик може да ги оствари своите максимални потенцијали.

**7. Како ги остварувате активностите за младинско учество и како се вклучуваат учениците во креирањето на училишната визија?**

Активностите за младинско учество ги оствaруваме преку формирање на ученичка заедница каде учениците можат активно да се вклучат и да предлагаат иницијативи и на тој начин индиректно да се вклучат во донесувањето на одлуки. Учениците се вклучуваат во креирањето на училишната визија преку редовни состаноци, анкети и работилници каде што ги изразуваат своите идеи и предлози, кои потоа ги интегрираме во стратегиите и плановите на училиштето.

**8. Кои се соодветните институции со кои училиштето соработува за остварување на своите цели, според мисијата и визијата?**

Училиштето соработува со Министерството за образование и наука, локалната самоуправа, универзитети, невладини организации, компании и меѓународни образовни мрежи. Овие институции ни помагаат во остварувањето на

нашите цели преку обезбедување на ресурси, обуки, и поддршка за нашите образовни и развојни програми.

9. **Кои се најголемите предизвици што ги среќавате во соработката со соодветните институции и како се справувате со истите?**

Најголемите предизвици во соработката со соодветните институции обично вклучуваат бирократски процеси, недостаток на финансиска поддршка и различни приоритети . За да се справиме со нив, ние поставуваме јасни комуникациски стандарди и влегуваме во процес на преговори и на тој начин ги решаваме настанатите проблеми и недоразбирања а во исто време активно работиме на градење на доверба и партнерство.

Следната група на прашања се однесуваат на тоа како училиштето работи за креирање, подобрување и имплементација на различни политики со цел подобрување на образовниот процес и заштита на учениците и вработените.

**10. Кои се процедурите што ги применувате за донесување на училишната политика и како се вклучени различните чинители во таа процедура**?

Првиот чекор е да се препознае потребата од одредена политика, понатаму потребно е да се соберат релевантни факти и информации за да се разбере состојбата на училиштето и да се препознаат можните решенија. Се формира работен тим од наставници,ученици родители и администрација во зависност од тоа за што се однесува училишната политика. Организираме средби и консултации каде што сите чинители имаат можност да изразат свои предлози и мислења. Креираме деловен план и стратегии кои ги одразуваат заклучоците од консултациите и анализите. Имплементираме политики и процедури според потребите во околината. Со овие процедури, гарантираме широко вклучување на сите релевантни чинители во формирањето на училишната политика.

**11. Можете ли да споделите некои конкретни примери за подобрување на училишните политики што ги применувате за унапредување на квалитетот на работење во училиштето**?

Процедура за поддршка на ученици со тешкотии во учењето;

Процедура за поддршка на ученици со телесен инвалидитет;

Правилник за регулирање на изостаноци;

Протокол и критериуми за упис на ученици во втора трета и четврта година

**12. Како ги вклучувате учениците во креирањето и подобрувањето на политиките, специфично што се однесува до инклузија, меѓуетничка интеграција и младинско учество?**

Формирање на ученичкиа заедница: Учениците имаат можност да изберат свои претставници во ученичка заедница кои ги претставуваат нивните интереси и ги донесуваат нивните предлози за политики.

Организираме дискусии и работилници каде што учениците имаат можност да изразат свои мислења, предлози и забелешки за политиките, вклучувајќи ги инклузијата, меѓуетничката интеграција и младинското учество.

Креираме механизми за собирање на мислењата и предлозите на учениците преку анкети, записници од ученичи паралелки кој се водат на класен час за одредени проблеми во класот.

Некои ученици можат да бидат поканети да учествуваат во различни работни групи каде што се обработуваат и разработуваат политиките

**13. Како работите на намалување на сите видови на насилство во училиштето и семејнотонасилство, и кои се главните предизвици што ги среќавате во тоа?**

Во училиштето девизата е нула толеранција за насилство. Во учебната 2020/2021 година од страна на Активот на стручни служби на средните училиште беше изготвен Протокол за постапување при соочување со насилство. Протоколот

има за цел да едуцира и креира безбедна средина и е наменет за сите засегнати страни во училиштето.

**14. Кои се вашите мерки за антикорупциска едукација и како ги интегрирате тие во училишната политика**?

Едукација на учениците за природата на корупцијата, негативните последици и начините за спречување. Развивање на морални и етички вредности: Промовирање на почит, интегритет и одговорност преку активности и дискусии во рамките на училишната заедница.

Интеграцијата на овие мерки во училишната политика се прави преку вклучување на антикорупциските насоки и стандарди во училишните кодекси на однесување, развивање на програми за обука и свесност, како и редовна евалуација на ефикасноста на применетите мерки.

<u>На крај би сакала да ми го објасните начинот на кој училиштето ги проследува и оценува резултатите од развојното планирање.</u>

**15. Како ги дефинирате и мерите резултатите од развојното планирање, и како тие резултати одговараат на мисијата, визијата и вредностите на училиштето?**

Резултатите од развојното планирање ги дефинираме и мериме со помош на конкретни цели што ги поставуваме во планот за развој. Овие цели треба да бидат мерливи и во согласност со мисијата, визијата и вредностите на училиштето. Мерењето на резултатите може да вклучува преглед на програмските постигнувања на учениците, резултати од тестовите и процентот на завршување на учениците, резултати од анкети и анкети за задоволство на родителите и учениците, како и вкупно вклученост и ангажираност на заедницата.

**16. Како изгледа вашиот план за следење и самоевалуација, и кои се основните индикатори што ги користите за мерење на остареноста на целите?**

Нашиот план за следење и самоевалуација вклучува редовно прегледување на напредокот кон постигнување на целите преку следење на следните основни индикатори:Ги користиме идикаторите за квалитетна настава на училиштето од државниот инспекторат како и :

Како што се оценки, резултати од стандардизирани тестови и испити.Процент на учениците кои успешно завршуваат годината или гимназијата. Резултати од анкети и анкети за задоволство.

Нивото на учествување на заедницата во различните училишни активности и настани.

Преглед на резултатите од обука и развој на наставниците.

Овие индикатори ни помагаат да го процениме напредокот кон постигнување на нашите цели и да применуваме корективни мерки каде што е потребно.

**17. Како ги информирате наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат, и како ги вклучувате во динамиката на реализација на плановите?**

Редовни средби, електронска пошта, огласна табла и социјални мрежи се користат за информирање наставниците, учениците и родителите за поставените цели и резултатите.

Организирање на родителски состаноци каде што се претставуваат и образложуваат целите и стратегиите за постигнување на резултатите.

Ученичките совети и анкети се користат за собирање на мислењата и предлозите на учениците, како и за преглед на нивното задоволство и мислење за постигнатите резултати.Организирање на обуки и работилници за наставниците и родителите за да ги запознаеме со плановите и стратегиите за постигнување на резултатите и како да ги поддржат во реализацијата на истите.

Ова ги вклучува наставниците, учениците и родителите во динамиката на реализација на плановите преку активна комуникација, ангажман и соработка.

## Дескрипција од интервју со секретар

**1. Раководење со училиштето**

Моите работни обврски се: целокупно работење во однос на административно правната област (изготвување одлуки, решенија, известувања, дописи, преписки интерни во училиштето и екстерни со надворешни институции..), а во однос на училишниот одбор (сремање на целокупната документација за седниците на одборот и изготвување на записник).

**2. Цели (Мисија и визија) и креирање на училишна политика**

Мојата улога е да се стремам сите документи кои се носат како одлуки на раководниот орган да бидат подготвени во рамките на правото и законските прописи во Република Северна Македонија. Во постапките за креирање на училишната политика, вклучени се: одговорното лице на училиштето; административно-правна служба, стручна служба, раководител на смена, помошник директор и Училишниот одбор и Наставничкиот совет како тело. Сите заинтересирани субјекти (наставници, родители и ученици) се информираат преку известувања, огласна табла, маил комуникација. Во составот на училишната политика на СУГС "Никола Карев" Скопје, влегува Правилник за систематизација на работни места.

**3. Развојно планирање**

Одговорни за годишното планирање се менаџерскиот тим, сметководителот и благајникот. Постојат активности за долгорочно планирање и планирањето се базира на податоците.

## Дескрипција од интервју со дефектолог

1. Каква политика училиштето применува за учениците со различни спсобности и предиспозиции?

За учениците со различни способности каде што спаѓаат ученциите со посебни потреби и посебни образовни потреби се изработува ИОП (индивидуален образовен план) или диференциран план (пристап) за оние ученици за кои не е потребно намалување на програмата однсоно потребно е само модифицирање и прилагодување на начинот на оценување.

- Годишна програма за работа на дефектолог
- Месечна програма за работа на дефектолог
- Годишна програма за работа на инклузивен тим
- Програма за работа со ученици со посебни образовни потреби (наративна)
- Годишна програма за работа со ученици со посебни образовни потреби (акциски план)
- Правилник за изработка на ИОП
- План за работа со родители на дефектолог
- Процедура за поддршка на ученици со тешкотии во учењето (не е поминат на совет)
- Процедура за поддршка на ученици со телесен инвалидитет (не е поминат на совет)

## Дескрипција од интервју со педагог и психолог

**1. Кои се постапките во креирањето на училишната политика? Кој се е вклучен во неа?**

Директорот на училиштето како носител.

Стручната служба како координатори и советници. Предметни наставници како реализатори, иницијатори соодветно на поптребите и плановите.

**2. Која е вашата улога во креирањето на училишната политика?**

Како координатори и советници, како носители на одредени сегменти, како директни изработувачи на одредени сегменти

**3. Дали за таквата политика се информираат сите заинтересирани субјекти (наставници, родители и ученици) Како?**

Да – преку веб страната на училиштето, преку соработка и информирање на училишните тела како Совет на родители, Ученичка заедница, наставнички совети .... ; вклучување на родители и ученици при подготовка на одреден докумнети и политики.

**4. Дали училиштето има политика и правилници во врска со дисциплината и дисциплинските мерки, поведението, насилничкото однесување, сексуалната злоупотреба и дискриминација?**

Изработивме Пишана процедура за постапување во ситуации на кршење на правилата во училиштето и ги опфаќаат придружните документи – куќен ред,кодекси на однесување, упатство за изрекување на педагошки мерки, програми и политики за псравување со насилство, оваа година ќе с едополни постоечката програма за спаравување со насилство и со дел за постапување во ситуации на родово базирано насилство.

**5. Каква политика имате во врска со давањето поддршка на учениците, за унапредување на здравјето, разрешување на кризни состојби или за друга релевантна локална проблематика?**

ПРОГРАМА ЗА ГРИЖА ЗА ЗДРАВСТВЕНО - СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА УЧЕНИЦИ И КУЛТУРА НА ЖИВЕЕЊЕ

-Програма за поддршка и грижа за психосоцијален развој и ментално здравје кај учениците -Протокол за постапување во кризни ситуации = Протокол за кризна интервенција

**6. Каква политика имате за учениците со различни спсобности и предиспозиции? -Програма за работа со надарени ученици и препознавање и идентификација на надарени ученици**

Програма за работа и поддршка на ученици со посебни образовни потреби, Програма за работа на инклузивни тимови на училиштето

7. **Каква е јазичната политика на училиштето?(кои јазици се изучуваат има ли билингвални паралелки)**

Не - билингвални паралелки нема

Единствено училиште во кое се изучува ИТАЛИЈАНСКИ јазик како втор задолжителен странски јазик

8. **Кој е одговорен за годишното планирање? Дали постојат активности за долгорочно планирање?**

-Директорот како носител, потоа стручната служба во координација со тимовите во изработка и финална подготовка и стручните активи односн предметни наставници во облик на тимови во подготовка на одделните подрачја.

-Подолгорочни планирања се реализираат за подгоовка на Развојната Програма и план на училиштето.

**9. Како и дали планирањето се базира врз податоците?**

Да, врз основа на анализи, податоци и состојби добиени со самоевалуација, извештај од интегрална евалуација, но и мислења и препораки од стручните активи.

**10. Како обезбедувате планирањето да биде реално и да вклучува практични инструменти за следење на неговиот напредок?**

Како погоре и истовремено со подготовка на акциски планови за реализација, определување на улоги и задолженија на вработените вклучени во реализација иако повремено дел од задачите се автоматизирани и недостасува конкртеен операционален пристап во релизацијата.

## *Резиме на подрачјето „УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА“:*

### Клучни јаки страни

- Раководниот тим на училиштето успешно ги индентификува потребите за стручно усовршување на кадарот. За таа цел, однапред се планираат обуки и семинари според детектираните потреби на наставниот кадар. Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење и континуирано ја следи примената на стекнатото знаење од усовршувањето.

- Училиштето постојано ја проширува соработката со социјалните партнери во опкружувањето, со единиците на локалната самоуправа, НВО и граѓанскиот сектор. Успешно воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница, вклучувајќи партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетичка интеграција во образованието.

- Училиштето е во постојан контакт со родителите, кои се задоволни од начинот на управување и раководење на менаџерскиот тим на училиштето.

- Наставниот кадар е задоволен од работата и соработката со педагошко-психолошката служба.

- Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за учениците со посебни образовни потреби, за инклузија, младинско учество, намалување на сите видови насилства во училиштата, антикорупциска едукација на учениците, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите.

## Слаби страни

- Потешкотии во комуникацијата помеѓу наставниот кадар во училиштето.

- Соработката и учеството на родители во креирањето на развојните политики не е доволно. Имено, нема доволна ангажираност на училиштето за воспоставување систем за ефикасно и ефективно мотивирање и активирање на родителите во работата и во активностите на училиштето.

## Идни активности

- Да се креира систем за поголема вклученост на учениците и родителите во процесот на донесување на одлуки на сите нивоа.
- Да се развие подобра процедура за мотивирање на поголем број родители и ученици кои ќе учествуваат во креирањето на развојните политики на училиштето, како и нивно активна вклученост во реализација на стратешките цели.
- Да се продолжи осовременување на наставата, опремување на кабинети и обновување на инфрастуктурата на училиштето.